# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Четириесет и петтата седница
на Собранието на Република Македонија, одржана на
10 декември 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Господине Караџоски, вие имате реплика од вчера?

Повелете, имате право на реплика 3 минути.

(Реакции во салата во смисла на негодување поради тоа што пратеникот кому се упатени репликите не е присутен во салата).

Тогаш кога ќе дојде господинот Бејта, ќе добиете збор за реплика.

Збор има господинот Ефтим Манев.

Не е тука.

Потоа е господинот Јусуф Арифи.

Не е ни тој присутен.

Господинот Чедомир Краљевски.

(Укажување дека господинот Јусуф Арифи е присутен)

Тука ли е?

Повелете господине Арифи.

По него е Чедомир Краљевски, ако е тука ако сака да дојде.

ЈУСУФ АРИФИ:

Почитуван господине претседателе, почитуван министер, почитувани дами и господо,

Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија за граѓаните на Република Македонија претставува историски момент, зашто на дневен ред се наоѓа предлог законот за формирање на Тетовскиот универзитет.

Причината мојата дискусија да ја започнам спомнувајќи ја оваа точка од дневен ред е дека  оваа точка претставува главен мотив на ВМРО-ДПМНЕ за поднесување интерпелација на министерот за образование и наука. Со ова тие се обидуваат да ја дискредитираат личноста и делото на господинот Положани, кој задачите што ги имаше пред себе успешно ги изврши во текот на  неговото едногодишно работење како член на Владата и министер за образование.

Свесни дека господинот Положани беше еден од главните фактори за постигнување на договорот и за реализацијата на проектот како што е Тетовскиот универзитет, проект што се постигна врз основа на меѓуетничкото разбирање и без посередување на надворешниот фактор. За мене, токму поради оваа причина претставува еден проект со историска вредност, факт кој многу му пречи на ВМРО-ДПМНЕ. Господинот Азис Положани во времето кога се формираше Владата имаше храброст да ја преземе должноста, задачата да го води Министерството за образовние и наука иако знаеше дека во рамките на ова министерство, дека во ова министерство состојбата беше хаотична со многу незавршени работи, со наследени неправилности во финансиите во ова министерство и во однос на средствата од приватизацијата на Телеком, капитални средства од 6 милиони евра за училишта. Два милиони евра беа доделени, беа дадени за вооружување во текот на кризата, а другите средства, што во текот на поранешното владеење на ВМРО-ДПМНЕ почнаа да се реализираат од 2001 година.

Од контролата и ревизијата извршена врз постојните документи што се наоѓаат во Министерството за образование се констатираа големи нерегуларности во процесот на работопримачот. Секогаш се ангажирале мал број на градежни претпријатија, како на пример од Охрид, претпријатија од Охрид со кои што се направени договори во рок од три години. За неколку договори вредноста е 5 милиони евра. Со оглед на фактот дека голем дел од документацијата тогашниот државен секретар ги има повлечено од Министерството за образование со неговото заминување од оваа функција, можете да замислете до колкава мера беа злоупотребувани средствата од Телекомот. Тоа се гледа во фактот дека тие мислеле оправдано да ги земат сите тие документи. Потоа се изградени многу скапи училишни објекти за многу мал број ученици. Како на пример училишниот објект во село Њеманци Светиниколско каде што во едно училиште има само мал број

ученици потрошени се 4,5 милиони евра. Имам информација дека овие средства биле предвиден за изградба во училиштето во Боговиње, што е останато само во првата фаза на изградба, немајќи конседерации кон многу тешките состојби во кои се наоѓаат учениците од ова училиште.

Освен ова, поранешното министерство почна да гради училишта на приватно земјиште без да добие дозвола за изградба и за што се сега во судска постапка. Како пример, почетокот на работите околу изградбата на гимназијата "Зеф Љуш Марку" што се гради на приватно земјиште и за кое што не е добиена градежна дозвола. Друг пример за злоупотреба може да се спомнати анекс договорите за дополнување на основните договори. Имаме случаи кога овие договори биле правени три пати, иако тие се анекс договори, претставуваат само зголемување на основниот договор.

Почитувни колеги,

Доколку продолжиме да разговараме за злоупотребите што се правени од ВМРО-ДПМНЕ како носител на власта тогаш, може да разговараме цели денови, посебно за поранешното Министерство за образование.

Што се однесув до обвинувањата поднесени од парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ за одредени точки немам ниту намера да дискутирам. А, во односна обвинувањето дека господинот Азис Положани има спроведено проширувње на паралелки во Скопје и Куманово, колку за информација, на барање на родителите албанци направен е конкурс за 14 други паралелки. Проширувањето на паралелките за 2003/2004, каде што наставата на албански јазик се реализираше во Средното медицинско училиште во Скопје од три предвидени паралелки се формирани 5 паралелки. Во Средното училиште "Никола Штејн" во Тетово од 12 паралелки бројот е зголемен на 14. Во средното училиште "Моша Пијаде"во Тетово бројот на паралелките се зголемува за 2. Во Техничкото школо "Буџони" во Куманово бројот на паралелките се зголемува за една, а во Средното училиште "Перо Наков" во Куманово, бројот на паралелките се зголемува за една, во Гимназијата "Гоце Делчев" - Куманово исто така за една паралелка, Средното училиште "Панче Поповски" во Гостивар, бројот на паралелките е зголемен за една и тоа во Неготино. Во Средното училиште "Нико
Нестор" за две паралелки.

Почитувани колеги, колку беше оправдано проширувњето на бројот на паралелките, може да се види од статистичките податоци. Во учебната 2002/2003 година основно образование завршиле 38.000 ученици на државно ниво. Од нив

1200 следеле настава на македонски, 9.000 на албански јазик. Запишани на прва година средни училишта во учебната 2002/2003 година се 26.400 ученици, што значи дека вкупнот број на ученици кои завршиле основно образование во средното образовние се запишани 28,6%. Од нив 20.200 на македонски јазик, односно 95,67%. Според ова произлегува дека нема потреба за натамошно проширување на паралелките за учениците кои следат настава на македонски јазик. А 9.000 од децата кои следеле настава на албански јазик во прва година во средното образование се запишани 5.700 ученици односно 63,6%. Што значи дека еден број од 3.300 ученици кои следат настава на албански јазик немаат можност да го продолжат нивното образовние во средно училиште.

Од ова произлегува дека е повеќе од потребно да се прави секоја година, да се зголемуваат паралелките на албански јазик. Ова претставува и обврска на Владата за да овозможиме еднакво образование на сите оние, и дека може сите оние кои што сакаат да го продолжат средното образование.

Со интерпелацијата на министерот за образование, предлогот за основање на Тетовскиот универзитет претставува како противуставен проект, исто така во интерпелацијата се прави обид на овој проект да се даде карактер на политички мотиви, со што се прави обид да се докаже дека албанците немаат потреба од овој универзитет, туку се користи како инструмент за да се постигнат политички мотиви, политички цели. Како доказ на спротивното е се поголемиот број матуранти албанци кои сакаат да го продолжат високото образование, кои немаат можност да се опфатат со разни квоти или да студираат на приватни универзитети поради нискиот економски стандар.

Почитувни колеги,

Доколку направиме една анализа на дискусиите на колегите од парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ, тогаш многу лесно може да ја откриеме целта, нивната цел за интерпелацијата покрената против министерот за образовние. Интерпелацијата се бара на иста седница кога на дневен ред се наоѓа и формирањето на Тетовскиот универзитет. Со ова се прави обид, преку деградирање на работата и личноста на министерот Положани, да се спречи да се опструира процесот за донесување на овој закон.

На крајот, на господинот Положани му посакувам успешна работа, исто така да го уверам дека ќе има поддршка на секој проект со кој што ќе се подобри квалитетот на образованието.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Една информација. Дневниот ред го определува Претседателството на Собранието, така што нема никаква врска помеѓу интерпелацијата и Тетовскиот универзитрет. Затоа тука сакав да ве искорегирам, бидејќи при крај направивте еден сомнеж дека е намерно интерпелацијата ставена во врска со Тетовскиот универзитет. Овие две точки немаат никакви допирни нешта.

Бидејќи господинот Невзат Бејта е тука, господине Караџоски, дали имате реплика?

Нема. Заврши репликата на господинот Караџоски.

Трендафилот Ѓорѓи дали имаше реплика за Невзат Бејта? (Нема)

Господине Мавровски вие имате реплика на дискусијата на господинот Бејта? (Да)

Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Почитуван претседтеле, почитувани колеги,

Вчерашниот говор на господинот Бејта ме изненади во многу ситуации, затоа што цело време слушам Монастири, Монастири и денеска Скупи. Мислам дека сме во Македонија исто и Битола, едно многу убаво име. А, инаку, за се друго што говореше тотално ги изврти тезите. Почнувајќи од тоа дека еве, учениците во Гостивар биле контролирани, дека не излегле на демонстрации, затоа што професорите ги имале под контрола. Но, цела Македонија виде дека и во Гостивар и во Дебар господата професори, кои не ги видов, но учениците сигурно, по четворица во ред беа излезени и кажуваа “Битола да се смири, затоа што Битола ќе гори” и “Битола не ја даваме” и многу такви напишани пароли што ги видовме сите. Што се случи, незнам.

Зборувате за успехот на нации, успехот на ученици. Сигурно дека секој успех е индивидуален. Јас говорев вчера за паралелката во Битола, каде што кажав дека има 11 одлични ученици, 18 многу добри, но треба да знаете една работа, дека да исполните услов и да бидете запишани во една гимназиска паралелка треба да имате повеќе од 75 или 78 поени. А, во Битола се случи години наназад и со 80 поени децата да не бидат запишани во гимназиска паралелка. Значи, и тие 11 супер одлични повторно е прашање дали ќе ги исполнат да ја прават таа паралелка. Тоа е првото. Мислам дека тие деца се инкорпорираа во школството и во образованието во Битола. Многу од нив се запишани во Средното техничко, во Медицинското, во

Државното средно училиште и во Гимназијата. Значи, сега повторно ги вадите од процесот на образовние и ги спремате да завршат на мајчиниот јазик, а после тоа државата има потреба од тие кадри за да влезат и да работат. Јас имам многу пријатели албанци кои завршиле на македонски јазик, многу добро го познаваат македонскиот јазик,. работеле заедно со мене во РЕК “Битола” а работат и сега. Така што воопшто не чуствувам некој проблем меѓу нив и мене и нема ни да чувствувам. Но, ако човекот дојде во РЕК “Битола” и се постави за некој важен раководител, незнам како ќе ги пренесува наредбите ако од основното до факултетското образование завршува и учи само на албански јазик. А, тука имаме човек кој е потпретседател на Владата, кој не го знае македонскиот јазик.

Значи, овие тези се извртени затоа што знаете како и на кој начин ја донесовте демократијата и ја протежиравте демократијата во 2001 година, подобро и од мене.

А, за ова што говорите, за кадрите од новиот универзитет во Тетово, да ве потсетам само една работа, дека во Битола имаше отворено правен факултет кој репродуција огромен број на правници кои за жал и покрај тоа што се оспособија...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Заврши ја трите минути господине Мавровски. Ве молам завршете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ме предупредивте, само една реченица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, заврши ја трите минути.

Ве молам, такво правило се вопостави, ги прекинувам сите, па затао ве молам.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Добро ќе се јавам за дискусија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Нема проблем јавете се за дискусија.

Повелете господине Бејта, една минута.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Господинот Мавровски треба моите дискусии да ги земе и да се освести како пратеник кој доаѓа од Битола. Доколку не знае што значи зборот Битола, односно

Манастир, треба да направи истражување и да види дека и тоа е убаво име. А за нас  Битола е Монастир а не Битола.

Во Битола се направени работи што не соодејствуваат со човештбвото. Горени се имотите на албанците. Во Битола гореле имоти на верници кои не се православци. Вие таму како пратеник, треба да работите да ги зближувате луѓето независно на која заедница припаѓаат.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски вие се јавивте за реплика, на кого?

(Пратеникот Коце Трајановски, бара збор процедурално).

Поведлете, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, сметав дека требаше да реагирате, бидејќи топонимите не се преведуваат или не се преименуват. А Битола, си е Битола. Можел да има 300 имиња претходно, но сега е Битола. Можеби генезата на ваквиот говор е малку подлабока. Сега Скопје, ќе го викаме Скупи, па незнам кои други градови, како што сметав дека вие требавте да реагирате дека нема овде во Македонија Монастири или нешто друго. Има Битола. Ако продолжите вака да не реагирате, во тој случај цела Македонија ќе ги добие имињата и од римскиот и незнам од кога.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Стојановски вие имате реплика, на кого?

Господиноте Невзат Бејта дискутираше вчера. Вие вчера не се пријавивте за реплика. Затоа сега неможам да ви дадам збор за реплика.

(Реакции)

Вие можете да барате реплика на последниот дискутант. Ве молам, вчера имаше реплики и реков ќе ги продолжиме, а вашето име не беше вчера овде за реплика.

(Пратеникот Стојановски реагира од место - Рековте дека утре ќе ги предложиме репликите).

Точно, но не се јавивте. Не може сега да се јавите. Сега можеме денеска да имаме реплики.

(Реакција од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

Вчера кој се јави, се јави господинот Спиро Мавровски, се јави господинот Караџоски за реплика. Беа овде на екранот.

(Рекации од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ во смисла дека продолжува денеска)

Да, за тие кои беа пријавени. Тие кои беа пријавени овде.

(Реакции и негодувања од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

Добро, во ред. Ајде, вие ако не сте во право по мое, еве повелете имате реплика.

Господинот Стојановски, реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Навистина се работи за продолжение на вчерашната седница и од тие причини сакав да му одговорам во текот на вчерашната седниц. Меѓутоа, денеска е моментот кога можам да ја искажам својата реплика. Таа се однесува на следното:

Господинот Бејта во својот говор единствено зборува за образование на албански. А јас ви кажувам дека проблемот не е во случајот во учениците, туку проблемот е во тоа што не зборувате за образование на сите граѓани во оваа држава. Затоа што тоа создава впечаток дека кај учениците македонци, дека за нивните проблеми апсолутно никој не се грижи. Ова, особено имајќи го предвид случајот Шемшево, каде учениците македонци сеуште неможат да посетуваат настава. Со тоа само се потврдува констатацијата дека на вас не ви е важен квалитетот на образованието и образовните стандарди, туку само јазикот на кој што се изведува наставата.

Ова се причините што создаваат чувство на дискриминација кај македонците, меѓутоа, не само ова. Истовремено барате легализација на малоречанскиот универзитет, а истовремено заборавате дека постои Штуловиот универзитет и постојат сите оние квоти што се во корист на албанската етничка заедница и во корист на нивното образовние. Односно остварување на нивното право на образование.

Од сите овие причини сметам дека кога зборуваат македонците за остварувње на правата на образование на учениците македонци тие се националисти, а кога зборуваат албанците само за остварување на правата на учениците албанци тие се граѓански определени и проевропски определени. Мислам дека ова се двојни страндарди што директно нанесуваат штета на евроатланската определба на Република Македонија и на остварување на правата и слободите и на македонците и на албанците односно на секој граѓани во Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Следниот дискутант е г. Чедомир Краљевски, но не е присутен.

Повелете г. Ефтим Манев, а нека се подготви пратеникот Зиди Џелили.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре Положани.

По однос на точката на дневниот ред интерпелацијата за министерот Азис Положани која е поднесена од опозицијата, сметам дека во вчерашниот ден се дадоа доста податоци со кои министерот направил повреди во своето работење и грешно ја водел политиката во Министерството за кое се изнесоа доста факти и аргументи за истата работа.

Од опозицијата сме свесни дека не сме во состојба да разрешиме министер или да го принудиме да си даде оставка. Ние даваме иницијатива на позицијата која бира Влада и ги разрешува министрите односно ги именува. Од сето тоа, по однос на наодите во интерпелацијата и говорите кои беа изнесени од колегите пратеници со кои се укажуваше на грешките во работењето, сметам дека добар дел од истите беа аргиментирани и на основа на кои министерот сноси одговорност за своето работење.

Не би сакал да повторам ниту една од тие многу искажани повреди, би се задржал само на две кои даваат доволно аргументи да размисли позицијата дали министерот може и понатаму да раководи со Министерството за образование и наука.

Самиот министер во своето излагање по однос на интерпелацијата не го оспори фактот дека во Република Македонија во почетокот на годината мислам на учебната, па и во текот на цела 2003 година имало настани во образованието и тоа во основното и средното образование во училишта каде учат албанци и македонци, бојкотирање на настава, карање помеѓу ученици, а исто така и меѓу родителите. Тој факт истиот не го оспори, туку призна дека е таков со тоа што наведувајќи дека таквата состојба била и минатата година и пред минатата и 10 години наназад, па во таквиот случај таквото признавање не дава оправдување на самиот министер дека

треба да продолжи и оваа година и наредната година и веројатно наредните 10 години.

Секој министер е одговорен за таквите состојби и тој е должен да не се случува ниту една таква случка, тој наведе дека во Шемшево Владата го решила случајот, но не се постапувало по истото решение. Како може едно Министерство, еден министер да прифати дека го решиле случајот, но не можат да постапат по истиот како што одлучила Владата. Значи, нешто не е во ред, дали ние владееме во Република Македонија како држава, како Влада или не владееме во тие делови. Доколку било кој министер од морални причини ако истиот почувствува дека не може да раководи со тоа за што се договорила Владата останува најхуманиот дел да го направи, да се откаже, доколку Владата не го разреши.

Во ваквиот случај министеро Положани прифаќа дека таквите настани ќе се решаваат во иднина со тек на време. Поминале 10 години, а не сме ги решиле, дали ни требаат уште 10 или 20 години. Ако имало, по однос на таквата состојба, немили сцени во Република Македонија до воен конфликт, до Охридски договор кој договор е имплементиран и влезен во Уставот на Република Македонија и истиот законски се спроведува во одреден период за кој ќе треба, денеска не можеме да се вадиме на тоа дека има нерешени прашања помеѓу Македонци и Албанци.

Сите политички партии се декларираме како во Република Македонија така и надвор дека сожителството во Македонија го градиме на добро ниво. Како можеме да градиме сожителство во Република Македонија во иднина кога нашите училишта во оние делови каде имаме мешано население Македонци и Албанци одиме до тој степен да градиме посебни училишта и тие деца воопшто да не бидат заедно, а каде ќе можат да го градат тоа сожителство понатаму во тие средини каде што живеат кога истите нема да се познаваат од деца. Не можат да се запознаат кога ќе дојдат на работа или кога ќе вршат некои работи, туку голем дел од нив стекнуваат блискост, другарство, пријателство, уште од самите ученички денови. Ние одиме на тоа поле обратно. Настојуваме во сите тие делови да формираме посебни училишта за Македонци посебни училишта за Албанци. Сметам дека тоа не го решил министерот ниту може да го реши во оваа година, па таквата повреда и те како стои.

Друга повреда за која би сакал за два случаи да се изјаснам е повредата на почетокот на учебната година во септември во основните и средните училишта учениците и наставниците тргнаа без дневници. Како може да го оправдаме тој факт, некој од колегите пратеници од позицијата зборуваа дека такво нешто се служувало и во времето на владеењето на министерот Новковски, па дали треба да ни биде

поука она што е погрешно? Дали можат учениците да одат два и пол месеци на училиште без дневници, така се изјасни еден од колегите пратеници дека не е толку голема повреда. Ако не била толку голема повреда, тогаш основното и средното образование би ги изедначиле со високото образование, со факултетите, да доаѓаат кога ќе сакаат, евиденција нема да има, нивното проверување на знаење ќе биде само на испит. Проверувањето на нивното знаење во средното и основното образование е малку поинакво. Јас не би се согласил, па колку сакаат нека бидат колегите предавачи, професори, наставници, иако сум правник, такво нешто не може да се допушти. Ако е допуштено би било регулирано и со закон. Ние не можеме да отстапуваме од законските норми. Не знам каде го наоѓа тоа оправдување да не можат да се најдат дневници, дали биле малку три месеци во летниот период или министерот требало да си преземе такви обврски уште од мај месец и школската година да почне така како е пропишано. Сметам дека тоа е и те како голема грешка, сметам дека учениците два и пол месеци можеа да не одат, а веројатно некои и не оделе, веројатно нема никаква евиденција, не може да се прифати дека ги евидентирале во некои тетратки, списоци затоа што си има пропишана документација како тоа се води кога бил отсутен и каква е проверката на тие ученици, бидејќи во тие два и пол месеци требаше да се добијат и првите оценки, дали наставниците тоа го правеле во тетратки, сметам дека таквите повреди се тешки.

Тоа што го спомнав дека ние од опозицијата ниту можеме да бараме од министерот да си даде оставка, ниту можеме ние да го разрешиме, ние иницираме една постапка на позицијата која ги поставува и која може да ги разрешува односно бира Влада и може да разрешува. Од тоа колегите пратеници од позицијата нека размислат дали ваквите повреди не се повреди или можат да се толерираат. Ако сметаме дека ние се подготвуваме долго време да влеземе во Европска унија и доколку вака работиме далеку е и 2050 година, а не 2012 што ја посакуваме.

Неминовно е еднаш да се почне законито да се работи. Секое незаконито работење повлекува реперкусии. Во политиката има политички последици кој треба да ја отстапи функцијата која ја извршувал, доколку направил повреди од материјална свера, а имаше такви, не сакам воопшто во тој дел да се впуштам, доколку има такви повреди треба на соодветен и дозволен начин да се провери дали има или нема такви и овие кои и самиот министер ги признава позицијата нека оцени дали министерот Азис Положани ќе може и понатаму да го води Министерството за образование и наука.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Манев.

Повелете министре.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Благодарам г. претседател, сакав кратко да одговорам за нешто што се повторуваше тука, вчера мислев дека ќе нема потреба да се каже тоа што е веќе познато и јавно врзано за Шемшево.

Почитуван г. Манев,

Јас знам дека се може да се употребува во дадената цел само сакам и на оние вчера што често се обидуваа да го употребат на начин на кој и вие се искажавте, сакам да објаснам, а не да реплицирам.

Не е точно дека не сум го примил, па било кој да барал средба со мене по било кој проблем, дали група граѓани во врска со образованието принципиелно никого не сум одбил, а уште помалку тие што беа врзани за проблемот Шемшево, вклучувајќи ги родителите Македонци за кои рековте дека не сум имал време да ги примам, што не е точно. Тоа е прво.

Второ, со Владата го реализиравме тој компромис кој беше замислен заедно со родителите од двете јазични групи како да се надмине проблемот. Поради тоа што од нас како Влада зависеше и беше наша должност, ние тоа го реализиравме, но за жал, и покрај таквата реализација на таквиот заеднички договор не само владин договор туку и меѓу нив не успеавме да ги убедиме родителите македонци да ги пуштат децата во Шемшево, што е за жалење. Мојата интенција останува таа, но што е решението. Јас лично не сакам да наметнам решенија и преку таквите решенија кои ќе изгледаат реализација на некоја политичка цел да присилувам луѓе на такво или онакво однесување. На мојот последен состанок со родителите нивното барање беше да им овозможам дали може во Ратае или во Сиричино нивните деца да учат, без разлика што се исполнети условите, пак велем дека не е добро и не е нешто што го посакуваме и затоа сегашното решение за мене е привремено решение и работиме во надминување на препреките кои се во чувствата на луѓето од тој реон каде јас имам разбирање особено за тие кои во одредени околности претставуваат сензитивен не мнозински дел на чувствата да ги разберам и да работиме заедно, парелелно, да ги надминеме тие проблеми. Мислам дека е тоа нашиот пристап во тој однос и дека сум се залагал за посебни школи за Албанци,

посебни школи за Македонци, напротив, кажете еден мој чекор или една моја постапка која водела кон такво нешто. Тоа еден пратеник вчера го рече и тука е проблемот, јас сум се обидувал спротивното и во одредени околности, во одредени амбиенти со такви чувства сепак да направам чекор кон овозможување на тоа заедничко учење во заеднички училишта. Некаде успеавме, некаде не успеавме, сигурен сум дека е така, но нашата интенција е во оваа насока, а покажете ми еден чекор што сум го направил во насока да направам посебни училишта за македонци, посебни училишта за Албанци, што гледано од политички аспект, а ние тоа го третираме, елементарно мора да се каже дека тоа не е точно.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Манев се јавува за реплика, но ве молам да се пријавите оти јас не можам да гледам во салата кој бара реплика, има технички можности за тоа, па притиснете.

Повелете имате една минута контра реплика.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Во целост го разбирам искажувањето на г. министер Азис Положани, тогаш доаѓаме во друга состојба дека министерот Положани нема поддршка од коалиционите партнери за тоа што неспорен факт е дека во Шемшево не одат децата Македонци. Кои се причините?

Прво, една од причините беше да се тргне бистата која беше незаконито поставена.

Второ, каде е македонскиот фактор, бидејќи во Република Македонија 65% во Парламентот е позиција, каде се децата Македонци члeновите на СДСМ да влијаат затоа што луѓето гласаа таму, вчера се изјаснивте дека некој ве спречува тоа да го правите.

Каде се школите во Куманово каде се делат децата, каде се Македонците и Албанците да влијаат кои се на позиција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви истече минутата господине Манев.

Се јавува министерот, но мислам дека не е препорачливо да се реплицира, но повелете министре.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Ако може во функција на разбирање, јас го сваќам тоа како еден културен дијалог.

Видете, не се работи ако сакаме се да сведеме во животот и во нештата во политички партии, тогаш би се согласил со вас господине Манев. Овде се работи за чувства на деца и за чувства на родители. Немојте до тој степен да ги имплицираме политичките партии било кој да се, се работи за чувства на деца и чувства на родители, во молам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот пратеник Зиди Џелили, а нека се подготви пратеникот Ејуп Рустеми.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседател, почитувани дами и господа,

Како и секогаш кога на дневен ред има слични точки како оваа денешната, интерпелација на министерот за образование, во Републичкото собрание се продолжува со стариот стил. Македонската опозиција го напаѓа министерот, наводно дека многу има направено за албанците и наводно дека го има загрозено македонското општество и позицијата задволна со работата на министерот и овој е тој баланс, тоа значи е лошото и ова не кореспондира со реалноста.

Почитувани колеги,

Не само министерот за образование господинот Азис Положани, но секој министер на оваа Влада на чело со премиерот Бранко Црвенковски имаат една должност и една голема обврска да ги исполнат стандардите во Македонија. Стандарди за интегрирање на Република Македонија во семејството на европските држави. Тие стандарди за Македонија се: имплементацијата на Охридскиот договор и секое ескивирање, секое надминување на овој договор ќе ја има судбината на оваа Влада за да одлучи за иднината на оваа земја. Значи, оваа Влада ќе биде таа која ќе одлучи за судбината на Република Македонија. Затоа мислам дека ние треба да му пријдеме на многу реален начин на работата на министерот и на Владата. Не треба со емоции или со темите да ги надминеме многу документи, многу значајни за иднината на оваа земја. Ние немаме зошто да се сакаме меѓу себе. Ние имаме само

еден интерес, а тој интерес е да бидеме еднакви, рамноправни, да бидеме партнери со искреност да одиме само кон развојот и кон интегрирање на Република Македонија. Доколку некој сака, јас би ја спомнал Република Босна и Херцеговина, каде таму народите имаа една голема љубов, но таа луда љубов се знае како заврши. Затоа ние неможеме да се задоволиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за интерпелацијата ве молам.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Ние не можеме да бидеме задоволни за досегашната работа на министерот, кога добро се знае дека имињата на основните училишта во албанските населени места сеуште носат имиња од бившата југословенска република, Моша Пијаде и незнам кои други имиња. Ние неможеме да бидеме задоволни од досегашната работа на министерот за образование кога тој отвора една паралелка во Битола и со договор со партнерот на коалицијата инсценираат протести и незадоволства и еве да направиме компромис повторно на штета на албанците, да го оставиме ова за едно друго време. Ние неможеме да се задоволиме со решението на високото образование на албанците кое денеска е на дневен ред, затоа што е парцијално решение. Затоа, улогата на македонската опозиција да напаѓа и улогата на македонската позиција ајде да се договориме е на штета на албанците. Јас го разбирам министерот за образование Азис Положани и партијата на власт дека им е многу тешко но нека опстојат и нека не бараат ниту помалку, но ниту повеќе. Ниту да го загрозиме некого, ниту да унапредиме некого. Само еднаквост, затоа што само еднаквоста гарантира прогрес, го гарантира постоењето на македонската држава. Секое ескивирање од еднаквоста ќе донесе нови состојби, а за тоа сите вие сте сведоци дека такви состојби сме ги надминале. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Ејуп Рустеми. По него е јавен пратеникот Коце Трајановски.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Имајќи ги предвид насобраните проблеми од минатото во областа на образованието и посебно стагнацијата во одредени сегменти на образование на албанската заедница и другите заедници, природно е сега после Охридскиот договор и создавањето на нова реалност во Република Македонија, тенденцијата на Владата и посебно Министерството за образование за преземање на конкретни чекори е разбирливо, како и за преземање конкретни активности за надминување на оваа состојба. Меѓутоа, секој чекој кој се презема денес од страна на Министерството за образование за подобрување на условите и надминување на оваа состојба во областа на образованието за решавањето на овие проблеми и за ставање на образованието во функција на развојот на општеството наидува на несфатливи реакции за мене, кои се штетни не само за процесот на образование, туку едновремено и за самата држава. Вознемирувачки е фактот дека во 21 век се претендира да се каже дека отварањето на една паралелка на било кој јазик таа да претставува производ на нечија желба или пак да се обвинува министерот за образование дека не подготвил соодветен терен за отварање на некоја паралелка на било кој јазик.

Почитувани пратеници, јас сега би поставил едно прашање. На кој начин може да се подготви теренот за отворање на една паралелка од страна на Владата, односно од страна на министерот за образование. Дали можеби министерот треба да оди во секој дом и кај секој ученик за да го земе нивното мислење и на тој начин да го подготви теренот за отворање на паралелка, или пак министерот треба да го спроведува Законот за основно и средно образование, закон кој што Парламентот го има усвоено.

Почитувани колеги, се разбира дека министерот е обврзан да го почитуван Законот, затоа што не е министерот тој кој што ги прави изменувањата и дополнувањата на Законот, туку тој е обврзан да го почитува законот, во спротивно министерот треба да даде одговор, односно да одговара пред оваа институција, односно пред Собранието. Дека Владата, односно Министерствотоза образование делувало соодветно со отворањето на паралелките, може да се докаже доколку се гледа во Рамковниот договор и основните начела точка 6 став 1 дел од Уставот на Република Македонија кој вели, цитирам: “во однос на основното образование наставата ќе се врши на мајчиниот јазик, односно на целата територија на Македонија ќе се спроведува унифициранаата програма.” Овие се аргументите од кои можам да заклучам дека Владата делувала соодветно со отворањето на паралелките меѓутоа, за жал, некој со намера и политички мотивиран манипулираше

со учениците, водејќи ги на улица за да протестираат против правото на нивните врсници да учат на јамчин јазик што е гарантирано со Уставот, заборавајќи дека образованието е тоа што ги зближува поединците преку взамено комуницирање на вредностите, идеите и визиите и во текот на оваа комуникација и взаемната доверба се зголемува, не само поединците, туку и меѓу другите.

Почитувани пратеници, за да се постигне квалитет во образованието еден од предусловите е и училишната инфраструктура што за жал во некои градови од Република Македонија се во катастрофална состојба. Во Тетово, од каде што доаѓам јас одредени училишни објекти не ги исполнуваат дури ни елементарните услови за настава каде во 30м2 учат 40 ученици, а од недостаток на простор многу училишта се обврзани мирниот наставен процес да го водат и во три смени. Додека во еден друг дел на Република Македонија имаме училишта, според информациите кои ги имам каде наставниот процес го спроведуваат во целодневна настава што е сосема оправдано, меѓутоа и сите услови треба да се воспостават на цела територија на Република Македонија. Тенденцијата на Владата да ја подобри оваа состојба алармантна со училишната инфраструктура се појавува како резултат на лошото менаџирање на министерот за образование, не заборавајќи дека немаше да бидеме во оваа состојба доколку 11 милиони германски марки од средствата од приватизацијата на Телекомот беа наменети за изградба на средното училиште Никола Штејн во Тетово и Зефљуш Марку во Скопје и други да не беа злоупотребени и од овие 11 милиони германски марки да не беа потрошени 4 милиони германски марки за купување на оружје и многу други злоупотреби кои беа правени во минатото.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Разговараме за интерпелацијата за сегашниот министер и сегашната Влада. Затоа ве молам држете се до тоа.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Јас само направив само една споредба со она што се случило во минатото и со тоа што се случува сега. Затоа сосема ја поддржувам Владата и министерот за образование за чекорите кои што ги презема во насока на инвестирање во инфраструктурата на училишните објекти, затоа што мислам дека е на многу добар пат во насока на реформите во образованието што се потврдува и со успешно

затварање на преговорите со Светската банка за финансирање на процесот во образованието.

Почитувани пратеници, преземената иницијатива од страна на група пратеници од опозицијата за интерпелација на министерот за образование се чини дека е мотивиран од политички причини што впрочем, на кого им пречи концептот на Владата што се заснова врз начелата на Охридскиот договор со кои се создаде нова реалност во Република Македонија.

Почитувани господа, јас би се согласил дека долго време образованието било политизирано. Меѓутоа, исто така треба сите да се согласиме дека тенденцијата, ориентацијата на Министерството за образование да се деполитизира образованието, што се потврди со Предлогот на измените на законот кои ја поминаа својата прва фаза во Собранието. Меѓутоа, исто така, ние треба сите да се нагажираме и да го дадеме својот придонес за деполитизација на образованието доколку некој не сака да го даде придонесот за подобрување на квалитетот за деполитизација на образованието би било најдобро во најмала рака да не иницира разни проблеми за блокирање на чекорите кои ги презема Министерството за боразование за осовременување и подобрување на квалитетот во образованието за создавање на вредности во општеството и за подготовка на нашето општество во евроатланските интеграции кон кои сите стремиме. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам што имавте разбирање за мојата забелешка.

Госпоѓа Бонева има реплика.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван господине Рустеми, нам воопшто не ни пречи концепцијата на Владата за спроведување на договореното во Охрид што е имплементирано во Уставот на Република Македонија, ВМРО-ДПМНЕ од македонските партии прва покажа слух за граѓанската непослушност на албанците, кои што бараа високо образование на мајчин јазик и се зафати да го реши тој проблем со Штуловиот универзитет. Да се поврзува интерпелацијата на господинот Положани со реализација на одамна познатото право на албанците на високо образование и изместување на тензиите, зборувавте дека отварањето на паралелките во училиштето во Скопје дека не е виновен министерот, дека тој за немирите кои понатаму се случија, протестите на учениците кажавте дека а дури и карихиравте

дека министерот дали требаше да оди од куѓа на куќа да бидат подготвени за да може да отпочне паралелката со работа и дека Министерството соодветно делувало при отворањето на паралелките и тоа го поврзавте повторно со Рамковниот договор дека децата имаат право на мајчин јазик да учат. Јас можам да кажам само дека треба и вчера тоа го кажав, требаше министерот за образование да спроведе една постапка да ги информира и родителите кои што ги запишале своите деца под одредени услови во тоа училиште Арсениј Јовко и кабинетите кои што се за изведување и на теоретска и на практична настава за овие ученици беа преадаптирани во училници за децата од албанска националност за албанските паралелки, значи без да има претходно мислење ниту од инспекцијата како тоа ќе влијае на спроведувањето на ФАРЕ програмата и на утврдените стандарди. Значи, се работи за почитување на одредени стандарди, кои што не беа испочитувани.

Понатаму, учениците не протестираа против правото на учениците да учат на мајчин јазик. Беше загрозено нивното право на солидно образование. Како ќе ви беше господине Рустеми и на вас како политичка партија, а верувам и на сите родители ако беше обратен случајот. Ако во Арсениј Јовков мноштвото од ученици кои што учеа беа албанци, а се случеше министер од македонска националност, бидејќи вие го делите тоа и велите и во вчерашните дискусии, постојано се нагласуваше дека имаат нешто против македонците, против учењето на детето од албанска националност на мајчин јазик. Тоа е апсолутно изместување на тезите. Значи не се работи за тоа. И вие ќе протестиравте доколку македонски паралелки се отвореа во албанско училиште.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева ви истекоа трите минути.

Повелете една минута контра реплика господинот Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Што се однесува до тетовскиот универзитет немам да кажам ништо сега затоа што ќе имаме можност да разговараме на следната точка 6 од дневниот ред.

Што се однесува до паралелките кои што јас ги истакнав во мојата дискусија, почитувана госпоѓо, вие велите дека некому му е малку нарушен стандардот за образование, меѓутоа не го размислувате спротивното дека некој воопшто не може да учи на својот мајчин јазик. И министерот е обврзан да ги почитува законите за основно и средно образование, како и Уставот. Затоа министерот е за тоа секому да

му понуди тоа што е загарантирано со Устаот и секој да има можност да учи на својот мајчин јазик. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Коце Трајановски, а нека се подготви пратеникот Замир Дика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, јас се извинувам што се јавувам по втор пат. Нема да бидам многу долг, меѓутоа, моето второ јавување е практично говорот, нешто што не беше кажано до сега, што би сакал јас во мојот говор да го потенцирам, а претходниот говор практично ми беше образложување на интерпелацијата и а содржината на таа интерпелација, затоа што ние како пратеничка група кои што ја поднесовме оваа интерпелација, мислиме за господинот Азис Положани како министер за образование во Владата на Република Македонија.

Сакам да потенцирам господине Положани, кога вие дојдовте на власт на 15 септември 2003 година за неполна година ги променивте сите директори на основните и на средните училишта, притоа, неводејќи сметка за квалитетот и за успешноста на директорите кои ги именувавте. Сигурно сите директори не биле успешни, не биле квалитетни, меѓутоа вака ан блок сите да се променат без воопшто да се води сметка, кога тие директори, што има постигнато за годините додека бил директор на тоа основно или на средно училиште. Сигурно дека ќе речете и вие истото го направивте 1998, се надевам дека тоа ќе го кажете, меѓутоа треба да заборавите на тоа, бидејќи 15 септември рековте дека ќе воведете друг начин на работење, дека ќе го подобрите образованието, инаку да споменам дека во образованието состојбата е катастрофална и била и понапред не е уште од сега, во смисол на објектите, училишните згради, во смисол на опремата, школскиот прибор, во смисол на дворовите кои што се таму, на помагалата кои што ги користат учениците, така да од 1998 до 2002 година каде што бев јас пратеник, во таа изборна единица со голем напор, со голем труд, заедно со просветните работници успеавме во добар дел од  школите да ги подобриме тие услови за живеење. Значи на територијата на општина Гази Баба, на територијата на општина Илинден и на територијата на општина Петровец. Се надевам дека беше така во цела Република Македонија, значи во сите градови вклучително, зошто ние сите сакаме нашите деца

да работат во подобри услови, да имаат подобри помагала за работење, се со цел за утре кога ќе заврши школото да бидат поподготвени.

Меѓутоа вие воопшто не покажавте разбирање за оние директори кои што навистина имаа навистина добри резултати, така да се случуваше цели населени места и сите училишни одбори во тие училишта да протестираат јавно, а вие сепак да ги менувате тие директори. Таков беше случајот со с. Љубанци, таков беше случајот со с. Булачани и со уште други. Значи, требаше да ја оцените нивната работа и дури тогаш да извршите нивна промена. Меѓутоа, изгледа партискиот клуч беше најважен, изгледа партизацијата на школството достигна нависок степен, така да за неполна година сите директори на овие основни и средни училишта беа систематски и по клуч сменети.

И тоа не е толку значајно ако се решило оваа Влада да има директори кои што ќе бидат блиски до оваа Влада, се со цел да помогнат повеќе за да бидат подобри условите и да добиеме ние ученици со поквалитетно образование. Меѓутоа, тоа не беше така, бидејќи голем дел од директорите кои што ги наследија овие директори се со многу послаби квалитети, а тоа го покажуваат во самото нивно владеење откако дојдоа на власт.

Во прилог на ова сакам да кажам, за да не биде без аргументација, да ви покажам неколку примери што се се работеше со директорите кои што беа ставени или претходно наследени од ВМРО-ДПМНЕ. Тие директори беа прогонувани на еден многу класичен начин притоа заборавајќи се дека тоа биле директори на основни или на средни училишта, заборавајќи дека тие директори имаат углед меѓу учениците, или би требало да имаат и секоја функција која што е дадена во оваа држава треба да се знае дека и кога ќе ја напушти соодветната личност таа функција, ако нема криминал, ако нема злоупотреби таа личност би требало да се почитува поради функцијата која што ја имала и сите останати директори кои што ќе доаѓаат на овие школи, и ако се сменуваат треба да се има почит кон нивното образование, кон нивната струка, кон сето она што го имаат постигнато. Пак ќе напоменам доколку тие директори не направиле прекршок. Инаку вака се случува едно масивно гонење на тие директори, земање на нивните часови, од нивното матично училиште префрлување во две или три други училишта, а притоа да биде на платен список во матечното училиште, а таму да не предава ниту еден час. И покрај многуте писма г. министре до вас вие сепак не реагирате и не го решавате тој проблем и овие луѓе и понатаму се во агонија. Сега се наведува едно прашање - дали кога ќе се смени оваа власт наредната, или било која, на пример ВМРО-

ДПМНЕ кога ќе дојде дали треба да го прифати овој начин на работење во еден така клучен сектор во Владата на Република Македонија воопшто во нашето живеење како што е секторот на образонавние?

Тука г. министре нема поправка. Ако сега тука се згреши тоа се генерации кои што излегуваат при директорувањето на овие директори и во нивниоте сознанија, во нивните мисли ќе провејува и стално ќе биде забележано едно девијантно работење во образованието, а ние сакаме тие ученици да стекнат едно правно образование за почитување на законитоста, за почитување на Уставот на Република Македонија. За да го поткрепам мојот говор со ова ќе напомнам само еден случај, а тој е во Основното училиште “Климент Охридски” од с. Драчево-Кисела вода во кое што подрачната единица испраќа писмо до вас, и вие испраќате писмо во кое велите: “Предмет : согласност по поднесено барање.

Во врска со поднесеното писмено барање од подрачниот претставник на Министерството за образование и наука за Кисела вода број 10274 од 15.09.2003 година и барање од двете училишта ве известувам дека Министерството за образование и наука дало согласност за привремено разместување на разрешениот директор Велковски Владо, проф. по историја со матичност останува во училиштето каде што бил директор од 1.10.2003 година и ќе држи 10 наставни часа во Основното училиште “Кирил Пејчиновиќ” Кисела Вода и 12 наставни часа во основното училиште “Невена Георгиевска -Дуња-Кисела Вода се до заврушување на постапката за избор на директор на лицето Миланка Петрова”.

Господине министре вие имавте направено огромен престап при ова и писмено ова сте го докажале. Имено да напоменам дека конкурс за избор на директор на кој најверојатно ќе конкурира или конкурирала г-ѓата Петрова воопшто не бил објавен кога вие писмото сте го пишувале.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам не се служете со имиња и личности кои што не се присутни тука. Ве молам, без оглед дали ви е тоа доказен материјал, но ве молам да не се користите со имиња.

КОЦЕ ТРАЈАНОВДСКИ:

Јас можам да ги крстам и како граѓани X и X-1, сеедно меѓутоа сакам да му помогнам на министерот да свати дека ова е многу лош начин на владеење. Да свати зошто ние  ја бараме неговата интерпелација. Инаку, доколку се продолжи

вака верувајте во образованието ќе настане хаос, што ние како пратеничка група сакаме да предупредиме. Ова е само еден случај што се прави со директорите што се сменуваат. Мислам дека е еден крајно нечовечки начин, еден краен начин на кој што овие директори веќе незнам и дали можат да бидат наставници во овие училишта. Сметам дека оваа пракса мора да се прекине, меѓутоа со оглед дека г. Положани е учесник во сето ова дали намерно или ненамерно независно негова е одговорноста како министер, негов е потписот на сите овие писма што се испраќаат до подрачните единици и до директорите. Тој е тој што ги именува или разрешува директорите и сигурно треба да ги знае состојбите што се случуваат во образованието.

Исто така би сакал да напоменам уште еден случај, а тоа е случајот со Средното угостителско училиште во Скопје во кое што се поставува за директор одредена особа, ќе го послушам претседателот на Собранието нема да ја кажам, таа е назначена за ВД директор во ова средно училиште, меѓутоа на тоа реагираат училишниот одбор, Државниот просветен инспекторат, Народниот правобранител, писмено реагираат и кажуваат дека оваа особа не ги исполнува условите за да биде ВД директор т.е. нема работен стаж во траење од пет години во воспитно образовната дејност. Меѓутоа, вие г.министер тргнувајќи од партиските препораки на вашите коалициони партнери упорно ја форсирате оваа личност иако сите релевантни институции од кои што треба оваа директорка да добие мислење или било кој директор вие ги игнорирате и упорно ја држите за ВД директор се со цел понатаму да биде оставена за директор на ова Средно угостителско училиште. Мислам дека во случајот без преседан. Ајде да биле тие партиски реакции, да биле реакции од некои здруженија или незнам кого, меѓутоа да ви уакже Народниот правобранител, да ви укаже Државниот просветен инспекторат, да ви укаже и училишниот одбор а вие и понатака да останувате на тоа, сметам дека ова е краен резултат на кој што сметаме дека во образованието веќе нема правила, веќе не важи Законот, важно е на која полтичка партија припаѓате и важно е дали тој човек на таа политичка партија ќе биде на тоа работно место, притоа очекувајќи послушност во школите за него и притоа неводејќи сметка дека тој треба да биде огледало на основното или на средното училиште. Сметам дека овие, ако ништо друго барем поради овие два случаи г. Положани треба да поднесете оставка и да дојде човек кој што малку повеќе ќе има слух, или ќе има разбирање за проблемите во образованието , ако ништо друго барем да не регенерира нови проблеми во

образованието и да не прави хаос кој што и понатака продолжува во нашето образование.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Благодарам.

Бидејќи настапот на г. Трајановски го сваќам како придонес кон подобрување на работата на Министерството што јас сигурно и на почетокот на мојот говор го кажав. Мислам дека во текот на оваа година една од главните проблеми што се јавува во Министерството е рефлексите и ефектите од една политика погодена во последните четири години кои што сигурно дека и во понатамошната работа имаат соодветни ефекти и понатака, јас нема да кажам така правеше овој или оној, бидејќи во мојот карактер не е таков начин на комуникација, туку можам да кажам дека се сеќавам на дискусии во овој Парламент пред три-четири години каде што се искажуваа нештата кои што беа препознатливи по нештото што за образованието е сувишно да се каже.

Инаку точно е тоа дека една од моите главни ангажирања е да го подобрам со кадровски решенија се обидувам да го подобрам образовниот процес и разрешените директори со писмо мое упатено до сите училишта да се постапи на начин кој што и со закон е предвиден, но сепак да се соочува интегритетот, националниот интегритет и авторитет на тие лица. Јас незнам дали секаде успеваме тоа да го правиме, вашите укажувања ќе ги примам како една информација за мене многу корисна да се разрешат некои состојби и сигурно ќе ми служат за подобрување на некои аспекти што и вие ги спомнавте, но ве уверувам дека никој нема да биде избран без разлика што во моментот некаде може да биде поставен за вршител на должноста поради надминување на некои состојби во одредени училишта, но ве уверувам дека никој нема да биде избран за директор ако не ги исполнува законските обврски. Тоа можам да ви го гарантирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Коце имате една минута, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Во репликата на г. Азис Положани немаше ништо што одговори на обвинувањата што беа кажани од говорницата. Единствено што кажа беше “и вие правевте така”.

Вие на 15 септември г. Положани го добивте мандатот од граѓаните на Република Македонија и рековте дека ќе го подбрите начинот на работење во образованието. Меѓутоа, за жал вие не што не го подобривте туку уште толку го усложнивте што стана хаос во образованието.овте дека нема да изберете никој што не ги исполнува условите. Господине Положани со ова писмо ..

(го покажува писмото кон пратениците и кон министерот)

вие веќе дотичната особа во Основното училиште “Климент Охридски” во Драчево ја избравте без да биде објавен конкурсот. Ова е случај без преседан. Еве го, можеме да ви ја дадеме копијата г. министер меѓутоа сметаме дека после овие работи вие треба да си поднесете оставка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Последен дискутант беше пратеникот Замир Дика, после се наредија уште пет-шест, па затоа сега ќе прашам кој е за реплика.

Господине Чедомир Краљевски, вие сте за реплика на Коце Трајановски?

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

За дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Аднан Јашари за реплика или дискусија?

АДНАН ЈАШАРИ:

За реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитувани колеги, почитуван министре.

Вчера, но и од сегашната дискусија на координаторот на ВМРО-ДПМНЕ во континуитет се изнесуваат тези кои се однесуваат на партизација на основното и средно образование со нивото на директорите кои во моментот управуваат со средните и основните училишта.

Дали е или не е политизирано образованието, дали се добри или се лоши директорите не сакам со тоа да се занимавам, но сепак сакам да истакнам еден факт кој неможе да се оспори. Фактот е следниот:

Предлозите за изменување и дополнување на законите за средно и основно образование се направени во 1999 година, кога вие сте биле на власт и преку тие измени била дадена можност директорите на основните и средните училишта да бидат именувани така како што се именуваат и ден денес. Доколку не сте ги прочитале би било добро да ги прочитате предлозите дадени од министерот за изменување и дополнување на законите за основон и средно образование со што се прави обид да се направи деполитизација на образованието во согласност односно еден број на надлежности да се вратат на училиштата и со предлозите понудени од овој министер сигурно дека право за именување на директори ќе имаат училишние одбори.

Мислам дека ова ќе биде едно решение кое дефинитивно ќе ги деполитизира основното и средното образование.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Трајановски, имате една минута право на реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Репликата на г. Јашари јас неможам да ја разберам, бидејќи тој зборува за идно време-што ќе биде кога ќе биде. Јас зборувам за едно сегашно време, за едно време во блиска иднина, зборувам за престапите, зборувам за грешките кои што ги има направено актуелниот министер Положани. А како ќе биде , и јас сум учествувал во донесувањето на тие закони и нив ние ги правиме се со цел да не биде ова што сега се случува. Меѓутоа и сега училишните одбори имаат ингеренции да предлагаат, меѓутоа во средното угостителско училиште воопшто не се почитува нивното законски загарантирано право, нивното мислење да треба министерот да го уважува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави пратеникот Славица Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

За волја на вистината сакам да говорам со аргументи , бидејќи во средните училишта во градот од каде што сум повеќе ги познавам приликите.

За време на ВМРО-ДПМНЕ знам дека преку ноќ беа сменети сите директори во Куманово во четири средни училишта, во економското и земјоделското училиште сеуште се кадри кои што се решенија на претходната Влада.

Ако критериум за добар директор треба да бидат резултати, јас можам да кажам дека во Гимназијата “Гоце Делчев” во периодот на владеење на СДСМ кој по некоја случајност бев јас, имавме на две светски олимпијади ученици две години и по математика и по информатика со видни резултати. Тоа не им пречеше прв директор сменет во Куманово да бидам јас, мене не ми пречеше воопшто, тоа ми беше привилегија затоа што тие ме сменија. Училиштето има 100 вработени, еден месец беше без директор заради тоа што неможеа да најдат по мерка директор во рамки на нашето училиште и затоа ни доведоа директор од друго училиште.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Трајановски една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Очигледно мојата колешка Станковска не ја надминала сеуште болката поради која што била сменета од директор на тоа училиште, што и по нејзините настапи се гледа , но да и напоменам дека ниеден директор не е венчан за неговото работно место директор на тоа школо. Јас зборувам за законското работење за начинот на тие директори да биде законски и после тоа да не се малтретираат тие директори, меѓутоа ниту еден директор неможе да биде  венчан и доживотен. Може да го сменат меѓутоа тоа да биде достоинствено. Да не биде ни по неговата личност и по неговата професија..

(реакција на некои пратеници од место)

Се извинувам Станковска..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам г. Есад, генерално ве молам оние што сакаат да правам муабет меѓу себе овде можат да излезат надвор додека трае расправата. Оние кои што се овде има да слушаат.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, ама навистина е недолично од позицијата и вчера толку беа вулгарни зборови искажани, сега не се вулгарни зборовите меѓутоа човек од опозицијата не може ни да говори.  Затоа барем да ни дозволат да говориме во едни нормални услови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Ѓорѓи Трендафилов, реплика или дискусија.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Замир Дика , а по него нека се подготви пратеникот Чедомир Клаљевски.

ЗАМИР ДИКА:

Господин министер, почитувани колеги мојата дискусија ќе ја терам на иста линија како и мојот колега г. Зуди Џалили иако ние не сме иницијатори на Интерпелацијата сепак ја користиме приликата да анализираме одредени феномени во врска со образованието посебно основното и средното затоа што за високот ќе имаме можност да говориме малку подоцна. Многу често ги почнуваме нашите говори со тоа што велиме дека се случи еден конфликт и на тој конфлик му беше ставен крај со Рамковниот договор.  Беше ставено крај некаде на половина и се даде можност на мирот, на политичкиот договор, можеби и се освестивме после тој конфликт после таа опасност, што и се надевавме дека сите субјекти во државата ќе си ја научат лекцијата. Ќе научат држава како да се води на рамноправен начин, институциите да се водат на рамноправен начин , буџетот и тн. Но очигледно, по мое мислење  во најмала рака кога се случува еден конфлик со такви размери кој ја загрозува и државата и општеството...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас дозволив две минути, мислејќи дека имате вовед директно за интерпелацијата. Вие ја спомнавте, да ве парафразирам, ќе ја искористиме оваа точка за да кажеме нешто за средното образование. Точка за средно образование може да побарате, ве молам, под наводите на интерпелацијата дали можете тоа што сакате да го кажете и да го поткрепите со наводите во интерпелацијата. Инаку, ќе ве прекинам и ќе ви го одземам зборот.

ЗАМИР ДИКА:

Добро, господине претседателе, ќе ја искористам оваа прилика и вас една забелешка да ви упатам како координатор, премногу сте ригиден и нефлексибилен за овие ситуации. Вие не можете да ни ја определите увертирата дали воведот ќе биде две минути или две и пол минути. Ние сме сасми одговорни, така што дозволете ми и ние ќе ја смениме ориентацијата на нашите говори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мислам дека целиот ваш говор може да биде таков и затоа тоа го предлагам. Како претседател можам, ако продолжите и да ви го одземам зборот.

ЗАМИР ДИКА:

Жалам што неколку пати го повторувам ова и еве би го замолил и претседателот на Собранието на Република Македонија, како и пратеникот добро рече мојот колега Џелили, дека кога легнуваат и кога се будат да размислуваат за Рамковниот договор, затоа што сеуште не се реализира и се додека не се имплементира тој договор, треба да се почне со таа реченица.

Уставот, што се однесува до средното образование и основното образование поврзува, најпрво, ја обврзува државата, значи, тоа претставува обврска за државата државјанство обезбеди основно образование на мајчин јазик за сите граѓани на Република Македонија, а Уставот го гарантира правото на средно образование. Значи, во првиот случај обврзува, во вториот случај гарантира средно образование на мајчин јазик на сите граѓани во Република Македонија. Тргнувајќи од овие уставни начела, кои останаа неимплементирани до Рамковниот договор во одредени многу чувствителни сегменти, требаше Владата на Република Македонија по мое мислење, во моментот кога сезаснова Владата постконфликтот, после

таканаречената војна, беше многу коректно да излезеше и да кажеше дека начинот на решавањето на проблемите во основното, средното и високото образование по Рамковниот договор, почитувајќи ги уставните измени и начелата на Рамковниот договор и актуелните тогашни измени во соодвените закони, ќе биде ова.

Ќе изградиме училишта, интеграцијата ќе ја направиме со вредности, со труд и тн. Меѓутоа, за жал, Владата на Република Македонија во тоа време основа една коалиција и владината програма беше заснована врз интеграција, институционализација и не е ништо повеќе. Ние, од тогаш имавме забелешки дека требаше Владата да биде многу појасна, дека не се засноваат решенијата врз емоциите на овој или оној, на оваа партија или на другата партија за постигнување на рамноправност на заедниците. Подобро да се излезеше со јасен став за воведување на рамноправност, отколку да се нема воопшто стратегија и потоа ад хок да се реагира на секоја настаната ситуација и затоа еден ден ќе има протести од оваа страна, еден ден од другата страна, еден ден родителит ќе речат дека овие услови не се исполнуваат од овие училишта, други другото и тн. Значи, сето ова е резултат на недостатокот на стратегијата и транспарентноста, која мораше да ја има Владата после војната. Не треба веќе да има емоции, да нема мешање на едната националност на образованието на другото кога се работи за елементарната рамноправност. Не зборувам за стандардите и за нормативите кои ќе бидат еднакви за целата држава.

Јас сакам уште еднаш да истакнам неколку бројки. Основото образование, застапеноста на албанската заедница е 30,8% според последното истражување на на ОЕЦД, а земено од Заводот за статистика. Во 1998 и 1999 година запишани се 38,13% ученици во прво одделение на албански јазик. Ова е процентот во основното образование, можеби сум згрешил некоја запирка, меѓутоа, тоа се бројките од прилика. Додека, процентот на учениците кои го продолжуваат образованието од основното образование на средното кај албанците е некаде околу 18%. Значик, од преминот на основното кон средното образование има околу 13% ученици некаде се губат. Дали е ова резултат на немањето услови, еднакви услови за претставеноста, застапеноста да биде на исто ниво со другите заедници кои живеат во Република Македонија или пак на што се должи ова, дали начинот на живеење, стандардот. Значи, имаме една голема дискрепанца. Таа била присутна и порано, меѓутоа, истата со една многу мала промена се одразува и натаму. Значи, ова е еден фактографски услов, кој Владата на Република Македонија требаше да го

има како основа кога ја третираше стратегијата на еднаквата застапеност во средното образование. Кога се создаде оваа коалиција, требаше ова да се земе предвид, а ова е податок кој го имаме од Заводот за статистика и се рече дека од 30% албанци во основно образование преминуваат на средно образование само 16% или 17% и Владата на Република Македонија требаше да го детектира каде е проблемот на оваа нееднаквост, на немање на еднакви услови, кои државата треба да ги гарантира во согласност со Законот за средно образование. Во моментот кога тоа ќе се детектираше, ќе се откриеше како недостаток, тогаш, сигурно, дека самиот почеток на мандатот и министерот за образование можеше да излезе и да каже еве каква ќе биде динамиката на решавањето на проблемот на застапеноста и на преминот на албанските ученици од основно во средно образование. Тоа ни се случи и еве затоа сега имаме последици од таа нетранспарентност, нејаснотија, да неречам, дури и недостаток на волја на нивниот коалиционен партнер за реална имплементација на Рамковниот договор.

Јас ќе се задржам на она што се случуваше минатата година во средното и основното образование. Се случи Шемшево, но нема да навлегувам многу длабоко да го анализирам овој случај, затоа што премногу се говореше за овој случај. Овој случај се надоврзува на она што го спомна мојот колега, господинот Џелили, во однос на именување на училиштата. Мое мислење е дека првата работа која што требаше да се направи, беше во најмала рака да се почитува кодексот на еднаков начин. Ние сеуште во Дебар, Гостивар, Тетово, имаме некои имиња на училишта со имиња како што се “22 Ноември”, “АРМ”, “Маршал Тито” и тн. Првата работа која што требаше да се направи, да седнат сите етнички заедници и врз основа на конфликтот да ги нефинираат и да ги кодираат, да ги именуваат училиштата според населението кое живее таму и според учениците кои одат во тие училишта. Владата на Република Македонија во тоа време дебатираше многу долго за ова прашање, неколку пати донесе и одлуки, се вклучи министерот, се вклучи ДУИ како партија, пратениците беа таму, ги посетија тие области, ските во интерес и изнаоѓање на еден компромис, со цел да може сите ученици, затоа што ќе се работи за учениците, да можат да го продолжат образованието, имајќи ги предвид овие начела на рамноправноста. И, тоа е во ред. Сите влади треба така да реагираат, т.е. сите одговорно луѓе да најдат компромис, со цел да не му се наштети на тоа население, мнозинското население, кое живеело одсекогаш таму и едновремено да се третира на рамноправен начин секој ученик таму, затоа што се работи за основно образование, тука нема дискусија. Меѓутоа, зошто го спомнувам овој случај, освен

случајот со имињата, кој сеуште не е решен по прашањето со имињата, а тука е и проблемот со Битола. Значи, Владата на Република Македонија донесе една одлука за отворање на албанска паралелка во Битола. Јас лично, со оглед на фактот дека немам нови информации, ние сме во опозиција, навистина, мислев дека Министерството за образование односно Владата на Република Македонија ќе ги имаше сите претходни подготовки и ги спровело сите и наавило разговори со сите релевантни фактори таму и да реализира едно право кое се гарантира со Уставот, со цел да им се обезбеди на мајчин јазик паралелка на сите ученици. Меѓутоа, не испадна така. Имавме големи протести, голема реакција за реализација на едно право, кое е дел од универзалните човекови права. Што ме загрижува најмногу? Ме загрижува најмногу реакцијата на Владата на Република Македонија во однос на паралелката, до колку ја спoредиме реакцијата на Владата на Република Македонија по однос на она што се случуваше во Шемшево. Додека Владата на Република Македонија ден и ноќ дебатираше за тоа како да се изнајде начин на учениците да учат во Шемшево дури и дигнитетот и достоинството на луѓето беше потеценето, со тоа што се кажа моментот споменикот да се помести, меѓутоа, се во интерес на изнаоѓање на едно решение во кое што Владата на Република Македонија комплетно со душа се инволвираше за решавање.

А, што се случи со случајот во Битола. Владата на Република Македонија молчеше. Се случија протести, се загрози безбедноста на учениците таму. Безбедносната ситуација се влоши, а Владата на Република Македонија воопшто не разговараше за тоа. Еден тотален молк. Дури ниту премиерот не реагираше, иако од тие таму земаа голем број на гласови. Пратениците велеа дека ќе разговараат. Напротив, пратениците од СДСМ рекоа дека со ова се создава вештачки проблем, се носат ученици со автобуси од други места. Сето ова заврши со големи зборови, а Владата на Република Македонија не реагираше на пропорционален начин, како што тоа го направи во Шемшево. Што направи Владата на Република Македонија? Владата ја повлече одлуката. Моето прашање сега можеби со еднакво ниво на инволвирање на Владата на Република Македонија или министрите или премиерот да одеше таму, да се обидеше да разговара со директорите од училиштето таму, можеби ќе имавме една поинаква ситуација. Меѓутоа, сега, со немање на стратегија за еднаквост во основното и средното образование, се води Министерството од емоциите на родителите, на учениците, на политички партии, на погрешно размислување. И, затоа и ден денес имаме многу

последици во постигнувањето на гарантираната рамноправност во основното и во средното образование.

Потоа, се случи случајот со “Арсени Јовков”, повторно резултат на недостаток на стратегијата од почетокот. Владата на Република Македонија повторно донесе една одлука во “Арсени Јовков” да се отворат толку паралелки за толку ученици кои живеат во тој регион. Повторно се случи истото сценарио, повторно имаше реакција од истата природа, било од родителите, учениците, од политичките партии, од опозицијата и тн., со единствена причина да и се докаже на Владата дека нема сила, дека нема капацитет да спроведе едно природно право. Гловориме за едно уставно, универзално право. Значи, кога емоциите го контролираат Министерството и Владата на Република Македонија да оствари едно право загарантирано од Уставот, што останува за деловите кои не се наведени во Уставот, меѓутоа, кои сепак треба да се имплементираат, за да се постигне рамноправноста во Република Македонија. Ова е ефектот. Еве, имаме протести надвор, Владата на Република Македонија нема да презема мерки. Поради недостаток на транспарентноста, на јаснотија, тогаш делуваат емоциите и секогаш кога албанците треба да се приближуваат кон еднаквост во одреден сектор, веднаш се активираат протести, политичките партии и тогаш на кого ќе му се наштети, ќе и се наштети на рамноправноста која е гарантирана со Уставот.

Еве до ден денес во однос на “Арсени Јовков” слушнав дека една девојка останата е парализирана. Исто така, што се однесува до средното образование, имаше критики кога дојде оваа Влада на власт, посебно и од министерот кога беше почната изградбата на новата зграда на училиштето “Зеф Љуш Марку” се кажа дека еве, изминатата власт само ги става темелите и ништо не прави. После, за да ја продолжи изградбата. Господине министре, цела година помина, откако е почната изградбата, сеуште гимназијата, која претставува точка во море, меѓутоа, во најмала рака барем еден мал чекор ќе се направеше кон постигнувањето на таа рамноправност. Цела една година ништо не е направено за продолжување на изградбата. Доколку се обидете да ме разубедите, секој поминува таму и гледа дека сеуште тука нема ништо. И, вие ќе речете дека минатата Влада има неправилности со тендерот, не го решила прашањето со денационализацијата на имотот и тн. Мислам дека, сепак, после цела една година имаме една Влада која покажува дека сака и вели дека има волја да го имплементира Рамковниот договор, не собрала сили, не нашла начин еве да речеме, доколку имало неправилности со тендерот, на извесен начин да го надмине тој проблем. Доколку имало проблем со

тендерот, ако вие имате политичка волја, веднаш нека се прогласи успешно процедурата или пак нека оди на судска постапка, меѓувреме отворете го тендерот, отворете нов тендер и продолжете со изградбата. Не можете цела една година да кажете дека минатата власт оставила некој проблем, кој не можеме да го надминеме.

Гимназијата “Зеф Љуш Марку” во најмала рака требаше денес да биде на фаза на карабина. Јас читав во еден весник, каде се вели дека Министерството за финансии сеуште не ги пушта средствата, не ги ослободува средствата. Тогаш, значи, коалицијата не чини. Доколку тој министер не ги пушта парите од Буџетот, за кој што плаќаат и албанците, тогаш тој министер или да го натерате да даде оставка, или пак вие да ја напуштите коалицијата.

Истото се однесува на одредени ивнестиции во однос на училиштето “Никола Штејн” нема и го прифатил аргументот дека порано се грешело и дека не сме во фаза на поправка на оваа грешка. Една година, се знае како оди таа работа, Буџетот е распределен, тогаш подобрете ја процедурата, помината е цела една година. Значи, сето ова, по наше мислење, сите овие неправилности, се случиле, се случуваат и доколку се продолжи вака, ќе се случуваат и натаму и се прават поради немањето на стратегија од страна на оваа Влада за решавање на суштествените проблеми, со кои државата се соочувала цела година, меѓутоа, за кои со надеж очекувавме дека Владата на Република Македонија после измените, после уставните измени, после Рамковниот договор ќе постигне нешто. Затоа што, сите овие што ги спомнувасм јас се само мали точки, мали случаи, кои што ќе покажеа дека навистина работие тргнале во правилен правец. Меѓутоа, кога се има неуспех по однос на овие основни прашања, вие ќе речете дека сте отвориле пет, шест или повеќе паралелки, но тоа не е доволно, таа не е доволна динамика во споредба со целата инвестиција што беше направена.

Нашата критика е дека треба да се направи многу повеќе на подинамичен начин, на потранспарентен начин и без емоции. Едноставно имате многу аргументи, господине министер, за пред Владата, пред коалициониот партнер да кажете еве колку средства има, колку се определени, колку плаќаат албанските даночници. Доколку министерот за финансии не сака да ги ослободи тие средства ќе му речете, или г-дине министре повлечете се, дајте оставка, или да се повлечеме ние, затоа што доколку ова се случува во Министерството за образование, може да се случи и во сите други министрства или други институции во текот на целата имлементација

на Рамковниот договор и после ние ќе речеме дека ова што се имплементира не е Рамковниот договор, туку некој друг договор.

Што се однесува до високото образование останувам на ставот дека ќе разговараме кога ќе дојде на дневен ред точката 6, нашите дискусии ќе бидат во иста насока дека не сме задоволни со тоа што го прави било министерот или оваа Влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, године министре.

АЗИЗ ПОЛОЖАНИ:

На кратко ќе се обидам да одговорам на некои од прашањата наметнати во дискусијата на г-динот Дика. Иако во поголем дел го сфакам како придонес кон разгледувањето на состојбите и транспарентност воопшто за тие состојби, на некои работи мора да бидат јасни од аспект од кој ние ги гледаме.

Прво, не е точно дека нема стратегија за процесот, за потребите и реализацијата, не само во рамките на Охридскиот договор, туку и во рамките на сеопштиот развој на образованието во Република Македонија и во тој контекст, ако г-динот Дика побара информација каква е таа реализација со конкретни бројки во однос на претходната состојба во претеходните мандати или времиња, ќе добие, и таму ќе се види дека индикаторите што може да се добијат зборуваат дека истите се во прогресивна насока. Но, како што се знае, образованието е поврзано со некои други моменти во истиот систем, каде што сигурное дека секогаш не се можни скокови не поради не сакање и немање желба, туку поради врзување за тие работи со други елементи, што се исто така потребни во образовниот систем, како што е инфраструктурата, кадрите и други моменти. Но факт е дека има и подобрување на индикаторите, а јас сум подготвен ако се побара таква информација и тоа да го изнесам.

Еден друг практичен аргумент е дека оваа година не само албанците, туку и сите тие што сакаа да се запишат во средно образование, особено во Скопје, но, и многу други профили, што досега тоа не било можно, сега тоа им е овозможено и мислам дека ниеден ученик не е останат надвор од таквата искажана потреба. Ние мислиме дека во тој правец сигурно ќе треба да се работи повеќе, но паралелно со одредени активности со кои се создаваат услови за посеопфатен пристап во овој правец.

Исто така, честопати се спомнува “Зеф Љуш Марку” и “Никола Штејн”, дека заради мала грешка би можело вака или онака да се направи, побрзо и

поефективно. Да, има одредени грешки, можеби се мали, но секоја од нив чини околу 30 милиони денари. Ако тоа е мала грешка што министерот може лесно да ја пребероди, мислам дека можам да прифатам таква работа. Но, има многу грешки во постапка кои ги расчистивме, ве уверувам во тоа. Сега, во "Зеф Љуш Марку" сигурносе гради и не е точно дека не е направен никаков чекор. Сите имотно правни работи и проблеми што беа нерасчистени, ама баш ниеден проблем од тој аспект, почнувајќи од Проектот, неплаќање на Проектот и на другите давачки, за тоа ни беше потребно повеќе време, понекогаш тоа и не зависи од нас, но направивме се тоа да биде расчистено и сега работата таму сигурно ќе продолжи и продолжува. Јас се надевам, исто како и вие дека оваа година, на крајот ќе имаме повеќе простор со кој ќе можеме да надминеме повеќе тешкотии кои доаѓаат заради недостиг на простор.

Исто така, и во врска со проблемот во "Никола Штејн", каде што во претплата со одредена фирма, пак велам, направена е една мала грешка која чини околу 30 милиони денари, а со тие средства веројатно би можеле да се изградат три други помали училишта. Но, мислам дека ние сме одлучни тие грешки што се направени во тоа време, без оглед кој ги направил, тоа нека го туркаат органите, а ние ќе се обидуваме тоа да го надоместите со активности кои мислам дека ќе вродат со плод.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Една минута реплика за г-динот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодрам, господине претседател.

Што се однесува до грешките што се направени, јас говорам дека тие се мали во однос на она што може да се направи. Некој ако го згазил законот, процедурата е грешна, мислам дека веднаш, доколку има злоупотреби, гизнаеме методите како Владата работи со тие методи и веднаш ќе биде подигнато обвинение против таквите работи. Јас мислам дека не може да се изгубат работите ако некој направил злоупотреба и со оваа работа ќе одиме до крај, а не тоа да го оставите како причина, како образложение да не се гради гимназијата.

Господине министре, проблемот е дека ние имаме сенс да ги разбереме обидите што ги правите вие. Ниту еден индикатор досега не зборува дека ќе одите многу побрзо. Буџетот е ист и доколку и понатаму процентот на албанците остане така, ќе продолжи и понатаму.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за г-динот Нелко Стојаноски, три минути.

НЕЛКО СТОЈАНОСКИ:

На неколку прашања што ги постави уважениот колега Дика министерот му одговори. Меѓутоа, едно прашање остана неодговорено и мислам дека е вред да му кажам. Една од тие прашања беше зошто се намалува значително бројот на ученици во средното образование, односно нема иста бројка како што има и во основното образование. Тука би можеле да влијаат две групи на фактори. Јас го имам проучувано тој проблем.

Прво, се работи за помал обем, така да речам на аспирации кај таа популација, особено кај селската популација да не сакаат да продолжат со образование. Меѓутоа,  вториот значаен момент е од културата и традицијата. Се работи за значаен дел, посебно на женската популација да не и дозволуваат да го продлжи своето образование од културни и традициски побуди.Во таа смисла, тешко е дека може за кусо време да се промени тој систем на вредности и наеднаш значително да се зголеми таа бројка. Сите напори што ги прави Министерството не се доволни за да може преку ноќ да се надминат ваквите проблеми и со еднаков капацитет или коефициент да одат и од основното кон средното образование, иако тоа е пожелно и мислам дека напорите што ги прави Министерството во таа насока се успешни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута за г-динот Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Благодарам, године претседател.

Благодарам, колега, но, ова кажува уште еднаш дека вие не ги познавате албанците, но продолжувате со анализа на албанците, како што го правевте тоа пред десет години. А албанците се изменети, и албанската жена е изменета. Но, и амбициите на албанците се поинакви, мислам дека се многу поголеми во однос на образованието, меѓутоа, треба да се подготват услови. Мене ми се познати овие работи. Не реков дека ќе се намали вкупниот број на оние лица што минуваат од осмолетка во средно училиште. Видете, кај македонското население од осмолетка во средно образование е во одреден процент, додека кај албанците има навистина големо опаѓање, голем дефект, институционален дефект.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине министре.

АЗИЗ ПОЛОЖАНИ:

Се изнесуваат бројки, но јас ќе кажам за да го израдувам малку г-динот Дика. Оваа година тој процент е 63% и затоа реков дека одиме кон подобрување на индикаторите, но скоковите во образованието - тука има многу професори и знаат - се врзани со многу нешта кои постепено ќе бидат во корист на сите, а не само на албанците. Таква политика има и во Радовиш веќе отворивме турска гимназија што е во функција на образованието на сите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута реплика за г-динот Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Добро е, г-дине министре, да зборуваме со бројки. Доколку го споредите вашето чекорење во тој поглед, јас мислам дека уште 20 години треба да поминат за да се постигнат бројките што вие ги спомнувате. За овие бројки ние ве охрабруваме многу повеќе да направите, за да се зголеми рамноправноста и еднаквоста, од причина што постојат голем број аргументи што влијаат на едно чекорење напред. Мислам дека треба да имаме работа, а не емоции, за да се воедначат работите и феномените  за рамноправноста на заедниците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Чедомир Краљевски, а по него нека се подготви пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам, господине претседателе,

Почитувани колеги, почитуван претседателе, почитуван г-дин министре,

Јас би проговорил неколку зборови, некоклу реченици во врска со состојбите во средното образование на средношколците од албанската етничка заедница во Куманово. Би почнал со констатација дека се до април 2001 година средношколците албанци од Куманово учеа во училишните згради на матичните средни училишта во Куманово кои ги има четири, заедно со сите други средношколци од другите етнички заедници и во посебни паралелки наставата ја посетуваа на свој мајчин јазик.

Меѓутоа,  тој април 2001 година, процесот на меѓуетничката дезинтеграција, меѓу средноколската младина во Куманово кулминираше. Имено, во тоа трагично време за државата, кога дружината на Али Ахмети беше генератор на дезинтеграционите процеси во државата. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Краљевски, ако сум опоменувал секого да не споменува имиња на неприсутни, ве молам и вие тоа да не го спомнувате.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Добро во контекст на . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Никаков контекст. Ако сакаме да бидеме принципиелни, принципиелен сум конситe.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Кога ОНА атакуваше врз интегритетот и суверенитетот на државата, тие испратија експлицитни и имплицинтни сигнали до албанската средношколска младина во Куманово да го напуштат образовниот процес во матичните средни училишта, под изговор дека истите не се безбедни. Тоа го сторија учениците албанци во Куманово.

Понатаму, човекот што пред малку го спомнав и организацијата ОНА се трансформира во политичката партија ДУИ, а г-динот Азиз Положани стана истакнат член и експонент и министер од страна на таа политичка партија. Накратко, хронологијата на фактите на настаните во Куманово е следната.

Во учебната 2001/02 година средношколците албанции во Куманово учеа во училишните згради на основното училиште “Бајрам Шабани” и “Наим Фрешери”, заедно со учениците кои таму ја посетуваа наставата од прво до осмо одделение. Бидејќи работеа во смени со скратени часови, квалитетот на наставата беше под сите стандарди на образование.

Од друга страна, од тогашното Министерство за образование се чинеа перманентни обиди да се вратат средношколците албанци, наставата да продолжат да ја следат во училишните згради во матичните средни училишта во градот, но тие обиди на тогашното министерство за образование беа залудни, бидејќи пораката што претходно ја добија да го напуштат образовниот процес со своите колеги од другите етнички заендици беше сеуште важечка.

Во учебната 2002/03 година, во времето на министерувањето на г-динот Азиз Положани се направи обид да се заземе училишната зграда на старото економско училиште “Моша Пијаде”, на Техничкото училиште “Насе Булјони” и на Интернатот “профсор Мијалковиќ” за да се создаде еден етнички, би рекол гетоизиран албански средношколски центар, со намера истиот да прерасне во регионален, па и за простори надвор од РМ.

Но, кога на тој обид се спротивставија граѓаните или поточно родителите на децата од основното училиште “Браќа Миладиновци”, кои ја користеа таа училишна зграда на старото економско училиште “Моша Пијаде”, се направи симулација на

труење на средношколците албанци во основното училиште “Бајрам Шабани”, по што Министерството за образование направи договор за закуп, ја зема под закуп управната зграда, поранешната управна зграда на земјоделскиот комбинат “Куманово”, како и зградата на Работничкиот универзитет во Куманово, каде што и ден денес во такви несоодветни услови наставата ја посетуваат средношколците албанци во Куманово.

Според тоа, ќе бидам краток и таксативно ќе ги набројам, според мене одговорностите, односно политичките одговорности на министерот Положани.

1. Министерот е одговорен за поддржување и продлабочување на процесот на дезинтеграција на младите во Куманово.

2. Министерот е одговорен за толерирање на неквалитетна настава на албанците средношколци во Куманово, бидејќи истите наставата ја посетуваат во несоодветни услови, наставата ја апсорбираат, ја перцепираат во несоодветни услови, училишните згради не се адаптирани за настава и се под сите стандарди што важат за едно нормално образование, а поради тоа трпи наставниот процес, бидејќи се принудени наставата да ја кратат, таа да се одвива со скратени часови, така да трпи квалитетот на образованието што го добиваат албанците средношколци.

3. Понтаму, заради неекономично и нерационално менаџирање со наставниот процес и со наставните средства, вклучувајќи ги и зградите во Куманово, бидејќи на една страна имаме непотполнети капацитети на матичните средни училишта во Куманово, каде што наставата ја следат припадниците на другите етнички заедници во Куманово, а на друга страна имаме дуплирање на вработувања за одржување на хигиена, неконтролирање на наставата од страна на директорите на матичните средни училишта, бидејќи тие немаат увид во работењето и наставниот процес во овие нови, би рекол импровизирани простори за учење на албанците.

4. На крајот на краиштата, поради нерационално трошење на средствата од буџетот што се издвоени во Министерството за образование, бидејќи на тој начин трпат сите граѓани во РМ.

Тоа се четирите моменти за кои наоѓам дека е одговорен министерот Азиз Положани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Трендафилов, а по него нека се подготви пратеникот Спиро Мавровски.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Иако според постојанта процедура ние како пратеничка група моравме да поднесеме барање за интерпелација на министерот за образование во Владата на Република Македонија, такво министерство впрочем постои со систематизацијата и со Законот за работата на Влада, тоа е само според форма, затоа што верувам по содржина во Владата на Република Македонија не постои содржински министерство за образование на Република Македонија . Напротив, актуелниот вршител на должноста министер за образование при Владата на Република Македонија , едноставно се однесува како да е министер во Влада во некоја друга земја, во некоја друга држава, притоа воопшто неводејки сметка дека нему му се дадени на располагање пари од Буџетот на Република Македонија и тој е должен тие средства кои од Буџетот на Република Македонија се влеваат во Министерството за образование да биде користен рамномерно за да се подобри квалитетот на образоваието. Сепак, бидејки според содржината и не постои функционалност на Министерството за образование, би било сулудо од наша страна да очекуваме и Министерството за образование, односно неговиот прв човек и неговиот потесен тим на соработници да работат во таа насока. Едноставно тие работат она што мислат дека треба да го направат, а тоа е да одработат една конкретна политичка агенда која има крајна цел сегрегација на децата. Значи она што подоцна ќе биде на дневен ред на Собранието на расправа, а примерите ги слушнавме во овие неколку дена, во овие два дена повеќе пати. Почнувајки од таканаречениот компромис во Шемшево, а компромисот знаеме како го постигнаа, училиштето повеќе нема да се вика “Даме Груев” и македонците нема да учат во Шемшево, тоа за Владата и за Министерството за образование, односно за првите луѓе е секако добар компромис.

Понатаму, тоа што се случува во Куманово за кое зборуваше г-динот Краљевски, тоа што се случува во Кичево, тоа што се случуваше со две училишта во Скопје и за да биде заокружен целиот овој циклус од непромислени политички изведени постапки од Министерството за образование, заврши конечно со настаните во Битола. Јас сум свесен дека според бројноста опозицијата не може да изнуди оставка од врителот на должност министер за образование, јас сум свесен бидејки досега по ништо не видов дека тој министер се чувствува и работи во интерес на Република Македонија , а најмалку дека работи во интерес на Министерството за образование, единствено ми останува да искажам одредена надеж дека можеби ќе постои одредена доза на крирична моќ во редовите на мнозинството кое ја подржува

оваа Влада, значи и работењето такво какво што е и на Владата и на конкретниот министер за кој ние бараме интерпелација и можеби тие конечно ќе соберат храброст да размислуваат малку поинаку од она што им го диктира оваа Вада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски Вие сте на ред, а по него е господинот Џевдет Насуфи.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Еве веќе втор ден говориме, јас мислев дека г-динот минситер мер азбра што сакав да кажам, меѓутоа денеска слушајки го него изгледа дека не се разбравме, бидјеки вчера зборував за паралелката во Битола, а вие пред малку кажавте дека сте направиле се' само да нема чисти албански паралелки, значи да има мешани паралелки во кои што ќе учат заедно учениците македонци и албанци. Јас вчера се обидов да ви објаснам и да ви искажам тука неколку според мене вистини, практично не слушнав да демантирате ништо, ќе се обидам уште еднаш да ви ги повторам и она што мислите дека е така, тоа што не е така јас би сакал тука пред сите да расчистиме некои работи, да знаеме за што се работи. Кажавме дека говориме за едно мултинационално општество за образование на сите што се во Македонија, но јас би кажал повторно за Битола она што го знам и што го познавам. Во Битола ромската популација е многу поголема отколку албанската, ромите имаат проблем нивниот претседател Рустемов најави една трибина која што ја државме деновиве , најави дека голем дел од ромските деца учат моментално на турски и на албански јазик, затоа истото им се плаќа, ги доведуваат со такси и ги одведуваат со такси. Што ќе се случи со тие дечиња,  можеме само да претпоставиме. Но пред да поминам на она што е гимназиската паралелка формирана во Битола, јас би сакал да ја запознам македонската јавност за два документа кои во моментов функционираат во македонија, кои што се многу брзо, тоа е ученичката книшка за редовни ученици во средното училиште, тоа е овој документ, во кој што едноставно на тие страници се наоѓаат заверки како да се работи за Заводот за вработување каде што секој ученик во средно училиште има право 8 пати да се запишува или да се презапишува и да се префрла од едно во друго училиште. Освен тоа, во ова ученичка книшка апсолутно нема ништо друго. Но затоа, ова чини 150 денари. Пред мене имам еден документ кој што треба да биде евидентен лист за успехот на учениците. Тој документ го имате пред вас. Тој е документ на кој што апсолутно не

постои никаде ни едно одбележје на Република Македонија нити грб, ниту Република Македонија и ваков документ да не е на макеоднски јазик може да биде за било која држава во Европа. Значи на овој документ стои евидентен лист за успехот на ученикот. Ако овој документ, ова парче хартија или еден лист, ученикот треба 4 пати да го носи на заверка некој да ги пишува оценките, а има ученичка книшка како заверка во Заводот за вработување, имаме голем проблем. Мислам дека многу тешко ова парче хартија ќе издржи 4 години или 1 година, 4 пати да биде пренесувано, забележувано и потпишувано. Но тоа е ваше видување вие така ги гледате работите, така ги решавате, можеби сте во право. Но за ова што не сте во право, а сигурно не сте во право тоа е дека г-дине Положани во моментов донесовте на 4.09.2003 година решение број 11-5292/01 потпишано од него лично, значи од вас, за отворање на гимназиска паралелка во основното училиште "Гоце Делчев". И самите кажавте отворање на една гимназиска паралелка во едно основно училиште предизвика револт не само кај учениците што учеле во та основно училиште, туку и во Управата и кај професорите и кај родителите на тие деца. Значи тоа е првито парадокс за кој што сте директно вие виновни.

Вториот парадокс поради член 2 од Законот за средно образование, гимназиско образование се сумира со планови и програми донесени од Министерството за образование и наука. Во овој случај такви планови изостануваат. Значи вие воопшто не сте предвиделе дека вакво средно училиште ќе треба да го има во Битола. Тоа е вториот парадокс.

Третиот парадокс според член 53 од Законот за средно образование, запишувањето се врши по пат на конкурс кој се објавува најдоцна до 31 март во средствата за јавно информриање. Во случајот до 31 март во ниедно средство за јавно информирање таков конкурс ниту беше распишан ниту некој можеше да конкурира и да биде запишан во таа паралелка. Тоа е третиот парадокс.

Четвртиот парадокс учебната година во средните училишта започнува на 01.09., а завршува на 31.08. Вие со вашето решение г-дине Положани основавте гимназиска паралелка 4 дена после започнувањето на учениците да учат во тие средни училишта. Дали очекувавте дека некој после 31.03. што не конкурирал ќе почека да дојде и 04.09. и вие да го донесете вашето решение за да се запише во гимназиската паралелка, го знаете само вие.

Петиот парадокс, формирањето на средното училиште се заснова според одлука на Влада. Јас во оваа ситуација, незнам дали Владата беше информиран аили не беше информирана, тоа е проблем на Владата и дирекно на премиерот

Црвенковски дали знаел или не знаел, но одлуката е ваша. Дали вие го искористивте вашето право или начинот на кој што го направивте, но таква одлука на Владата на Република Македонија немаше.

Шестиот парадокс според член 11 од Законот за средно образование за основање на државна паралелка се потребни следните предуслови.

1.Да постои потреба од тие кадри во државата. Таква потреба во моментов незнам дали е истакната.

2.Да се обезбедат средства потребни за работа. Кои се средствата што ги обезбедивте за оваа паралелка да функционира, се гледа по то ашто паралелката не може да функционир аи не функционира.

3.Да се донесат соодветни планови и програми, кои што ги немате донесено, затоа што вие распишавте конкурс за да знаете што и како тие деца треба да продолжат да учат во средното образование.

4.Да се обезбеди простор, соодветен кадар по сите предмети и да се обезбедат доволен број на ученици според педагошките норми.

Ако местото кое што вие го определивте после основното училиште се канцелариите на една политичка партија во Битола мислам дека повторно ќе имате проблем, затоа што ова е директно мешање на образованието со политиката, за кое што цело време ја обвинувате опозицијата, но вие со вашите одлуки придонесовте директно за сите етнички центри во Битола и се она што се случуваше меѓу учениците и средношколците и граѓаните на град Битола. И мислам дека тоа е вашата најголема одговорност вослучајот. За тоа вие не обезбедивте ни доволен број на ученици да ја формирате таа паралелка, истите беа носени од други места. Бројот на ученици кој што треба да бидат , да се отвори една пералелка е 25. Во 2002 година во Битола завршиле основно образование 45 деца албанци, од кои 11 се одлични, 14 многу добри, 18 добри и 2 доволни. 80% од овие ученици веќе се инкорпорирани во средните училишта во Битола, значи запишани во Средното државно училиште “Таки Даскалот”, запишани во Средно техничко училиште, Средно медицинско, Ветеринарното училиште и Земјоделското, што ги има Битола и тие деца нормално, продолжуваат со работа и со учење во тие училишта. Тука се запишани повеќето од воие одлични и многу добри ученици.

Вие сега, бидејки сакате да направите мешана паралелка, посакувате сите тие деца да се отпишат од овие училишта и на таков начин да формирате една паралелка во која што ќе се учи на албански јазик, и за вас таа ќе биде мешана

паралелка во која што заеднички ќе живеат и ќе творат македонците и албанците. Ако е така, сега и јас не ве разбирам и овде имаме проблем.

Осмиот парадокс Министерството за образование и наука поднесува барање до подрачната единица за согледување на условите и техничките услови за отворање на паралелка. Подрачното Министерство, кога вашиот заменик министер беше во Битола, каде што беа сите родители на нашата средба како пратеници и пратеничката група од позицијата и од СДСМ и ЛДП мислам дека заменикот министер кажуваше работи кои што не соодествуваат со ова што се случува , така да таква работа од подрачната единица вие не сте добиле како дозвола и не сте побарале дозвола да го отворате ова училиште.

Девети парадокс наставата која се одржува во посебни училишта треба да ја вршат наставници со не помал педагошки стаж од 10 години. Во случајот г-дне Положани вие ангажиравте луѓе кои што тие деца треба да ги учат по предметот информатика да го предава завршен технички факултет шести степен, отсек енергетика. Се зборува за предмет информатика со средна оценка 6,79 или стручниот назив на тој професор треба да биде електротехнички инжињер, значи во образованието нема раотено ни еден ден.

Музичко образование треба да предава професор кој што завршил факултет за куртурологија при Академијата на уметностите во Тирана, дипломата сеуште не му е нострифицирана. А математика и ОТП ќе предава човек кој завршил технички факултет во Битола седми степен, значи дипломиран машински инжињер со 23 години работен стаж но во Алатница во фабриката за фрижидери “ФРИНКО” - Битола. Значи повторни и покрај неговите 22 години стаж директно во производството, сега сигурно е и стечаен работник, доаѓа во образованието и треба да произведе кадри кои ќе имаат познавања за предметот математика и ОТП.

Десетиот парадокс донесување на решение за ставање на мирување на решението за формирање на паралелка број 11-52/2 од 17.09.2003 потпишана од министерот за образование. Значи од донесувањето на вашето прво решение на 4.09. до 17.09. поминуваат две недели и вашето мислење и она што сериозно сте се зафатиле да отворите една паралелка за средно образование во Битола се менува комплетно и укажувате дека се отповикува вашето решение донесено на 4.09. со решението што го носите на 17.09. Значи вие сте згрешиле, барем по ова што го прифаќам и што го гледам како образложение од ваша страна ја повлекувате оваа одлука. Но ваква работа имавме и при универзитетот во Мала Речица, кога се прогласи тоа за некоја забава на одреден број на луѓе која што инцидентно заврши

во тој случај. Во случајот Што сега се случува таа паралелка и понатаму продолжува да работи. Таа продолжува да работи на диво во приватни згради, но за разлика од тоа што е воприватни згради целиот инвентар, значи школскит еклупи табли и се она што оди со него се добиени од Министерството за образование, и таа и понатаму продолжува значи  после 4 години треба да ги очекуваме првите кадри коишто ќе ги произведе ова средно училиште во Битола, некој ќе ги признае, ќе ги нострифицира и оттаму ќе можат да се запишат дирекно на Тетовскиот универзитет.

Значи за ваша информација во општината Битола има 2,45% албанци со ова ниту по Рамковниот договор нема услови за отворање на албанска паралелка. Ви кажав дека бројот на ромското население е некаде околу 3%, а тука во границите на 2% се движи влашкото население во Битола, така да воопшто ако вие се грижевте за ова мултиетничност на Битола што ја поседува долги години наназат, уште еднаш ќе кажеме Битола не е моностири можеби за мене подобро ќе беше Хераклеја Линкенстик да ја вика, но ние сме во Битола и таа ќе биде Битола во  Република Македонија  кој како сака  нека ја вика. Од сето ова што го направивте г-дине Положани се случиј анеколку причинско последични работи. Значи тие за кои што сте вие дирекно одговорен со вашите одлуки, со вашето играње во однос на донесување, па враќање на вашето решение за тие две недели направивте револт кај основците во “Гоце Делчев, се случи револтот на родителите, па револтот на Управата на основното училиште “Гоце Делчев” каде што интервенираше и МВР, значи многу немили ситуации, се случи физички напад на тројца средношколци македонци од  кој еден беше потешко повреден со нож, се случи силување од страна на тројца ученици албанци, револт на средношколците во Битола, кои што имаше гоеми размери и кој што можеше да добие несакани последици. Формирање на невладина граѓанска асоцијација за борба против  анархијата, сето ова предизвикано поради вашето решение г-дине Положани не поради опозицијата која цело време ја обвинувате дека  некого организира. Но вие, на овој начин ако повлечете и ако кажете дека ова е како што е , а не кажувате дека е така, мислам дека борбата продолжува и понатаму. Формирањето на легитимното координативно тело на средношколците врз кои што нон стоп доаѓаат закани од најразлични страни, посебно од МВР, јас уште еднаш ќе потсетам начинот на кој што сакате ова да го нарпавите не е во ред мислам дека овие се грешки на еден министер за што значите и сега во моментот не смееше да си ги дозволи, иако имате морална доблест и квалитети, мислам дкеа треба да ја прекинеме оваа дискусија, да си дадете оставка и во некој друг порелаксиран период да се договориме за нешто што може да дојде.

Ова кажува се она што го зборувате дека обратно го работите како што и досега го кажувавме многу својствено за позицијата што сега владее маж рекол, маж одрекол, но мислам дека еднаш за секогаш да застанеме на овие работи и да знаеме што е што и кој е тука  што. Тоа во сиутацијата сака да се изиграат аргументите да се превртри вистината и да дојде некој во друга ситуација кога треба да се брани. Тоа во  Република Македонија  не смееме да го дозволиме, сме за мултиетничност за образование на сите , но не на овој начин кој што вие го спроведувате во  Република Македонија .

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Почитувани колеги, господине претседател, господине министер,

Вистина е дека проблемите на образованието, посебно на албанското мислам дека ја  карактеризираат оваа седница, оваа парламентарна седница и случајот бара да кажеме неколку зборови. Во прилог на тоа што имаме и што треба да очекуваме од тоа што со сигурност е јасно за сите дека образованието е најчуствителниот сегмент на секое општество, посебно на нашето општество овде во Македонија и мислам дека не е случајност, или не треба да сметаме дека е случајно тоа, дека овој сегмент во овој мандат му се довери да го раководи министер албанец. Но, дали се задоволни албанците од тоа што е постигнато во овој период, имајќи го во предвид дека речиси 50 години на фронтален начин е напаѓано образованието на албански јазик.  Мислам дека коинциденцијата не е случајна ниту од СДСМ, но ниту ни од ДУИ, затоа што ако тие првите преку албанците настојувале да ги неутрализираат постојните проблеми, вторите сигурно се надеваат да ги решат. Но, за жал резултатите се такви кои не даваат надеж за еден успех со кој албанците ќе кажат еве, го имавме нашиот министер, да ги реши акутните проблеми. Зошто го спомнувам актутните проблеми. Ги велам акутните затоа што сите проблеми неможат да се решат, но тие кои требаше да се решат, за жал не се решија. Беше еден знак, еден симптом, детектирачки, дека детектизмот во почетокот кога револтот на македонските ученици во Струшката гимназија поради целта на министерот да именува директор албанец, министерот веднаш се повлече од

фронтот. Не беше никаква грешка доколку директорот да беше именуван од албанец. Ќе беше многу добро, но за жал, оваа грешка самиот министер ја направи.

Ова зборува дека со еден лажен космополитизам не се решаваат проблемите во македонското општество. Овде се решаваат проблемите со одлучност, со смелост. На тој начин се помага и на самиот себе си, но и на другите.

Проблемот не е останат тука. За жал во областа на едукацијата на албанците не е вистина дека Зеф Љуш Марку, кој е еден симбол на едукацијата на албанците во Македонија да се рече дека постапките ја спречија изградбата Тогашната Влада, мислам дека 7 милиони марки ги одвои на дециден начин за тој проект. И за секоја критика е тоа што денес тој објект сеуште не е издигнат.

Ќеречеме дека е ова случајно. Не е случајност, ве молам. Ние тогаш одлучивме, имавме проект со кој акутниот проблем на учениците од средните училишта посебно во Куманово, почнува процесот на нивното решавање и тоа го имавме во проект.За жал никој не зборува за ова во Министерството за образование, или самата Влада и се помагаат приватните донатори, родителите на учениците и бизнисмените од Куманово, за да го решат овој проблем. Ова еден апсурд.

Ние неможеме да се согласиме со начинот како му пристапи на проблемот во Битола. Во прв ред треба да се знае дали тоа беше одлука на Владата или беше одлука само на министерот. Доколку беше одлука само на министерот, тогаш како смееше заменикот да ја повлече одлуката. Не зборуваме за тоа дека е без преседан некој да биде против образовниетo.Но, од обраќањето на овој начин, на министерот, мислам дека не оди во прилог на политиката за која мислиме дека ја има раководено Демократската Унија за да го земе овој ресор.

На крајот ова е едно елементарно право со кое ние не треба да правиме компромиси, значи за ова не треба да има компромис. Но секогаш јас се сомневам да не беше тоа еден таен политички договор да се направи врева во Битола за одлуката во Тетово, за тетовскиот универзитет да помине што помирно во првите моменти. Би било добро и за овие работи да се дадат образложенија. Битола е специфична, затоа што ова е за Министерството за образование, или за неколку владини структури, изгледа дека Битола е надвор од Македонија. Не, Битола е во Македонија.

Но, јас алудирам во тоа дека и прославата на 95-годишнината на Битолскиот конгрес се одржуваше во Скопје, а не во Битола. Но, за жал ова укажува кога се во прашање албанските интереси многу брзо се дезавуираме од

одлучноста.од други работи и ги оставаме на улица и продолжуваат да живеат неправдите. Независно од сето ова мислам дека е крајно време е на белото да им се рече бело, а на црното црно, дека албанскиот министер во тој ресор не да направи дискриминација, етничка дискриминација, но поголемите проблеми во образованието во Македонија се сегментот на албанското образование и тие бараат решение.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Насуфи.

Повелете господине министре, имате нешто да додадете?

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Јас не сакам да навлегувам во аргументација што господинот Насуфи ја искажа, иако ние сме земјаци, тоа не му дава за право да каже што јас сум мислел во некоја прилика.

Имено, проблемите биле во Струга затоа што јас сум сакал да поставам албански директор во гимназија. Не е вистина. Не е вистина и не сум сакал да поставам албански директор во Гимназијата во Струга. Тоа повторно го кажувам, што има тука, некој сака да ги чита моите мисли.

За 95 години од одбележувањето на азбуката се направи така и се отиде на тоа место, кака што Одборот одлучи. И Битола се направи тоа што треба да се направи, и мислам дека најдостоинствено ја прославивме оваа годишница, заедно со сите тие што мислат дека треба заеднички да ги градат нештата во иднина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали уште некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците, бидејќи треба да преминеме на гласање за поднесената интерпелација , ги молам сите пратеници кои што се надвор од салата да влезат.

( Пратениците влегуваат во салата)

Господине Мендух Тачи, рековте процедурално?

Повелете.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Бидејќи господинот Положани е исто албанец како мене, не сакам да се чуствува дискриминиран, тој зборува македонски и јас ќе зборувам македонски.

Многу е симпатичен вака, кога се труди цело време да докаже дека е поголем македонец од вас македонците тука, јас ќе гласам за него, против вашата интерпелација, затоа што дозволете господа од ВМРО да ве потсетам дека пратеникот Положани гласаше за нашата Влада, неколку пати кога ни требаа гласови. Но, јас денеска ќе гласам за него, но не од исти причини како ти што гласаше. Мислам дека многу е смешно господине министер цело време се трудите да докажете дека сте многу јак и добар македонец. Вие и Вашата партија сте на власт, вие сте министер затоа што сте албенец.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Значи пред да преминеме на гласање, Ве известувам дека Интерпелацијата се смета за прифатена, ако за неа гласале мнозинство од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање.

(Реакција на пратениците во сала)

Ве молам седнете.

Мене навистина не ми е јасно, јас пред три минути објавив дека ќе се премине на гласање, а после три минути десет души доаѓаме, и тоа нажалост од мојата партија, од мојата СДСМ.

Ве молам преминуваме на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 74 пратеници.

За понудената интерпелација гласале 20 пратеника, 1 е воздржан, 53 против.

Според тоа, констатирам дека Собранието не ја прифати интерпелацијата за работата на министерот за образование и наука господин Азис Положани.

Господинот Хисни Шаќири бара збор процедурално.

Повелете.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Имајќи го предвид значењето на точката 6 од дневниот ред, како парламентарна група на ДУИ предлагаме оваа точка да започне сега, да биде точка за дебата, значи да започнеме со втора точка на дневен ред. Значи оваа точка од точка 6 да биде точка 2 и барам поддршка на 10 пратеници за овој предлог за да се

измени дневниот ред. Да започнеме со дебата за точката број 6, што се однесува за официјализирање на Тетовскиот универзиртет.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали постои поддршка од 10 пратеници. Деловникот вели 10 пратеници, значи уште девет.

(Некои пратеници креваат рака)

Значи има поддршка.

Членот 74 вели: “Во текот на седницата по предлог на претседателот на Собранието или по предлог од 10 пратеници, Собранието без претрес може да одлучи да се извршат измени во редоследот на претресот по одделни прашања, односно да се води единствен претрес за прашања што се меѓусебно поврзани.

Бидејќи е исполнет членот 74 без претрес, го ставам предлогот за точката 6 да биде точка 2, а тоа е - Донесување на закон за основање на Државен универзитет во Тетово со Предлог на закон.

Ве молам, кој е за тоа да гласаме.

(Пратеникот Спиро Мавровски бара збор процедурално)

Да изгласаме, па после процедурално.

(Покрај пратеникот Спиро Мавровски и другите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ реагираат).

Нема никаква победа со министерот, туку десет пратеника побараа да се измени редоследот. Според членот 74 тоа е дозволено, без претрес.

(И понатаму реагираат пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

Јас ја водам седницата, го ставам на гласање предлогот следна точка да биде ...

За предлогот од 10 пратеници гласале 61 пратеник, воздржани нема, 11 се против.

Повелете сега процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сметам дека ова е злоупотреба на позицијата, злоупотреба на мнозинството во Парламентот се со единствена цел за да може во ова Собрание опозицијата да се замолчи. Ова е уште еден обид. Ние пред неколку дена го утврдивме дневниот ред, ако господинот Хисни Шаќири, се освестил денеска тоа е негов проблем, не е наш проблем. Тој знае кога се предлагаше дневниот ред дека се тие поврзани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Извинете господине Трајановски, дали членот 74 го дозволува ова?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас реков не што дозволува, дозволува ако се тие сврзани. Овие две точки немаат врска со себе. Според тоа вие можете секој ден врз основа на тој член да го менувате редослдедот. Нашите дискутанти се подготвени за покасно, па поради тоа барам пауза од 1 час између овие две точки, надвор од паузата за ручек.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза и ќе почнеме во 15,00 часот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Неможе во 15,00 часот. Тоа е времето за ручек.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Заедно со тоа и ручек.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Барам да продолжиме со 16,00 часот. Не ја злоупотребувајте паузата за ручек.

(Реакција скоро на сите пратеници во салата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ве молам вие имате право по Деловникот 1 час пауза.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Тоа ќе го побараме во 15,00 часот, ако не ни дадете од 15,00 до 16,00 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Започнуваме во 15,30 часот.

(Пауза од 13,40 часот)

(По паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме понатаму.

**Преминуваме на точката - Предлог за донесување на закон за основање на Државен универзитет во Тетово, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на законот и извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците, Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка два од амандманот X од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што

мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор има предлагачот, министерот Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Дозволете, пред вас денеска да дадам образложение за причините од донесување на Законот за донесување Закон за основање на Државен универзитет во Тетово, со Предлог на закон.

Една од основните причини за донесување на закон за основање на Универзитетот е потребата од создавање на нормативно-правни претпоставки за остварување на поголем пристап во високото образование за припадниците на сите заедници, особено за албанската заедница, но секако и за другите. Досегашните напори за зголемување на пристапот на сите заедници, а посебно на албанската заедница за високо образование, не се остварени во доволна мера и покрај периодичните заложби, како што беа донесувањето на Законот за високо образование врзано со Педагошкиот факултет, Законот за високо образование кој што е од 2000 година и други мерки, кои сигурно позитивно влијаеја во насока на зајакнување на компетентноста и на потребата за кадри од високо образование и од албанската заедница, па оттука заложбите се во насока на исполнување на досега нереализираните потреби во сверата на високото образование на албанската, а и на другите заедници.

Денес Универзитетот ќе се заснова на стручност и компетентност и тој ќе биде отворен за сите студии, за сите студенти кои ќе изразат желба и интерес да студираат на овој универзитет. Со основање на универзитетот во Тетово, воедно ќе се задоволат потребите од стручни кадри од овој дел од Републиката, но сигурно и пошироко. Притоа, треба да се има предвид дека образованието на идните кадри ќе придонесе за јакнење на стручниот, интелектуалниот и научниот потенцијал на општеството, како една од основните претпоставки за развојот на целата држава.

Исто така, донесувањето на овој закон произлегува и од потребата за остварување на заложбите во духот на Рамковниот договор, чија што цел е зајакнување на демократските и интеграционите процеси во Република Македонија.

Основните начела врз кои се темели овој закон, сигурно дека се начелата, општите начела од Законот за високо образование, за што вас веќе ви е познато.

Содржината на законот е кратка, затоа и предлагаме овој закон да се донесе и со Предлог на закон, каде што членовите, односно каде што вкупно има 6 членови и мислам дека доволно време за да се усвои и да се образложи потребата, каде веројатно, преку комисиската расправа се разменија мислења и аргументи, со кои што мислам дека ќе, а и со нивното поддржување, ќе се укаже на потребата од донесување на овој закон и се потврди самиот текст на законот.

За оценките и состојбите од областа во која се предлага овој закон и во текстот кој што ви е поделен и го имате и кој што исто така делови и сознанија кои се тука ставени се дел од обработката кои се земени од самиот проект за основање на оваа високо образовна институција, кој што беше на разгледување, сигурно и на пратеничките групи и по комисии. Не би сакал да навалегувам во детали од овој дел, но исто така, базирано врз Законот за високо образование, проектот како што е предвидено и со самиот закон, беше предмет и на разгледување од страна на Одборот за акредитација и тоа во два наврати. Еднаш, после усвојувањето на Програмата и самиот од страна на Владата, каде што беше доставено до Одборот за акредитација и добиени се заклучоци, каде што е насочена потребата за подобрување на одредени сегменти од самиот предлог, па после тоа така подобрениот и со сугестиите дадени во него, пак е упатен до Одборот за акредитација како една законска процедура, каде што сигурно го имате пред вас и мислењето на Одборот за акредитација, кој што сигурно дека укажува и на некои состојби врзани со Проектот. Сигурно, дека има и некои заложби и забелешки, кои во тек треба да се реализираат или во понатамошната постапка треба да се имаат предвид, така да заедно со комисиската расправа, каде што во три комисии како што знаете веќе помина Законот на матичната комисија, во Законодавно-правната комисија, сигурно и во Комитетот за релации меѓу заедниците. Така, заедно со тие мислења и со мислењето од ова што е со закон предвидено, кое што го имате со себе, јас предлагам, го доставувам до вас образложението за потребата и причините поради кои треба да се донесе овој закон. Се надевам дека во понатамошната расправа, ќе можеме да се вклучиме повторно ако има потреба за дополнителни објаснувања.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За збор прв се јави пратеникот Сашко Кедев, а нека се подготви пратеникот Абдулади Вејсели.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван господине претседател, почитувани пратеници, почитуван господине министре за образование,

Денес како една од основните точки на дневен ред е Предлогот за усвојување на Законот за формирање на Државен универзитет во Тетово. Основно, формално - правна основа за носење на овој закон претставуваат измените на Законот за високо образование, кои што беа донесени во ова Собрание некаде во фаза на годишните одмори, тоа беше кон крајот на јули и тој закон беше донесен по скратена постапка, без можност за јавна расправа, без можност за постигнување на консензус меѓу главните политички субјекти во државата и без добивање на официјално мислење од Универзитетот.

Основни критериуми, ќе се навратам на суштинските измени во Законот за високо образование, кои ги создадоа овие формално - правни основи за признавање на државноста на Тетовскиот универзитет.

Како една од основните причини за овие промени во Законот за високото образование, беа наведени три работи.

Најпрво, непрофункционирањето на системот на финансирање со постојниот Закон за високо образование од 2000 година.

Второ, подигање на автономијата на Универзитетот Свети “Кирил и Методиј”.

Трето, прилагодување на нашиот Закон за високо образование кон принципите на Болоњската декларација. Значи, тоа беа трите основни причини за носење за изменување и дополнување на Законот за високо образование. Во суштина основната цел за да се измени Законот за високо образование беше дадена во изменетиот член 95, кој што дотогаш се однесуваше само за примената на јазиците во високо образовните институции. Во изменетиот член 95 се вметна и начинот на финансирање на високо образовните институции со отворање на можноста на финансирање на институциите, каде што ќе студираат припадниците на етничките заедници застапени со над 20%. Тоа беше посочено дека е дел од Рамковниот договор и дека е дел од Уставните обврски на Република Македонија. Уште кога ги носевме овие измени на Законот за високо образование во ова Собрание беше посочено и демантирано дека овие измени во Законот за високото

образование не се во согласност со Рамковниот договор, поточно во цитираната точка 6 став 2, според која државата зема обврска да финансира високо образование, меѓутоа, на сегменти за кои што државата има посебен интерес и да ги финансира тие проекти со посебна спогодба. Значи, не со закон, туку со посебна спогодба. Така стои во Рамковниот договор, точка 6 став 2.

Тука, би сакал да потсетам дека претходната Влада ги задоволи овие потреби, иако не беше постигнат Рамковниот договор, значи беше отворена една современа софистицирана високо образовна институција, тоа е Факултетот, така наречениот Штулов универзитет во Тетово. Освен тоа, принципот на позитивна дискриминација беше потенциран, со што беа зголемени квотите на сите етнички заедници на веќе постојните два државни универзитети. Во исто време, уште еднаш би сакал да потсетам на амандманот ВИИИ од Уставот на Република Македонија, каде што стои дека државата зема обврска во однос на негување и потенцирање на идентитетот на сите заедници да формира образовни институции. Значи, нема посочено во Уставот високо образовни институции, туку во однос на негување и унапредување на идентитетот на сите заедници, да се образуваат образовни институции.

Уште еднаш ќе потенцирам дека високото образование не е категорија, која што го негува и го унапредува идентитетот на било кој народ, нација, заедница, туку високото образование е сегмент, кој што води кон унапредување на професионализмот на граѓаните на еден систем.

Со други зборови измените и дополнувањата на Законот за високо образование, кои што беа донесени некаде кон крајот на јули оваа година, на некој начин се неуставни и не се обврска од Рамковниот договор. Поради тоа, колку што знам, пред Уставниот суд е покренат уставен спор во однос на тоа е покренато прашањето за уставноста на овие измени и дополнувања на Законот за високо образование.

Кога дискутиравме за овие измени на Законот за високо образование, многу малку се зборуваше за Тетовскиот универзитет. Еден сегмент од дискусиите беа насочувани, меѓутоа сите дискусии беа насочени дека овој закон ќе донесе поголема достапност на високото образование на целокупната популација на Република Македонија. На сите ни беше јасно дека тие измени се носат токму за ова да се овозможи формално правна рамка, да се легализира еден институт, една институција, за која што сите знаеме на кој начин е формирана, како продолжила да работи и како работи и сега. Значи и покрај сето тоа и покрај нашите сигнализирања

и предупредувања се усвоија тие измени, кои што ние не ги поддржавме и затоа ние покренавме уставен спор во однос на измените на Законот за високо образование.

Најверојатно, уште во таа фаза беше постигнат политички договор, политички консензус меѓу претставниците на владеачката коалиција и дефинитивно денес имаме потврда дека легализирањето на Тетовскиот универзитет претставува еден политички договор.

Почитувани пратници, дали сметате дека високото образование е сегмент, кој што треба да биде субјект на политички договор. Дали високото образование претставува категорија, која што ќе се развива и унапредува врз основа на дневно политички договори помеѓу претставниците на владеачките партии. Тоа е едно од суштинските прашања. Според мене, одговорот е дека високото образование е премногу сериозна дејност, сериозен сегмент во секој систем кој што заслужува многу посебно внимание и е една категорија над политичките и дневно политичките релации во било кој систем. Тоа е пример во целиот развиен свет.

Гледајќи ја Предлог програмата на работата на Тетовскиот универзитет, многу важен сегмент претставува анализата на трите суштински делови, кои што се вклучени во било кој универзитет. Тоа значи просторот, кадарот кој што ќе ја обавува наставата и трето, опремата со која што ќе се извршува високо образовната дејност во секоја институција.

Поединечно, накратко би се задржал за сите три сегменти.

Најпрво, би се задржал, според мене за можеби најважниот од овие три сегменти, тоа е кадарот, кој што ќе биде одговорен за создавање, едицирањето и развојот на идниот високо образовен стручен кадар, кој што произлегува од било која институција, поконкретно од Малоречанскиот универзитет. Ако добро сум приметил во приложениот прелог на листа на потенцијален кадар кој што ќе ја обавува образовната институција во овој универзитет скоро минимално над 50% е задоволен во апсолутен износ бројот на високо стручниот кадар кој што ќе ја извршува едукацијата, или со други зборови од потребните 78 наставници се приложени некаде над 50% во однос на соработничкиот кадар, исто така нешто над 50% и вкупно имаме многу малку од апсолутна цифра од над 50%, состав на кадар кој што ќе биде одговорен за извршување на наставата.

Значи, апсолутен смисол, немаме формално правно задоволување на потребите за кадарот кој што ќе врши едукацијата во овој универзитет. Задржувајќи се уште на сегментот кадарот кој што ќе ја извршува образовната институција во овој

универзитет би потенцирал дека над 90% од приложените кандидати кои што лично не ги познавам имаат докторирано или магистрирано на соседни универзитети на соседни факултети. Значи, над 90% се магистри и доктори на науки на соседни држави, не на нашиот универзитет. Нема ништо лошо во тоа некој да магистрира и докторира надвор од Македонија, меѓутоа, колку што знам имаме и формално правна обврска за нострификација на дипломите на нашите магистранти, докторанти, или дипломци од други институции вклучувајќи ги и високо образовните институции во нашето соседство. Затоа би сакал исто да го прашам министерот за образование дали приложениот наставен кадар кој што е листан во предлогот за работата на Државен универзитет во Тетово, има нострифицирано и валидни магистри и докторски дипломи и сертификати во нашето Министерство за образование и кој би бил одговорот на субоптималниот број на наставниот кадар.

Значи, тоа е едно од важните прашања кое што би требало да го поставиме. Кога сме кај кадарот неизбежно се наметнува потребата да се потенцира дека не сум сигурен два или три кандидати во приложените наставници на овој државен универзитет дипломирале на овој универзитет. Значи, се дипломци на универзитетот од Тетово. Освен тоа, не само што се дипломци на тој универзитет туку магистрирале и докторирале на тој факултет и сега ги имаме приложено како кадар кој што ќе води настава на тој универзитет. Тоа е една сериозна контрадикторност посебно во сегментот на високо образование каде што знаеме за неопходната потреба за еволуција и едукација на еден високо образовен кадар да дојде до фаза да биде соработник и наставник на една високо образовна институција.

Значи, имаме кандидати кои дипломирале, магистрирале, докторирале на тој универзитет и сега бараме формирање на тој универзитет, легализација и тие луѓе се приложени како наставен кадар. Тоа е еден сериозен, многу сериозен пропуст на една институција која се декларира дека ќе има важна улога во високообразовниот процес во Република Македонија. Тука би прекинал со мојата дискусија во однос на високообразовниот кадар што ќе ја врши едукацијата на овој универзитет и би се префрлил на вториот сегмент, а тоа е просторот.

Во планот и програмата на тетовскиот универзитет е листан простор кој ќе биде на располагање на студентите и на наставниот кадар за извршување на високообразовната дејност. Најголем дел од тој простор е, според официланите податоци, градежно земјиште, каде што сеуште нема ништо изградено и е листан во незнам колку хектари дека е простор на тетовскиот универзитет. Тоа е многу

сериозен пропуст за една институција која има намера да стане државна високообразовна институција.

Во однос на сегментот простор на државниот универзитет, потенцијално државниот универзитет во Тетово, би се задржал на формално правните конфликти на интерес кои ги имала оваа високообразовна институција со судскиот систем на Република Македонија. Сите сме сведоци дека еден дел од наставата или управата на оваа институција е насилно вселена во простории кои сеуште немаат дефинирано формално-правна сопственост.

Многу често сме сведоци и во Собранието и во изјавите на претставниците на Владата и во целокупната македонска јавност дека еден од приоритетите претставува формирање, стимулирање и поддршка на правната држава. Во исто време, Владата ни нииуди проекти кои се во сериозен конфликт со правната држава и ги нуди за прифаќање во една сериозна институција, каква што претставува македонското Собрание. Уште еднаш сме сведоци на маргинализирање и потценување на целокупниот пратенички состав, без разлика дали припаѓа на позиција или опозиција. Под еднакво секој од присутните пратеници е лично потценет и понижен од Владата на Република Македонија со ваквите предлози на закони.

Пред извесно време, малку ќе отстапам од темата, бевме сведоци на прифаќањето на измените на Законот за државјанство, пред тоа беше во јули Законот за високо образование, денес е овој закон и сите овие есенцијални закони за Република Македонија се донесуваат по скратена постапка, без јавна расправа, без постигнување на евентуален политички консензус без консултација на релевантните институции.

Многу симптоматично е дека во последно време се повеќе се потенцира и се нагласува потребата за неопходноста од градењето на цивилно општество во Република Македонија. За тоа бевме сведоци на дискусии на наши познати и проминентни парламентарци во овој состав, кои своите дискусии ги фокусираа на градење на цивилно општество, градење на општество во кое секоја индивидуа ќе има максимално поле и место за лична и општествена афирмација и подобрување на стандардот на целокупното население. Меѓутоа, очигледно е дека сите овие дискусии се во правец на декларативност, можеби сурово ќе звучи зборот демагогија, меѓутоа, ништо конкретно Владата и на крајот Собранието не изгласува што ќе оди во правец на подобрување на квалитетот на животот на нашите граѓани и подобрување на иднината, посебно на младите луѓе во Република Македонија, кои

се повеќе и почесто ја напуштаат државата. Една од најчестите причини за напуштањето претставува не само невработеноста, туку и субоптималното образование. Со прифаќањето на овој предлог на закон уште повеќе ќе бидат потенцирани овие недостатоци, оваа инсуфициентност на нашиот систем.

И конечно, третиот сегмент при отворањето на една нова институција претставува опремата. Не треба некоја посебна експертиза за да се види дека приложената и приложената опрема не ги задоволува потребите на една високообразовна институција. Опремата е еден сегмент со кој не може да се пофали или неможат да се пофалат веќе постојните универзитети во Република Македонија, така што и листањето на неопходната и потенцијална опрема е навистина несериозно за ваков сериозен предлог на закон.

Почитувани пратеници,

Уште еднаш ќе го потенцирам значењето од донесувањето на овој закон. Кое е значењето на секој поединец, на секој млад човек кој има интенција да постигне соодветно високо образование. Уште еднаш ќе ја потенцирам предодреденоста и одреденоста на нашата пратеничка група, на нашата партија, и пред се сметам на конструктивната интелигенција во Република Македонија дека високото образование треба да биде достапно и ефикасно за секој граѓанин на Република Македонија, без оглед на етничката припадност.

Овој принцип во однос на етничките заедници во Република Македонија, во најголема мерка, ќе повторам, е спроведен и постигнат со отворањето на Штуловиот универзитет, една институција која даде квалитативен придонес во високообразовниот процес. Меѓутоа, за жал, денешниот Предлог-закон претставува закон кој ќе продуцира кадри и луѓе со сертификати и дипломи, меѓутоа, за жал, во моментот не можеме да очекуваме дека оваа институција ќе даде позитивен инпакт на високообразовниот процес во Република Македонија.

Неизбежно е во мојот денешен настап со неколку реченици да се задржам на нашата иницијатива за отворање и поддржување на факултет во Штип, универзитет во Штип, бидејќи сметам дека оваа иницијатива не е во конфликт и не беше покрената како паралелна иницијатива на малоречанскиот универзитет. Таа иницијатиа за прв пат е покрената пред повеќе од 30 години и за таа иницијатива тогашниот директор на Педагошката академија во Штип има добиено официјална награда “Св.Климент Охридски”, меѓутоа, тоа е одраз на поразителна реалност на нашата состојба дека една таква потреба и по 30 години не е воспоставена токму

отсуството на принципиелност и доследност на вистинските проекти кои треба да ги спроведе Република Мкедонија.

Наоѓајќи се во фаза кога Источна Македонија е во една сериозна криза и претставува еден регион кој е во многу тешко изразен степен заостанат, кога сегашната Влада на Република Македонија комплетно го игнорира целокупниот регион на Источна Македонија, не прави никакви сериозни инвестиции во овој дел и тоа е сегментот кој навистина преку отворањето на универзитетот во Штип ќе даде навистина сериозен придонес за комплетното заживување на регионот. Тоа беше една од основните постапки за отворањето на ваква високообразовна институција во регионот.

Имајќи го предвид приближувањето на процесот на одлучување за територијалната поделба во Република Македонија, тоа е уште еден сериозен показател дека Владата на Република Македонија нема концепт, правилен и вистински, за принципиелна распределба на сите инвестиции и за континуиран развој на целокупната држава Република Македонија. Очигледно е дека Западна Македонија е топ приоритет на сегашната Влада, дека целокупното живеење, инвестиции и прогрес во источниот дел се запоставени. Тоа беше една од основните инвестиции за отворање и поддржување на веќе постојната иницијатива за универзитет во Штип, кој што уште еднаш ќе повторам, не беше институција, иницијатива воведена како паралела на тетовскиот универзитет.

Затоа, уште еднаш би сакал да ја потенцирам историската одговорност, која што ја сноси секој пратеник, посебно пратениците во сегашниот состав на Собранието на Република Македонија, кои се членови на еден од универзитетите на Република Македонија. За мене е навистина несфатливо како може еден академски граѓнин или академските граѓани на Република Македонија да не ја сфатат сериозноста на овој проект, да се однесуваат со дисреспект кон овој проект и тука би ја вклучил и актуелната управа на најголемиот и најзначаен универзитет во моментот во Република Македонија, кој не даде свое официјално мислење во однос на законските прописи при донесувањето на Законот за високо образование, а и сега, Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” не донесе официјален став во однос на универзитетот во Тетово. Што се случува со нашиот Универзитет, што се случува со академскиот дел на Република Македонија? Кои се интересите, почитувани пратеници, поитуван министре, кои се интересите на академскиот сегмент на Република Македонија во однос на високообразовниот процес. Дали сметаме дека туку така ќе поминат вакви витални сегменти во однос на оправдување на

политичкиот договор меѓу владеачката гарнитура. Дали е сериозно образложението дека отворањето на новиот државен универзитет во Тетово нема да има влијание на квалитетот на работата на веќе постојните високообразовни институции. Многу наивно би било да се очекува дека македонската јавност ќе поверува на вакви ставови. Многу е наивно да се очекува, како што очекува Ректоратот на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” дека со добрата желба и волја на актуелниот министер за образование, господинот Положани и со иницијативата на актуелниот премиер на Република Македонија, во буџетот за идната година ќе се овозможи повеќе од 50% зголемување на средствата достапни на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”. Многу наивно е тоа, почитувани пратеници и почитуван министре, дека отворањето на новиот државен универзитет ќе овозможи зголемување не само на достапноста, туку и на квалитетот на високообразовниот процес. Многу наивно и потценувачки за секој граѓанин на Република Македонија, за секој економски сегмент од Република Македонија и конечно за секој пратеник дека отворањето на овој државен универзитет нема да има инпакт на работата на веќе постојните универзитети.

Едно е сигурно, со поддржувањето, отворањето и легализирањето на тетовскиот универзитет најпрво најмногу ќе изгубат младите албанци кои треба да добијат квалитетно високо образование. И кога се дискутираше за Законот за високо образование, од ова место јас потсетив дека мој личен интерес претставува квалитетното високо образование, посебно на етничките заедници бидејќи предуслов за создавање на цивилно општество претставува стабилноста на државата. Ако државата не ја потенцира својата стабилност од политички, економски и од било кој друг аспект, тогаш не може да се очекува дека отворањето на нова високообразовна институција ќе даде квалитативен придонес во животот и во создавањето на квалитетно граѓанско општество.

Со други зборови, дефинитивно е сигурно дека со легализирањето на овој универзитет најмногу ќе изгубат потенцијалните студенти, кои веќе имаат достапност на постојните универзитети, на постојниот Штулов универзитет, исклучително квалитетна високообразовна институција во Тетово, со принципот на позитивна дискриминација и зголемување на квотите на постојните универзитети, со можноста за спојување на сите квалитетни проекти што ги нуди оваа институција со Штуловиот универзитет, тоа е сигурно најоптималниот начин на кој би требало да се унапредува високото образование во Република Македонија, а не вакви сурови политички договори меѓу претставници на политичка гарнитура, кои не само што ќе им го

ускратат правото на младите албанци да добијат квалитетно високо образование, во сигњификантна мерка ќе го оштетат секој млад академски граѓанин, студент на Република Македонија, кој лично ќе го почувствува на себе, преку намалување на својот студентски стандард и конечно преку намалувањето на квалитетот на високото образование што ќе го постигне.

Со вакви несериозни проекти многу брзо ќе бидеме сведоци на комплетно понижување и неприфаќање на нашите високообразовни институции, на нашите сертификати кои ќе ги даваат овие институции и конечно еден дисреспект на Меѓународната заедница, која веќе формално се изјасни дека во оваа институција не постојат просторни и сериозни можности за една оптимална високообразовна институција.

За сега толку и ви благодарам за вниманието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прв се јави за реплика господинот Хусеини Хусеинџевад.

ХУСЕИНИ ХУСЕИНЏЕВАД:

Јас му благодарам многу на господинот Кедев, познат научник, кој што многу го почитувам, за вниманието што го посвети на квалитетот на образованието на албанците. Меѓутоа, ние албанците сме тие што многу повеќе внимаваме и се грижиме за овој квалитет, господине Кедев и немојте многу да се грижите затоа што можеби после кратко време студентите македонци ќе студираат на нашиот универзитет токму поради квалитетот. Тоа е како прво.

Второ, да претпоставиме една хипотетична ситуација, ако на пример идната година бидеме во Европската унија и од нас се бара да се придржуваме кон стардардите и критериумите на Кембрич или Сорбона. Дали ќе го затвориме универзитетот “Кирил и Методиј” или тетовскиот универзитет?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кедев, една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Уште еднаш би сакал да потенцирам дека не само мој личен интерес, став на нашата партија, мислам дека е став и на секој сериозен академски граѓанин на

Република Македонија дека сите граѓани, посебно припадниците на сите етнички заедници да имаат оптимално образование, посебно високо образование.

Во однос на потребите за постигнување европски критериуми не се задржав на Болоњската декларација што беше еден од предусловите за реформите во високото образование, меѓутоа, секој пратеник кој што не ја прочитал би требало да ја прочита оваа декларација и оваа декларација е насочена не само кон зголемување на достапноста на високото образование, туку и фокусираноста, детерминираноста на побитни сегменти на високообразовниот процес, кои конечно ќе резултираат со поквалитетно високо образование. Значи, Болоњската декларација, европските критериуми се насочени кон квалитет во високообразовниот процес.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Теута Арифи, повелете, три минути.

ТЕУТА АРИФИ:

Почитуван претседателе, благодарам.

Навистина жалам што колега Кедев, еден универзитетски професор зборува за универзитетот, кој зборува за таква опасност кон универзитетот. Во ниту една држава во светот не е опасност отворање на универзитети. Секој знае дека опасност претставува нешто друго. Мислам дека бев многу искрена кога зборувавме за високото образование, во репликата со вас кога реков дека со донесувањето на овој закон се отвора пат за универзитет во Тетово, а ние во овој случај не сакаме ниту да ги потценуваме или негираме досегашните активности што се направени во високото образование на албански јазик, но мислам дека е време да се направи еден чекор напред и да се оди во изградба на нови институции.

Вие рековте дека универзитетот не е прашање на идентитетот. Да, тоа е токму место каде што се појавува идентитетот на културата, на нацијата, каде се градат институции, каде се изразуваат идентитетите и мислам дека токму тоа е местото каде што се прави тоа. На крајот на краиштата, кога говориме за кадри, кога зборувате за кадри формирани надвор од Македонија, многу ми е жал што морам да го спомнам фактот дека на 60-годишнината од постоењето на Универзитетот во Скопје не докторирале ниту десетмина албанци на оној универзитет, што за жал дава многу лоша слика за бројот или процентот на студентите од националностите. Јас мислам дека токму со овој закон што го донесуваме денес, ние отвораме пат за

изградба на квалитетни системи, каде што е фактички во интерес на сите граѓани на Република Македонија, а исто така и на албанците во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика една минута за господинот Кедев, повелете.

САШКО КЕДЕВ:

Најпрвин благодарам за репликата и во однос на опасноста од отворање на државен универзитет што јас ја презентирав, би сакал да потенцирам дека никој не е против отворање на приватни високообразовни институции било каде во светот. Меѓутоа отворање и ставање под државен буџет на една високообразовна институција, која ќе продуцира стотици и илјадници кадри на државна сметка воопшто, со сомнителен квалитет на високо образование и со високо селективен етнички профил навистина претставува опасност.

Во однос на идентитетот, покомпетентните би требало да кажат дали високото образование претставува категорија што го изразува идентитетот. Според сите светски стандарди одговорот е не.

Уште еднаш би се задржал на сегментот за правната држава кој беше потенциран.

Го повикувам и министерот за образование да го образложи правниот сегмент, дали просторот на тетовскиот универзитет кој е со конфликт, формален, правен конфликт на интерес и кадарот кој што не ги задоволува критериумите водат кон градење на правна држава, што ќе ја стабилизира Република Македонија.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Почитувани колеги, г. Кедев или намерно или пак не сте добро информирани кога зборувате за прашањето на овој Закон што го имате денеска пред вас дозволете да констатирам дека денеска не се разговара за легализација на Тетовскиот универзитет. Денеска се разговара за легализирање на универзитет на ДУИ и на СДСМ. Тетовскиот универзитет има структурии поинакви управни, има навистина, доволен број на студенти 12 или 13 илјади и има приличен број на професори, 13 факултети и овие прашања не треба да се дискутираат дука, затоа што неколку пати  ги слушнав пратениците и функционерите  на СДСМ со тоа го

подразбираат правото на создавање на приватни универзитети на албански јазик, а не легализирање на тетовскиот универзитет. Другите кои што молченшкум понимуваат околу ова прашање за легализација на тетовскиот универзитет со политички маркетинг кој за жал на албанците ќе се врати како многу силем бумеранг Тетовскиот универзитет врз основа на тоа што ние имаме познавања врз основа на тој Закон, или пак Универзитетот што го легализираат партиите од власта, за жал ќе остане надвор од законот над 70% кој што мене лично и мојата партија навистина ме загрижуваат поради тоа што 10 илјади луѓе кои што се таму да останат без перспектива, веќе нема да имаме само прашање за високото образование на културата итн. туку станува збор за безбедноста на државата. Затоа би апелирал многу да не се грижите, нема да има никаков универзитет, нема да има никаква легализација и нема да има никакво ново структуирање на високото образование и како што се разговара се тоа се само политички теми и ништо повеќе.

Ви благодарам.

САШКО КЕДЕВ:

Ви благодарам г. Тачи за вашата реплика и би сакал во името на актуелната пратеничка група на вашата партија јавно да се заблагодарам на тогашната коалиција која што најде сила и енергија и принципиелност да формира една институција, како што е Штуловиот универзитет кој што даде нова слика и димензија на високообразовниот процес во Република Македонија и отворија една современа институција во кој што и претходниот репликант, почитуваната г-ѓа Арифи е проминентен наставник и дава секако еден придонес во високо образовниот процес во Република Македонија, со што на штуловиот универзитет се потенцира мултикултурниот, мултиетничкиот и мутинационалниот пристап по секој сегмент. Отворањето на оваа институција навистина е квалитативен чекор напред, во градењето на соживот и мултиетничкиот соживот во Република Македонија. А легализирањето на тетовскиот универзитет е нешто сосема спротивно од наведеното.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Невзат Бејта имате реплика . Повелете имате три минути.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ве поздравувам сите, почитуван претседателе, почитуван министре, поради тоа што времето за реплика е ограничено, јас ќе земам збор и ќе разјаснам добро што е приватен универзитет а што е државен универзитет. Ние тука зборуваме за државен универзитет во нашата заедничка држава со нашиот коалиционен партнер. Репликата ќе ја насочам кон г-дин Кедев каде што тие не избираат начин и форма да ги навредат нашите почитувани професори од Тетовскиот универзитет. Нека се навратат малку назат како е создаден Универзитетот "Свети Кирил и Методиј". Дали имало пред да се основа универзитетот некои доктори на науки од редовие на македонската заедница. Тие завршиле нивни студии и ги одбраниле нивните тези во соседните држави. Така се случува и со нашите професори кои што предаваат како редовни професори на Тетовскиот универзитет. Тие завршиле во содедните држави, тоа е точно, меѓутоа тоа се заслужни професори. Некој завршил во Тирана, Приштина, Загреб, Белград, меѓутоа имаме многу професори кои што завршиле факултет и докторирале на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј", и не се дозволува, меѓутоа ако вашиот кодош погрешно ве информира, значи вие сте погрешно информирани и јас како колега ги поканувам еден ден да дојдат со мене да одиме да се напиеме кафе во Тетовскиот универзитет и ќе видите со какви професори разговарате. Тоа се многу заслужни професори, засега толку, повеќе ќе зборувам кога ќе земам збор за основањето на државниот универзитет во Републиката

Благодарам

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Кедев имате една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Му благодарам на колегата пратеник за репликата бидејќи уште еднаш самиот ја потенцира важноста на начинот на кој што се формира еден универзитет. Беше посочено оснивањето на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј". Јас сакам да кажам пример на кој начин треба да се формира државен универзитет. Сакаме да признаеме или не, во таа фаза, назначи во поранешна Југославија е еден оптимален пристап за формирање на високообразовна институција, тогашниот пример со Универзитетот "Свети Кирил и Методиј". Како пример ќе го наведам Медицинскиот факултет. На Медицинскиот факултет е донесен најквалитетниот кадар од бивша Југославија. Најквалитетните наставници во сите базични и клинички науки биле

лоцирани во Скопје. Тоа била причината многу интервенции, многу оперативни процедури, многу институтски сегменти да бидат развиени во Скопје. За прв пат кардиохирушката интервенција е изведена во Скопје кон крајот на 50-тите години. Тоа било причина, значи во Скопје биле доведени најквалитетните настаници . Со Универзитетот во Тетово добиваме обратна слика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика има г. Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам г. претседателе ќе се обидам во три минути што ми се дозволени да дадам одговор на г. Кедев за она што два три пати потенцира , а тоа врз правна основа.

Господине Кедев вие добро цитиравте една точка од Охридкиот договор, но заборавивте да направите една разлика што се однесува до високото образование и универзитет. Доколку не го знаете, земете го член 4 за високо образование и ќе видите дека таму многу јасно се вели дека институцијата за високо образование се универзитет, факултети и виши школи. Која е правната основа за овој закон и високото образование. Член 8, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија вели вака: се што не е забрането со Законот е прифатено. Ве молам прочитајте една уставна одредба каде што е забрането школувањето на високото образование на албанците во Република Македонија на својот мајчин јазик. Член 24 алинеја 2 вели секој има право во образованието никаде не се потенцира осмолетка, средно туку секој има право на образование. Членот 27 алинеја 1 и 2 гарантираат правото со научно дејствување уметничко итн. И на крајот амандманот 8 алинеја 3 , која што вие ја нагласивте дозволува можност за формирање на институции образовни, научни, културни итн. за сите припадници на етничките заедници. Не ги спомнува и некои други членови во овој случај во полза на формирањето на институција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Кедев имате една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам на претходниот дискутант за репликата и само ќе кажам дека ние воопшто не помислуваме на занбрана на високото образование на албанците во Македонија. Тоа е далеку од нашата иницијатива, од нашиот пристап. Ние само

размислуваме да го подобриме квалиетот на високото образование и да го насочиме овој квалитет кој ќе даде придонес за стабилизирање на целокупниот живот во Република Македонија . Значи ние ни оддалеку не помислуваме за забрана на високото образование, туку за унапредување и за носење на луѓе кои ќе го подигнат квалитетот на високото образование. Воопшто да нема тука дилема. Меѓутоа, отворањето на државниот универзитет во Тетово, сигурно ќе го намали квалитетот не само на високото образование на постоечките универзитети, туку ќе ги осуди потенцијалните студенти на субоптимално и инсуфициентно високо образование.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Одкако зборуваше г. Кедев остана уште да зборува г-ѓата Весна Борозан . Вие сте за збор или за реплика.  (за збор)

Следниот дискутент е г. Абдулади Вејсели, а понего нека се подготви пратеникот Жарко Караџоски.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници, претставници на Влада.

Денеска отпочна дебатата за Законот за основање на државен универзитет во Тетово. Со едон кратко образложение од страна на министерот и веднаш со една остра дебата од македонската страна. Сега се зборува на кој табор припаѓаме. На таборот или на страната на коалицијата, на етничката припадност или на етничките табори во овој Парламент. Навистина, се чудам дека сеуште користиме речници од минатото, меѓутоа, сигурно тие речници ги користи некој пратеник немајќи образложение, или оправдување за закон што се предлага денес. Верувајте дека навистина јавноста има потреба да се информира малку подетално за ова што се работи денеска во Парламентот, затоа што за мене е првата дилема, пред да навлезам во дебата за овој закон е дали правиме нов универзитет, основаме нов универзитет или легализираме универзите ој што е основан во 1994 година од албанските интелектуалци во Тетово, со подршка на три општини, тогашни општини Тетово, Гостивар и Дебар и со силна поддршка на политичките партии, албански политички партии во Република Македонија  кои што дејствуваа во тоа време и албанските интелектуалци. Јас ова нешто во Законот не го гледам.

Второ, во Законот на многу јасен и дециден начин се нагласува дека сите тие кои што завршиле настава во Тетовскиот универзитет ќе важат законските одредби од Законот за високо образование. Тие се преодни одредби и член 193 кој што вели дека од моментот на основање на еден државен универзитет во Тетово, сите тие ќе бидат подложени на повторно испитување, или ќе почнат од прва година. Значи тие го верификуваат нивното знаење. Каде ќе го верификуваат нивното знаење тие студенти, се поставува прашање. На пример, да го земеме Правниот факултет дали има поспособни од тие професори, или тие ќе одат кај некој друг. Овие дилеми ми се наметнуваат уште пред да почнам да дебатирам за законот.

Трето, да не ги споменеме и да не ја дезинформираме јавноста дека Универзитетот не го прави ни СДСМ ни ДУИ, ниту може да го оспори ВМРО или ДПА . Меѓутоа, ни ПДП да бидеме јасни. Универзитетот го направи војната во Република Македонија  и тука ставете точка.

Четврто, универзитетот го направи Охридскиот договор. Денеска да не продаваме демагогија го потпишал тој договор Љубчо Георгиевски и Бранко Црвенковски, Арбен Џафери и тогашниот претседател на ПДП Имер Имери. Да ги разјасниме овие работи.

Одиме понатаму. Второто прашање на кое што биле обврзани било која влада да дојдеше сега не оваа , туку да беше и ВМРО-ДПМНЕ, или ВМРО-ПДП, или било која Влада да беше , беше обврзана да го стави овој предлог закон , затоа што е договор. А договорот е обврска за секој кој што го потпишува тој договор, ако не го потцениш твојот збор, или твојот потпис, како што сеслучува овие денови. Гледаме работите се јасни.

Затоа, ќе нагласам уште еден момент, во кој што овој закон е гарантиран да се донесе во Република Македонија. Вие знаете дека со прашањето на приамбулата и член 19 за еднаквост на верските заедници ПДП беше да не се поддржат измените во приамбулата, затоа што ние во Охрид направивме граѓански концепт во кој  што сите граѓани ќе бидат еднакви, без да се спомне Македонци, Албанци, Титци и Власи, туку граѓани на Република Македонија . Вие знаете дека тогаш со иницијатива на македонските политички партии и сакајќи да има мир во куќа, затоа што уште бевме во една ситуација на војна, тогаш и меѓународинот фактор инсистираше кај албанските политички партии да се обидат да ценат малку поинаку затоа што  во овие моменти на Македонија и треба мир. Имајќи ги предвид дека за тоа беа согласни и политичките партии на македонците, некои албански политички партии, значи и военото крило кое што излезе од тоа време. Меѓутоа, ПДП беше

најгласен тоа време и со цел да биде до крај принципиелна да се придржи на принципите кои што се изградија заедно.  Тогаш знаете дека имавме силен притисок и од меѓународниот фактор и тоа нетреба да се крие и од Американската амбасада и од ЕУ и од јавноста, не од широката јавност затоа што јавноста тогаш ја поддржуваше  ПДП и бевме принудени да попуштиме и да ја прифатиме измената на приамбулата. Меѓутоа, во тоа време писмено се испрати писмо до ПДП, после средбата што ја имавме со г. Лероа, претставник на ЕУ и амбасадорката на САД, затоа што имаше еден вакум, уште не беше дојден г. Батлер, г-ѓа Нес во која што се потпишаа двајцата. И писмото на такстативен начин вели вака: Ако албанците, односно партијата, односно ПДП се согласуваат за измена на преамбулаа и член 19, таа согласност не била по наша волја меѓутоа, беше притисок, повторно го спомнувам дека беше притисок кон ПДП, тогаш од Меѓународната заедница, ЕУ и САД ќе гарантираат легализирање на Тетовскиот универзитет.

Ова го имаме ние, тоа писмо го имаме ние кое што е испратено и потпишано од претставникот на Европската унија и САД. Писмото е насочено до ПДП. Затоа ние што го правиме денес е задача која што е лично наша, не ни требаат политички поени. Јас зборувам за себе. Добро е што е предложен ваков закон. Ние овој закон ќе го подржиме, меѓутоа ќе го подржиме правејќи ги сите забелешки бидејќи можело да има и подобар закон. Со ова треба да се согласиме сите. Овде можеме да зборуваме со месеци, со аргументи дека можело да има подобар закон.

Ќе нагласам уште нешто, во 1998 година пред истекот на тогашниот мандат на парламентарците, пред почетокот на изборите ПДП имало со договор со СДСМ ако се победи на тогашнит избори ние ќе направиме универзитет,, меѓутоа ќе го легализираме тетовскиот универзитет, а не нов универзитет. Дури имало и многу остри дебати меѓу ПДП и СДСМ во политички кругови како ќе изгледа тој универзитет. Дали ќе биде така како што е формиран 1994 година, или ќе биде универзитет кој што ќе произведува кадри само за средно и основно образование, што за ПДП било неприфатливо. Пред 3 - 4 години за ПДП тоа било неприфатливо. И денес имаме еден таков предлог. Мене ми се чини, кога го враќам филмот назад, навистина не се работело воопшто, за да направи нешто повеќе. Дали има можност, како нема можност. Јас ќе дадам само еден пример. Пред неколку дена друштвото на лекарите албанци во Тетово одржаа своја конференција и за мене одлуките од таа конференција се многу заслужни, затоа што таа е голема конференција, големо друштво и таму учествуваат сите интелектуалци, од општи лекари до тие со звања, научни звања. Пораката од таа конференција беше не ни треба универзитет без да

се стави таму и факултетот за медицина. Сега се поставува прашање, на таа конференција учествуваа двајца министри од актуелната власт на Република Македонија, министерот за образование и министерот за здравство, кој од тие министри стана на таа конференција и рече се извинувам господа меѓутоа факултетот за медицина не може да влезе во овој закон поради овие и овие причини. Оваа работа не ја направи министерот и ова продолжува да звучи кај албанската јавност, зошто не се прави медицински факултет. Дали има потреба албанците, на крајот на краиштата дали има потреба пазарот на трудот за овој факултет. Јас ви гарантирам дека за тоа во Тетово има потреба, во Тетово има само двајца или тројца работа без работа кои поради разни причини не добиваат работен однос, меѓутоа, сега се бара, приватната иницијатива бара лекари, а лекари нема. Ова ви го кажувам со полна одговорност врз основа на разговорите кои што сум ги имал со еминентни луѓе кои се занимаваат со оваа работа и со оваа проблематика.

Вие знаете дека ПДП била секогаш против тоа високото образование да се опфаќа со Штуловиот универзитет. Зборувам за државен. Значи, никогаш не сме биле против и нема да бидеме и во иднина против основање на универзитети било да се приватни како Штуловиот, или во Источна Европа, како што пред некоку години го направивме Педагошкиот факултет во Скопје, за кој што имавме големи критики, меѓутоа, тоа денес тоа опстана. Остана и тој од Југоисточна Европа, меѓутоа нема да имаме ништо против утре да има нови приватни иницијативи, било да се во Западна било да се во Источна Македонија, како што рече господинот Кедев во Штип. Дури кога ќе предлагате вие таков закон јас ќе ве поддржам, затоа што Република Македонија има потреба од образовани луѓе, има потреба од луѓе кои ќе можат да комуницират меѓу себе. Така ќе можат послободно и подобро да комуницираат луѓе кои што образувани.

Меѓутоа, јас не можам да разберам ако не се согласувате со мене, тоа е нешто друго, ние сакаме да го решиме проблемот со албанците во високото образование. Дали сакаме или не сакаме да го решиме проблемот. Ова е проблемот, што значи дека вака е поставена проблематиката.

Ако мислите дека со овој закон сме го решиле проблемот на албанците за високото образование, навистина длабоко грешите и сте во длабок сон. Проблемот на албанците со овој закон ќе се реши делумно, меѓутоа нема да се реши до крај. Нема албанците да ја добијат позицијата која што им припаѓа во ова друштво, во ова општество, затоа што не треба да прифатиме и треба да бидеме многу офанзивни, нападни кога ни се споменува дека еве на албанците им се дава

високо образование. Не на албанците им припаѓа, на албанците не им се дава, затоа што албанците не сакаат дел од никого, туку сакаат да бидат газди на тоа што е нивно, нивни дел, а нивниот дел е да бидат еднакви во оваа држава во секоја област, во секоја сфера од животот. И не може поинаку. Секој што мисли поинаку дека ќе може сеуште да манипулира со дел од граѓаните на Република Македонија навистина мислам дека греши и тие грешки ќе ги плати скапо ако продолжи понатаму на овој начин.

Затоа, јас мислам дека со ова што денес го правиме, значи треба да бидам многу деструктивен, многу расипан, за да кажам дека не правиме чекор на добро, меѓутоа не е вистинскиот чекор за албанците во Република Македонија. Ова го кажувам со полна одговорност, затоа што утре ќе дојдеме во ситуација ако дејствуваме на овој начин, ќе дојдеме во ситуација да се основа универзитет во Тетово, меѓутоа и понатаму да работи универзитетот кој што работи од 1994 година. Сега ние како албанци ја прифаќаме вината и цело време сме рекле, ако некој не рекол од албанците повелете нека ме демантира, универзитетот во Тетово е основан според тогашниот актуелен закон за насочено образование. Универзитетот во Битола го основале три општини, додека овој универзитет во Тетово од 1994 година исто така го основале три општини, тројца претседатели на општини ставиле потпис.

Друго прашање е тоа што немаше политичко чувство кај нашиот партнер на тогашната коалиција кој што немаше политичко чувство за сенс да прифати нешто и тогаш се наголемија проблемите и дојде Република Македонија таму каде што дојде. Затоа ако се стапне врз тоа што ние сме го направиле, ценете добро, оценувајте добро дали треба да го газиме тоа што ние сме го трасирале, затоа што тогаш ќе направиме голема историска грешка која ќе ја плаќаат идните генерации, нови генерации и ќе ни речат какви политичари сме имале кои што сами го основале универзитетот и сами го растуриле универзитетот и основаа еден нов универзитет.

Ве молам, ако одиме на овој начин, тогаш верувајте дека плаќањето ќе биде скапо. Токму ние први како албанци, не зборувам за политичката припадност, не зборувам за политичка провиниенција, туку зборувам од еден друг агол. Зборувам од аспект на обичен граѓанин, обичен граѓанин албанец, кој што сака да го школува своето дете како детето на еден граѓанин македонец. И ако ние газиме врз сето ова, тогаш јас лично нема да се согласам и немам таков мандат да се согласам било од мојот електорат, било од партијата на која што и припаѓам, затоа што ние денес тука

треба да кажеме подобри зборови, зборови за благодарност за сите тие што ја подигнаа иницијативата 1994 година. Тие што ја одржаа оваа институција до ден денес, меѓутоа и за сите тие кои што навистина дадоа придонес во овој универзитет, за да излезат кадри, и ако некој не обвинува дека кадрите од тетовскиот универзитет биле многу слаби. Не е вистина. Тие се многу добри кадри, затоа што им предавале еминентни професори, професори кои што ги прифатил и Белград, меѓутоа албанци кои што се од :Приштина во поранешна Југославија. Би ги споменал Ставрилити, господинот Зејнула Груда, Куртиш Салиу и мнгоу, мнгоу други, да не ги споменувам сега затоа што не е местото за споменување. Но, би споменал многу способни професори не само од поранешна Југославија од Белград, Загрев, туку од надвор од тогашните граници на тогашната Југославија. Сега вие да ги потцените тие студенти, ние нема да дозволиме. И јас нема да дозволам, да ги потцени некој.

Друго прашање е, на пример да го земеме господин Кедев кој што денес е доктор на науки на Кардиохирургија. Зарем не постоел некој албанец паметен и тој да биде денес кардиохирург? Немало можност каде да се школува. Тој бил затворен. Медицинскиот факултет бил затворен за албанците во Македонија и тој нема простор. Еве еден пример. Еден албанец од Република Македонија кој што немал можност да студира во Скопје токму на Медицинскиот факултет отиде и се запиша на Приштинскиот факултет. Таму заврши факултет и отиде магистрира и докторира надвор и денес е најдобар кардиохирург. Вие можеби го знаете, тоа е доктор професор господин Фатмир. Работи на Шварцшвалската клиника во Швајцарија. Ако биле отворени овие двете, доколку вие, или колку што сте македонци во таа клиника, ако имаше и од вашиот општ број има двајца тројца албанци. Јас можам да ги набројам на прсти во скопските клиники колку има доктори и професори албанци. Еден, двајца, тројца, толку има, нема каде. Толку се, нема. И ние денес да не бидеме унитарни? Го прашувам министерот за образование во име на Влада колку ги консултирале партиите кои биле потписнички на Охридскиот договор. Сте биле и вие во таа партија, сте имале барем морална човечка обврска ако ништо друго, колку сте ја консултирале другата партија. Не е работата да донесете закон кој што нема да го подржам јас, или ќе го подржам јас. Еве од сега ви кажувам ќе го подржам затоа што се што е конструктивно, јас ќе го подржам, затоа што јас не мислам дека ова е нешто на штета на албанците. Ова е чекор напред, меѓутоа, ова не го решава проблемот. Идната година ние ќе имаме нов пробем, веќе е најавен. Затоа, треба да ги расчистиме овие работи. Треба да има консензус. Ако не одбијат македонците и речат ова е албанско прашање, ајде ние албанците да разговараме за ова кои се

тие факултети кои се потребни на тетовскиот универзитет. Дали има факултет кој што функционира денес и кој што е од повеќе и да немаме кадри за него. Ајде заедно да се разбереме. Ќе се разбереме и тоа не сасмо политичките партии на албанците, туку и повеќе. Значи, политиката треба да биде подалеку од образованието. Јас ве прашувам колку албански интелектуалци од тетовскиот факултет се консултирале за основање на овој факултет. Јас ви гарантирам деак можеби еден мал број, еден мал дел, затоа што сме ние во секојдневни контакти со луѓето и со професори од таа институција. Ние не сме го решиле проблемот ако излеземе иречеме ние го донесовме законот, а вие треба да го почитувате. Не. Таму има 12.000 - 13.000 студенти и тие не го почитуваат. Што ќе правиме ние? Ќе се вратиме ли назад. Ѕид, нема каде да одиме. Ние треба да бидеме на услуга на тие студенти. Ние сме нивни слуги. Ние треба да создадеме нивна иднина. Не можеме ние нешто да наметнеме на албанската младина. Тоа да го кажеме јасно. Ние не можеме веќе да создадеме политика како во времето на монизмот, јас ти ја давам оваа чаша, ако сакаш пиј, ако не не, не мораш. Треба да ги расчистиме овие дилеми. Јас до денес не видов дека овие дилеми се расчистени. Еве ќе дојде февруари 2004 година. Го прашувате ли лидерот на СДСМ кој кажува Охридскиот договор освен децентализацијата е готово. Јас ви велам дека Охридскиот договор не е завршен. Ќе дојде февруари 2004 година што ќе и кажеме на јавноста? Сме земале обврска како потписници на Охридскиот договор, а никој ништо не не прашува. Утре јас што ќе правам? Ќе речам не го прифаќам Охридскиот договор, затоа што јас го потпишав, ама не сум реализирал, не сум имал можност, никој не ме консултирал. Ако мислите дека работите сами од себе се прават, ние сме биле во Влада шест години и една работа што сме ја направиле сами да знаете дека сме погрешиле. Сигурно, еве и другите биле четири години и тие што го правеле сами погрешиле. Грешките сами си се прават. Работите сами од себе не одат. Еве видете ги од СДСМ за се одат кај ЛДП и се многу посилни. Навистина. Не зборував тука за владина коалиција. Несакам во Влада и никогаш ПДП нема да влезе во Влада до истекот на овој мандат, меѓутоа помош на луѓето им треба со 10-годишно искуство ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, држете се за темата, партиите оставете ги настрана.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Јас господине претседателе зборувам за Законот, затоа што законот произлегува од Охридскиот договор, а Охридскиот договор го потпишале политичките партии, не го потпишал Господ. Луѓе го потпишале Охридскиот договор, Бранко Црвенковски, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери и Имер Имери. Токму овој закон. Денес ние го разгледуваме, Владата го предлага, ние треба да го усвоиме, произлегува токму од тој Охридски договор. Ако ние не разговараме за Охридскиот договор, и ако речам дека Охридскиот договор треба да се имплементира до февруари 2004 година, јас мислам дека не грешам, затоа што мислам дека видов и едно ваше интервју во “Старт” каде рековте дека приоритет е имплементирање на Охридскиот договор, потоа ќе одиме во другите, економските, социјалните сегменти. Затоа ве молам, не мислам дека излегувам од темата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мислев на релациите во коалицијата што ги давате.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Можеби зборувам малку брзо, вистина е, можеби е малку турбо, меѓутоа, верувајте ќе се обидам да бидам побавен, меѓутоа и концентрацијата ја изгубив, затоа што јас не сум земал хартија за читање.

Да се вратиме кај законот. Верувам дека можностите биле поголеми и не се употребиле сите капацитети за постигнување на максимумот за усвојување на еден закон кој што навистина ќе ни приличеше на сите. Јас повторно мислам дека има време Владата, барем таа привилегија ја има, Владата кон пратениците, затоа што оваа дебата сигурно ќе трае два, три, па и четири дена, па ќе имате време да интервенирате со други амандмани, или да прифатите нешто од амандманите кои што се веќе предложени од пратеници од разни политички партии, кои го подобруваат статусот на законот, затоа што уште еднаш ви велам и тоа на сите пратеници, и на пратеници македонци, затоа што ние сме дел од едно општество, дали сакате да го решите проблемот, или сакате проблемот да остане и понатаму отворен. Ако мислите дека некој ви рекол дека со ова ќе се реши проблемот на високото образование, јас мислам дека греши. Ако некој мисли дека со предлозите на овој закон завршува Охридскиот договор и со ова грешите. Ако некој мисли дека со Охридскиот договор завршуваат барањата на албанците и ова е грешка. Јас ви велам, Охридскиот договор е добра основа за дистигнувања на националната граѓанска еднаквост во оваа држава, меѓутоа, ова не е поклопецот, затоа што

политичките процеси се развиваат, реформите се прават и понатаму. Неможе утре ако има потреба да се отвори универзитет во Штип, ние не велиме дека Охридскиот договор не дозволува универзитет во Штип. Можеби утре ќе има потреба да се отвори уште еден универзитет во Кичево, зошто да го спречиме тоа. Затоа, јас мислам дека сите заедно треба да размислуваме, посебно во владиниот дел и има време да размислува и да направи малку пошироки консултации, навистина да продолжиме и усвоиме еден закон кој ќе биде во функција и употреба на оние студенти, на тие што имаат потреба и барање од ова. Инаку, повторно велам и од оваа говорница, за да не произлезе поинаку. ПДП и нејзините двајца пратеници ќе го гласаат овој закон, меѓутоа, забелешките ги кажавме, затоа што одговорноста ќе ја имате вие што сте во владата. Со ова нема да можете да ги исполните сите барања, или не можете да го реализирате сонот на студентите албанци, на сите тие кои завршиле на тетовскиот универзитет ќе останат со невалидни дипломи и тие ќе ни се соберат пред Владата и пред Парламентот и нас по пат ќе не земат и ќе не опколат, ќе речат кого вие таму го претставувате, не можете да го решите нашиот проблем. Затоа, размислете добро, затоа што проблемот суштината на законот требаше да биде токму тоа да го реши проблемот на оние студенти кои завршиле на тетовскиот универзитет и тие што се во тек на настава, учење од прва година до апсолвенти.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Г-дине Вејсели.

Збор има пратеникот Жарко Караџоски, а по него нека се подготви пратеникот Замир Дика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Еве го толку очекуваниот закон. Не мораше, почитувани колеги од СДС, да бидете толку нестрпливи ќе дојдеше законот дали денес или утре, не мораше ни да вјасате да ја поместите точката од 6-та на 2-ра, се на се ќе потрошевте уште два часа, Законот вака или онака ќе дојдеше на дневен ред. Според тоа, не ја гледам причината зошто толку вјасате. Можевте да се стрпите барем уште некој час. Ако ништо друго можевте барем да ги послушате оние граѓани кои што онде протестираа и ако најмалку што можете да прифатите од нив е барем еден ден да го одложевте и

со ова да почневме утре да расправаме. Но, очигледно некому многу му се брза, а тоа брзање го слушнавме и овде од дискутантите каде бил мотивот, еве сега го слушнавме, може би за се е виновен некој што во 1998 година гласаше за онаа коалиција која тогаш победи, па за жал, го расипа договорот помеѓу ПДП и СДС уште во 1998 година, да го имаме овој закон. И, навистина, ќе ни беа скратени маките денеска немаше да разговараме и можеби тогаш беа порелаксирани односите итн., а што е најбитно, како што кажа г-динот Вејсели една од добрите работи ќе беше, што немаше да имаме војна. Пошто, убаво кажа г-динот Вејсели војната го донесе законот. Така тој кажа. Но, тоа е, почитувани колеги, од сите дискутанти овдека што ги слушавме и допрва што ќе ги слушаме, јасно ќе произлезе една вистина, која како што сакате да ја вртите, таа е. Ова е, почитувани колеги, овој закон исклучиво политика и ништо друго.

Почитуван претседателе, се надевам дека нема да ме опоменувате, се држам до законот, затоа што законот затоа што законот е се на се пет члена и тој закон буквално не кажува кој знае што, но пак е главната причина кога зборуваме за донесување, кога зборуваме за предлог за донесување, кој што со заклучок треба да го усвоиме, имаме право дса кажеме кои се мотивите, кои се причините, има или нема потреба од донесување на овој закон, а тогаш и во таква конотација мора да спомнеме се она што се случувало и се она што ќе се случува.

Значи, почитувани колеги, веднаш да ве расонам, немојте да мислите дека е ова некоја приватна забава, далеку сме од забави, не е ни никаква шега, ова е чиста суштинска реалност. Ние денеска, можеби не денеска, утре или други ден ќе го донесеме, она што ќе го донесеме овој закон, така што приватните забави дефинитивново Македонија повеќе никогаш нема да бидат забави дури и оној збор “приватни” ќе мора да го редефинираме, затоа што приватни стануваат државни, институционални итн., затоа што и друг пат кога се зборува за забава, немојте ве молам да го употребувате зборот “приватни”. Затоа што, тоа полека се трансформира во државни. Ако толку години не убедувавте дека тоа е приватна иницијатива, дека тоа никогаш нема да дојде на дневен ред итн, дури и почитуваниот г-дин министер Владо Бучковски на една од овие седници истакна дека и понатаму имаме приватни забавувачи во лицето и во делото на директорот на Медицинскиот центар во Тетово, каде што кажа, па неговата најава за отворање медицински факултет во Тетово е само некаква приватна забава за некаков си директор што оваа Влада не го поддржува. Искрен да бидам, далеку од реалноста

како тргна оваа Влада, не само медицински факултет, бидете сигурни и незнам што уште не во Тетово ќе отвориме. Но, тоа е што е.

Сакам да ви скренам внимание на една работа. Почитувани колеги, вие сте денеска парламентарно мнозинство. Овие г-да овде од мојата десна страна се денеска Влада, благодарение на оние граѓани кои што им ги дадоа гласовите, а им ги дадоа масовно, ве поддржаа и ви дадоа доверба дека преку вас ќе се симне една тоталитарна власт, ќе се симне една ненародна власт, ќе се расчисти со корупцијата и во Македонија дефинитивно власта ќе премине во рацете на народот или граѓаните. И, тоа навистина се случи. 15 септември е секако ден за историјата на Македонија, каде што дефинитивно, ама без никакви дилеми власта премина во рацете на граѓаните. И, ние сега, односно вие како една власт која се држи до ветувањата, која се држи до она што го зборувала на тие граѓани кои гласале за нив, нормално дека мора да ги реализираат овие проекти што сте ги ветиле. Па, затоа, почитувани колеги, само да ве потсетам дека овде, барем во оној дел каде што е парламентарното мнозинство, особено СДСМ и пратениците на СДСМ дека вие почитувани колеги излеговте во вашата кампања и јавно кажавте дека ќе направите коалиција со ДУИ, значи со тогашната ОНА и меѓу приоритетите на оваа власт ќе биде легализацијата на Тетовскиот универзитет. Тоа, навистина, народот го слушна, ви поверува и ви ги даде сите гласови само поради тие две приоритетни прашања. Меѓутоа, морам да се извинам, не беа само тие две приоритетни прашања, не се задоволувавте со тие две работи, отидовте и подалеку, па со Закон за државјанство и со што се не и до каде не, значи дефинитивно во една година од работата на оваа Влада, ние исклучиво што работиме односно вие работите како да ги задоволиме правата на албанците. И, да бидам искрен, кога слушнав дека овој закон доаѓа на дневен ред, најмалку што очекував, очекував дека ќе има дилеми меѓу албанските пратеници. Меѓутоа, како ги слушав, сигурно дека се незадоволни повеќе, отколку ние. Еве, сега, колегата Вејсели изнакажа 300 критики. Меѓутоа, изнакажа една многу добра реченица, која не е далеку од вистината. Тој кажа, со овој закон дефинитивно нема да ги задоволиме правата на албанците, или пак ќе ги решел само делумно.

Господине министре, ја преживеавте интерпелацијата, значи, можам да ви поставам прашање онака јавно, дали има крај некогаш на барањето на албанците кога е во прашање високото образование. Вие и на Комисијата законодавно-правна, каде што јас учествував, јавно кажавте, па образованието е тема, кажувавте со раце, гестикуларно, ваква е, онаква е, голема, секогаш има простор да се размислува,

никогаш ништо не е дефинирано. Значи, ни со овој закон, вашите права, поточно правата на албанците не завршуваат.

Јас овде морам да Ви упатам јавно прашање, кога овие права еднаш ќе завршат, аман заман, еднаш да завршиме со тие работи и да тргнеме во нешто друго. Меѓутоа, некој тука постави дилема зошто нема медицински факутет. Па, нема потреба за медицински факултет, зошто Ви е медицински факултет.Имате два правни факултети. Фала богу од медицината далеку, далеку, еве вие доктор, па во образование, зошто ви е медицината, за кои луѓе. Но, ви требаат правници. Два факултети, два универзитети во еден град. Тука треба да се продуцирате, за да сфатите дека преку правниот факултет се оди овде во Собрание, а не преку пушки. Тоа го сватија, добро ме радува што го сватија колегите од ДУИ. Но, навистина, од каде да се почне, како да се почне, секогаш се враќаме на едно исто. Почитуваниот господин Аднан Јашари се дрзна и ни прочита одредби од Уставот, оној Устав кој што истиот тој г-дин праваше што правеше, за да дојде до измена на тој Устав и сега ни го прочита, знаете, се е дозволено што не е забрането. Навистина, се е дозволено што не е забрането, ама не е баш така. Има многу работи што не се забранети, ама не се ни дозволени. Меѓутоа, ако веќе зборуваме за Устав, почитуван колега, да ви го прочитам членот 48.Или, можеби сакате амандманот 8, за кој што се водеше војна, за кој што се имплементираше Рамковниот договор. И, сега ако ми дозволите и едниот и другиот. Членот 48, да не ги читам првите три става, ќе Ви го читам последниот: “Припадниците на националностите имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование на начин утврден со закон. Во училиштето во кое што образованието се одвива на јазикот на националноста, се изучува и македонскиот јазик”. Тоа е членот 48, кој што е заменет со амандманот 8. Дозволете и амандманот 8 да ви го прочитам став 3: “Припадниците на заедниците имаат право да основаат културни, уметнички, образовни институции како и научни и други здруженија, заради, изразување негување и развивање на својот идентитет. Став 4:”Припадниците на заедниците имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование на начин утврден со закон во училиштата во кои образованието се одвива на друг јазик, се изучува и македонскиот јазик”. И, немојте да се повикувате на Уставот дека тој ви дава основа да формирате државен универзитет. основа да формирате државен универзитет во Тетово каде што барате ви дава исклучиво само СДСМ. Инаку, без нив никогаш нема да го постигнете. Тоа е многу јасно. Требаше да чекаме да се врати почитуваниот премиер г-динот Бранко

Црвенковски, и на широко и на долго да Ви го овозможи уставното право кое што нвистина го немате.

И кога се повикувате на Рамковниот договор, Рамковниот договор не е Устав на оваа држава. Рамковниот договор е договор врз основа на кој што се прави тоа што се прави. Како прво е имплементацијата нели во амандманите на Уставот. И одма да го демантирам и Вејсели а веројатно и вас бидејќи знам дека ќе одите во тој правец, Рамковниот договор со оваа точка на дневен ред, ама блага врска нема.

Ако се зборува за правата на албанците на образование на свој мајчин јазик, онака како што кажа Уставот, па и во високото образование, ја негледам каде Ви се тие права ускратени.

Да ве прашам почитувани колеги од ДУИ, зошто се формира Штуловиот универзиет. Зар мислите дека таму дојде Европската унија да обработува некоја бавча или нива, не, дојде да ви направи универзитет и одреди што треба дса учите во кој правец да се образувате за да ви го удоволи тоа право кое го баравте. И тоа е единствената основа врз основа која што може и мора да кажеме дека она што се зборува и она што се кажува во вашите права, да учите да се школувате на мајчин јазик таму ви се апсолвирани. И не ја гледам пречката зошто сега одеднаш да се бара некој втор универзитет. Згора на тоа каде ќе појдат тие пари што нели Европската унија ви ги дава за тој Штулов универзитет, и зошто на крајот на краиштата ги дава?

Друго, свесни ли сте дека тој универзитет што го викате приватен е со определен рок на траење како приватен. Нели 4-5 години, па она што овде некој сака да го спомне како се договориле лидерите да се формира тетовски универзитет, како што кажа Вејсели, па тоа било обврска од оној кој што се договорил не е точно. Договорот беше во правец да по оној период кој што ќе уследи каде што Европската Унија ќе го финансира Штуловиот универзитет, после истекот на тоа време тој Универзитет да дојде да биде финансиран поточно да се одредат средства и од Буџетот на државата, поточно државни средства. И тука целото прашање се затвара.

А, да се оснива тетовскиот универзитет, тоа е јасно дека е чиста, чиста политика. Или, да ви кажам и најотворено. немаше потреба апсолутно ВРМО-ДПМНЕ да поднесува интерпелација на г-динот Азис Положани. Па,замислите една ваква точка да не дојдеше во неговиот мандат на дневен ред, немаше тој воопшто да седи, сам ќе си поднесеше оставка. Или ќе не молеше ние да поднесеме интерпелација ама другите да ја гласаат. Затоа што негов приоритет негова прва и

основа задача е токму ова. Па јас добро го памтам г-динот Положани. Па ја незнам некоја седница да не поминеше а да не спомнеше за тој тетовски универзитет. Сто амандмани на секој буџет ги поднесуваше за непостоечки универзитет. И нормално дека човекот затоа е примен во Владата, зар Бранко Црвенковски не знаеше кој е Азис Положани. Зар Бранко Црвенковски ќе му простеше на г-динот Положани што ја поддржа Владата на ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Може, може имиња да не спомнуваме.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, ако сакате да го толкувате Деловникот не спомнувањето на имињата се однесува за луѓе кои што не се пратеници или не се членови на Влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не, кажете премиер на Влада и така.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

А, тоа што тој не е присутен, тоа е негово, тоа не е никакво оправдување, кој му брани да седне овде. И плус тоа е премиер на Влада. Јас не можам да го кажам премиер на Влада без име и презиме. Па, сите го знаат. Ајде и така да го кажам.

Меѓутоа, ако веќе сакате деловнички да се расправате, сите пратеници, независно дали се присутни овде, имам право да ги спомнам затоа што се тука, 120 на број. Зошто не е, причината не е моја да кажувам.

И, ќе ве молам претседателе, навистина вака, ова што упаѓате, не деконцентрира. Ако ви е целта да седиме и да молчиме, ќе молчиме. Мислам дека треба да се кажат некои работи.

Каде застанав, сега?!

Значи, токму тоа го кажав, сигурно дека Бранко Црвенковски како премиер почитуван претседателе, не би го прифатил Азиз Положани за министер ни во првата Влада, сигурно би го реконструирал да не беше притисокот од ДУИ, затоа што му ги знае сите гревови што ги направил онаму рекоа - тој се тепаше и бореше да го урне парламентарното мнозинство, но за жал тогаш Азиз Положани беше мудар, па гласаше за постоечката Влада. Така ли беше?

Така.

Е сега, како тоа треба да се искупи г-динот Азиз Положани, јас него го разбирам, нема што да му се лутам, тој си ја застапува својата кауза. Се бори, има поддршка итн. Затоа ДУИ толку слепо се бори и се тепа да опстане овој човек. Но,

не ви се сигурни толку фотељите, затоа што дефинитивно со овој закон ќе има простор и да ве реконструираме. Ја исполнивте задачата. Но, кае ќе оди макдонскиот народ тоа е сосема друго прашање.

На еден од г-дата овде од ДУИ би сакал да му одговорам или само да го опоменам, заборавив како се викаше мислам Бејта, се извинувам акому го згрешив името, мислам дека е Бејта, во многу наврати го користи терминот "Припадниците на заедницата македонци". Па, г-дине Бејта, лпрочитајте го Уставот како што знаете да ни го толкувате. Нема заедница на македонци. Има Мкедонски народ. И, заедница на останати. Прочтајте ја преамбулата. И, не може Македонија да биде држава на заедница Македонци, со 65% доминантен Македонски народ. Ова, само како опомена за да знаете, ако веќе кажувате кои се заедници, набројте ги. Меѓу другото прво вие ставете се, бидејќи сте најбројни, па останатите други. Да не го кршиме Уставот.

Мене ми е жал што некој од тогашните министри на СДСМ во стилот на убави досетки, па добри колумни, па советници на Претседател на држава, па професори кои не убедуваа што е добро итн., жал ми е што немам можност да го спомнам по име, затоа што претседателот ќе ме опомене, што мора да го демантирам друг пат да не зборува она што не е сигурен, а несигурен е кога вели дека приватните забави вечно ќе останат забави или најмногу коктел, по странски изразено, затоа што денеска, господо реалност ни е. Слушајте ги пратнеиците од Албанската заедница, почитуваниот г-дин Вејсели, тој кажа, а тоа не е далеку од вистината, проблемот со тетовскиот универзитет не завршува во Тетово. Значи, географски, на 100 метри оддалеченост имаме Штулов, имаме тетовски, после 200 метри, најверојатно ќе имаме гостиварски, па кичевски, и поправете ме, ајде струшки, според министерот треба и струшки, се со цел да ги задоволиме правата на Абанците. Никој тука не го отвори прашањето - чекајте бре луѓе од каде пари за сето ова? Г-динот министер дури не се дрзна во Законот ама барем две реченици да напише од каде се парите за финансирање на овој буџет. Ќе ги обезбеди ли државата од овој Буџет? Од идниот ли буџет? Ако го читаме, сме дискутирале за Буџетот од 2003 година, јас никаде не гледам ставка за тетовскиот универзитет, нешто повеќе од она што сега е предвидено. Па, ниту во проекцијата за Буџетот на 2004 година исто така не гледам некои додатни средства за оваа точка. И навистина, се поставува логично прашањето од каде бе г-да пари за овој Универзитет?

Секако, се знае од каде, ќе ги скратиме од овие досегашните. Ние македонците и онака имаме многу студенти, не знаеме што да правиме со нив, ама

на албанците им бил мал процентот на високо образование, затоа што ако им беше голем, којзнае, сигурно сега немаше да има кадровски промашувања, какви што имаше со факултетските дипломи, можеби ќе имавме и други директори, министри и т.н. Според тоа, тоа е клучното прашање.

Почитуван министре, една година откако сте минситер се изнаслушав како ве повикува ректорот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", оној другиот во Битола, каде ве повикуваат и се жалат дека им ги скратувате средствата, дека немаат средства за ова и она, дури се доведува во прашање нивниот опстанок, поточно опстаок на одредени факултети. Вие давате изјави дека Буџетот е толкав, што да правиме, не можеме повеќе да зафаќаме, ние ќе правиме ова , ќе правиме она, на крајот ние ќе формираме Тетовски универзитет, што тотално е контрадикторно. Сега ваму немаме пари да ги докомплетираме сите тие работи што се неминовни, барем основните, а од друга страна имаме пари за да го финансираме Тетовскиот универзитет со овие 5 факултети што ги кажувате во членот 1.

Од друга страна апсолутно нелогично Штуловиот универзитет има правен факултет. Тетовскиот универзитет исто така се предвидува да има правен факултет. Да ве прашам почитуван минситре, ќе увезете ли професори по право, или можеби ќе го земете г-динот Владо Бучковски бидејќи тој е професор, незнам дали Римско право ќе учите. Но ќе ги најдете ли сите професори, како ќе бидат, едни на Штулвоиот универзитет други на Тетовскиот? Или и едните и другите таму ќе одат. Јас немам намера таму да доаѓам апсолутно, ниту сакам да доаѓам, јас имам каде да учам. Всушност, јас сум завршил.

Економски факултет има и ваму и таму. Пак ќе ве прашам, ќе ги увеземе професорите од Косово, од Тирана, од каде? Или пак ќе се шетаат од Штуловиот на овој другито универзитет, ама незнам дали г-динот Замир Дика ќе дојде од Штуловиот универзитет да предава на Тетовскито, затоа што тој беше ректор на Тетовскиот па сега е на Штуловиот универзитет. Незнам, разговарајте со него , убедувајте се .

Центар за политички науки, студии и незнам што, па и тоа го имате ваму, само можеби поинаку е крстен, и т.н. , и т.н., се живо дуплирате и навистина концептот е тотално промашен. Можеби зборува дека само во овој дел со помош на позајмица од професори имате можност да остварите каква, таква, но некаква настава. Времето ќе покаже, што велат да бидеме здрави и живи па ќе видиме.

Од друга страна се наметна една друга теза.

Почитуваниот г-дин Вејсели, кој не е тука, многу се двоуми, што е овој закон. Дали станува збор за основање, дали станува збор за легализирање, дали станува збор за нешто ново или станува збор за нешто старо. Ако го прочитаме самиот наслов тој вели Предлог на закон за основање на државен универзитет и сите ние правници што разбираме барем малку од право јасно ни укажува дека основање станува збор од денеска што ќе основате за утре, не се враќа ништо назат. Меѓутоа, тоа е така според насловот, но според суштината се знае што е. Можеби требаше да стои наместо Тетово, Малоречански, тоа е поадекватен израз за да знаеме каде се наоѓа, а не да создаваме забуна или можеби намерно го одбравте Тетово, нешто измеѓу, меѓу овие два.

А кога веќе станува збор за основање, меѓутоа, бидете сигурни ако ви е целта да основате нов, а без да легализирате стар , не одите далеку со вашата визија затоа што многу брзо ќе го трансформирате. Од друга страна легализацијата која во суштина значи овој закон, ќе значи она што денеска ни се случува. Интерпелација, протести, во секој случај има место за критика, има место за дискусија и тоа никој не може да го спречи.

Јас би сакал овде некои почитувани господа да ги потсетам на една работа или да направам една компарација. Република Македонија вкупно, значи на цела нејзина територија има два универзитети. Тоа е Универзитетот во Скопје, тоа е Универзитетот во Битола и третиот Штуловиот. Тоа е се на се три. Сега, некои стручњаци ќе кажат, па на толкава површина и три се многу. Имајќи во предвид колкав висок кадар во оваа држава ни е невработен, колку студенти продуцираме, колку од нив дипломираат и каде ќе ги вработуваме.

Вие во вашето образложение на законот имате многу интересна реченица вели: Ќе го основаме Тетовскиот универзитет меѓу другото, пред се, за создавање на услови за вработување на високо квалитетниот кадар, високо стручниот кадар. Каде е тоа г-дине. Во Европска Унија? А знаете кога ќе влеземе, не сигурно за една година и навистина се чудам каде. Па, ние толку висок, образовен , стручен, како сакате да го наречете кадар имаме во Република Македонија , јас на Комисијата кажав, сега со тетовскиот на лопата да ги ринете и правници и економисти и во најголем дел од нив работат општи работници, доколку најдат работа.

Дали сте вие свесни дека сте во една Влада која, оваа година, наместо политика за вработување, има политика за отпуштање и тоа не бирате. Имате во најголем дел високо стручни кадри земете го Електростопанството, земете го здравството, земете ги сите оние јавни институции. Знаете ли колку висок кадар

отпуштате од работа? Или можеби оваа реченица ви значи она другото кое ние многу пати овде го дискутираме, ама вие се правите - не слушаме доволно, можеби значи - ќе отпуштаме македонци, но ќе вработуваме албанци на кои најверојатно ќе ги легализираме оние дипломи кои до вчера не ги признававме или немавме право да ги признаеме. Можеби е таа вистината, но затоа бидете свесни дека ќе имате реакции, ќе бидете свесни дека така лесно македонскиот народ нема да молчи ќе си го каже своето незадоволство.

Значи, не станува збор некому да му се ускрати некое право, туку станува збор дали има потреба или нема. Според многу кои ќе ги слушнете, според многу кои ќе ги прашате, некој овде велеше , ако мене ме прашата дали е потребен тетовски универзитет во Македонија, одговорот е да. Или ако мене ме прашате дали јас лично сум задоволен со таков универзитет, пак е одговорот да, имаше такви кои велеа. Меѓутоа, објективно навистина е, незнам како да го наречам, во еден простор од 30 км. да имате три универзитети, а сето друго да е фрлено на страна, апсолутно не држи никакво оправдување. Некој овде кажува , албанците намаат право, Вејсели наведе некој пример како некој си албански граѓанин не можел да се запише, му биле затворани вратите и бил приморан да оди во странска држава и таму не само да дипломира, туку и да магистрира. Ама г-динот Вејсели заборава да каже колку македонци има што студираат во Бугарија, во странство и на нив ли им биле заклучени вратите? Заборавате да кажете или да каже тој или било кој од пратениците дека вие имавте право преку квоти кои и сега ги имате, значи при вашите два универзитети имате квоти, право на малцинството да студира и на другите два универзитети и пак ви е сето тоа делумно решено прашање. Конечно никогаш.

Зошто, г-динот Кедев го спомна тоа , како Влада каде што припаѓате, барем од еден регионален пристап не му дадовте приоритет на Штипскиот универзитет. Дали сте свесни дека во тој Источен крај прво, каква е економската структура на тие луѓе. Дали тие имаат повеќе средства од албанците, па да идат во Скопје или во Битола да студираат, а на албанците да им се удоволи ќефот од 50 метри подалеку да не се одалечат, за да имаат каде да студираат. Нели беше приоритет, нека не е Штип, нека е друг град во Источна Македонија, меѓутоа приоритет да се каже одиме по некаков регионален пристап, дека на тој крај од Република Македонија има повеќе потреба отколку овде да ги ставаме во еден град два универзитети. Или можеби да ја задоволите и вашата суета и суетата на вашата политичка партија, па и на она сега што се декларира како опозиција, а која своевремено беше исто ваша

партија за да не испаднете подолу од ДПА која ве предухитри и го реши тој проблем како што го реши, па сега вие да не испаднете помали патриоти или помали албанци од нив, па еве ние за возврат ќе го направиме тетовскиот универзитет, тоа што го ветувавме 10 години, тоа што го направивме како иницијатива. Тука некој повика, ние направивме иницијатива врз основа на три града кои ја донесоа иницијативата и т.н., како да зборуваше за СФРЈ и ги прави споредбите со тетовскиот односно со Битолскиот и Скопскиот. Тогаш беше друга држава, имаше други закони. Сега имаме Устав од 1991 година, имаме Закон за високо образование се знае како се основа универзитет, не може со иницијативи на кој како ќе му текне.

Еве еден друг пример ќе ви посочам. Незнам вие г-дине министер колку знаете, но мислам дека овде има многу пратеници што сигурно знаат особено пратениците од Битола, своевремено во Битола постоеше правен факултет, се основа тој правен факултет, изучи една генерација за да потоа се затвори со образложение дека два правни факултети во Република Македонија покрај Скопскиот и Битолскиот продуцираат многу кадри. Тоа беше едното образложение.

Второто беше дека немаме квалитетна настава, дека во тој реон или регион немало такви професори кои можат да вршат квалитетна настава, па мораше да одат од Скопје и да предаваат. Заради тие причини тој факултет беше затворен и до ден денес не е отворен. Од друга страна и покрај тоа што тој универзитет сигурно бара и има желба повторно го отвори тој факултет, од друга страна во Тетово , во тој реон имаме два правни факултети, два универзитети, значи тука имаме маса на професори, кадри да ги образоваат студентите.

Значи, која е вистината? Вистината е почитувани колеги дека станува збор за исклучиво политичка волја за исклучиво политички договор помеѓу ДУИ и СДСМ. Кои се причините на тој договор си знаат сами. Меѓутоа, дека станува збор за таков политички договор, нема дилеми. Вие тоа министре го кажавте и на Комисијата дека тоа е така. Значи , политичка волја постои. Потпретседателката на Владата госпоѓица Радмила Шекеринска тоа го кажа и јавно на средствата за информирање, на медиуми, на ТВ Сител на оној дуел каде беше со нашата потпретседателка каде јавно кажа дека е тоа политички договор. Значи, нема друг резон и не се трудете да објасните со она мислење од акредитацијата, од незнам што, не се трудете да објасните аргументи кои не постојат, едноставно признајте дека е политички договор, ние сме свесни што правиме, но сме свесни и за сите последици кои ќе ги сносиме.

Уште една работа сакам да кажам, да не заборавиме дека оваа иницијатива не е од вчера, значи од 1994 година, уште малку ќе направиме јубилејни 10 години, тоа веројатно до година ќе го славиме како јубилеј во државните празници, така е г-дине Вејсели, значи ќе го направиме во програмата да влезе и тетовскиот универзитет со негова десетгодишнина од постоењето, тоа е тој јубилеј што ќе го направиме. Меѓутоа, една работа е многу интересна, која треба да се потенцира. Кога е во прашање ВМРО-ДПМНЕ, можам да зборувам за ВМРО-ДПМНЕ и во 1994 година, но и денеска во 2003 година нејзиниот став не се разликува. Ние сме апсолутно против основање на еден ваков универзитет. Не заради правата на албанците, туку чисто заради политиката која сака да се наметне во образованието за која ви поднесовме интерпелација.

Меѓутоа, анализирајте го СДСМ. СДСМ како политичка партија 1994 година имаше толку тврд став, не само што беше против, не само што тоа го правеше и го искажуваше како нешто најлошо за македонската држава што може да се случи, па ги убедуваше тогашните основачи во кои најверојатно спаѓате и вие, да се повлечете од таа иницијатива. Кога тоа не успеа СДСМ преку институциите на власта, само да ве потсетам, употреби сила. Сите се сеќаваме на таа сила, на тие дејствија таму каде имаше и жртви, имаше повредени , каде со сила сакаше да се затвори парауниверзитетот. Сега, СДСМ не би била СДСМ ако не ротира во ставовите. Преку ноќ ставот на СДСМ ротира, ги зафркна или незнам што, излезе некоја, според нив, случајност, па 1998 година дојде ВМРО на власт и не ја реализира нивната ротација, па мораа да почекаат до 2003 година за да денеска гледајте го сега ставот на СДСМ. За да излезе Бранко Црвенковски, за да излезе и некој друг од политичката гарнитура од СДСМ и да каже тоа е апсолутно потребно, ние никогаш не сме билепротив правата на албанците да учат на свој јазик, ние кикогаш не сме биле против да имаат свој универзитет и т.н. и т.н. Значи каква ротација , тоа човек не може да свати.

Да ве потсетам, почитувана господо, кога се бираше Владата на почитуваниот премиер му поставив едно прашање, му реков, почитуван премиер ако вие успеете, ако вие како премиер со вашиот авторитет наметнете и успеете политичката партија ДУИ која е олицетворение на ОНА да ја превоспитате во таа насока денеска да ни глуми една најдемократска партија дури со најјаките европски визии, како што сака да каже колешката Арифи, јас тогаш му реков , ќе бидам прв кој ќе ви честитам и ќе ви кажам алал да ви е. Меѓутоа, да не се случи обратното, а се случи обратното, наместо Црвенквоски нив да ги превоспита испадна тие него го преваспитаа и цела

година, махерски , стално му подметнуваат државјанство не 15 години, туку 8, утре ќе дојде 5, па 3, па нема да ни треба, зошто ни е. Па пота , ајде потсетете ме во полицијата , околу армијата ова ќе правиме, она ќе правиме, ќе бркаме наши работници, ќе вработуваме албанци, сега тетовски, после кичевски универзитет , оваа година тука некаде, па територијална поделба, па не 50, па не 60, можеби на 30 и незнам колку општини онака како што ќе каже ДУИ или г-динот Али Ахмети, јас незнам кој од таму успева да го убеди, но претпоставувам дека е Али Ахмети. Година или 6 месеци Бранко Црвенковски се криеше пред јавноста да каже ама јас не преговарав и разговарам со Али Ахмети дури така го искажуваше, јас со терористи не разговарам (опомена од претседателот да биде тишина во салата) ниту во власт ќе ги имам. Година дена на г-динот Црвенковски му требаше да свати дека Хисни Шаќири за година дена го сменил ставот. Денеска е Хисни Шаќири потпретседател на Собранието, од друга страна е човекот што најсериозно се кандидира за во Европарламентот, со своите демократски , европски сваќања и т.н. Ако не ја предадовте пушката додека е 15-ти септември, можете да ја носите таму ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам вратете се на темата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

На темата сум претседателе, апсолутно не бегам од темата. Ако ова не е тема, јас незнам што е тема.

Значи, за ова господо од ДУИ како опозиција ќе ви честитаме, алал да ви е , ама нека му ја мисли господинот премиер што се направи, што се ве послуша и дајте кажете што не ве послуша барем и ние да бидеме свесни да знаеме што не чека до година. Некој ќе каже таму од ДУИ ВМРО-ДПМНЕ никогаш нема да се свести, тие мислат како во 19-ти Век, назад е за нив 20-ти и 21-ви, ама за Бранко и за СДСМ дојде 22-ри Век, затоа што сте вие веројатно во 23-ти, па ќе имате предност да ги вклучите. Овде некои пратеници од СДСМ ги издвојувам, не мислам за сите, но во голем дел Мирка Велиновска кажа една своја реченица, јас не сакам да ја повторам.

Почитувани колеги, да не ни личи ова на виц , на шега и на приватна забава, штипнете се малку, ова е реалност. Реалност, тетовски универзитет ќе постои. Што ќе биде со Република Македонија, ќе видиме. Колку ви е желбата да живеете заедно со нас и тоа го гледаме, но да даде Господ така да биде.

Јас неможам, а да не упатам апел до сите пратеници, Есад Рахиќ рече оние кои што се мажи, и тоа за жал мажите одамна не се мажи, па имаме една колешка која навистина треба да им позавидуваат многу, ако ништо друго барем неа ќе ја повикам да навистина сериозно да размислиме што денеска гласаме. Кои се последици од ова можеме да ги имаме. Дали ова остварување правото на албанците да се школуваат на својот мајчин јазик. Го брани ли некој тоа и досега. Значи, навистина сериозно да размислиме. Друго ова ли е крајот на барањата на албанците само за овој проблем, за високо образование, за школување и така натаму.Ако не е, дајте да го видиме списокот на желби, колав е.

Према тоа, дајте да се освестиме еднаш, некој ќе каже свестете се македонски народе, или свестете се граѓани на Македонија. Не е ова ништо случајно. Дајте ние сме тие што гласаме сега, ама ние сме тие и што не гласаме. И ние сме тие што вакви иницијативи можеме да ги спречиме, а не анблок да кренеме рака како до сега. Или бар малку од малку да ги почуствуваме оние граѓани кои што нешто различно мислат од она што,оние овде кога ќе не изберат па забораваме воопшто што сме мислеле. Затоа, јас знам дека мојот апел до многумина нема да допре, меѓутоа, уште еднаш ќе ве повикам. Оставете го Азис Положани, тој ја преживеа интерпелацијата, мислите на вашата судбина и гласајте за вас, односно за македонскиот народ пред се и за македонските граѓани кои што заедно живеат со него. Потребно ни ли е ова или не. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Господине Невзат, имате реплика. Три минути ве молам.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ве поздравувам сите. Јас мислев дека пратениците кога ќе дојдат во Парламентот, доаѓаат за да донесат нови закони кои што ќе бидат во интерес на сите граѓани а не како претходниот говорник. Тој ниту самиот знае што зборуваше, се што ќе му падне на памет тоа го зборува, измеша и ОНА и така натаму, зе занимава со ДУИ. Ние формиравме заедничка коалиција, да донесеме добри закони во полза на сите граѓани.

Господине Караџоски, овдека пред вас го имате Деловникот на Парламентот, честопати велите Деловникот на македонскиот народ. Ова е деловник на Парламентот на Република Македонија и тука ќе учествуваат и пратеници кои што ги

бранат интересите на граѓаните од други заедници. Во Уставот не пишува Устав на македонците, туку Устав на Република Македонија. Овие работи треба да ги кристализирате во својот памет, во својата глава бидејќи не пишува дека е Устав на македонскиот народ, туку Устав на Република Македонија. Република Македонија е заедничка држава на сите тие кои што живеат во неа.

Што се однесува до високото образование за кое што зборуваше многу, македонците не биле дискриминирани што се однесува до високото образование. Дискриминирани биле албанците. И ние денеска правиме, создаваме нов државен универзитет и албанците да се школуваат на свој мајчин јазик без да им одземат права на припадниците на другите заедници. Во врска со ова имаме поддршка од Советот на Европа, поддршка од Светската банка, поддршка на релевантните меѓународни фактори. Јас незнам зошто вас ова се не ви е јасно. Ние бараме нашата заедничка држава да оди напред. А не со национални концепти, со балкански национални концепти уште од почетокот на 19 век.

Ви благодарам многу.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Една минута господинот Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, господине Бејта, јас незнам дали е грешка во преводот или така кажавте, јас слушнав дека вие формиравте команда, а не политичка партија, така ми е преведено, меѓутоа очигледно дека зборот команда ви е повака интересе и привлечен отколку ова другото, а што се однесува до тоа дали македонски народ или заедница или така натаму, овдека што ми државте деловник на македонски народ нема, устав на македонски народ нема има на Република Македонија. Меѓутоа, јас сум доволно писмен да знам да прочитам македонски ако вие не знаете преведете го на албански, прочитајте го амандманот 4 кај што вели: Граѓаните на Република Македонија, македонскиот народ како и граѓаните кои живеат во нејзини граници и тн. и тн. Видете каде се спомнува македонски народ, не мене да ме учите, учете се вие.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Хусеинџеват Хусеини, дали имате реплика. Три минути повелете.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

На господинот Караџоски ние му заблагодаруваме што ги откри вистинските причини за интерпелацијата на министерот. Министерот немал ништо лошо во

неговата работа, но големото лошо, било значи придонесот кој што го дал за овој закон. И во текот на интерпелацијата најповеќе се зборуваше за оваа тема отколку за неговата интерпелација. И уште нешто. Штуловиот, зарем не беше политички договор. Што беше Штуловиот, ве молам. Со еден закон да задоволиш една третина од населението во Македонија и од 13.000 млади да направиш лојални граѓани кои што ќе го дадат својот придонес за иднината на Македонија или да бидат потенцијална опасност за Македонија. Што сакате вие господине? Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господине Караџоски. Повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, јас оваа последна реченица незнам дали е закана што сакам јас, меѓутоа што сакам јас мене ми е многу јасно што сака тој. Очигледно и нему не му е јасно, или пак му е јасно а се прави дека не му е јасно.

Што е Штуловиот универзитет, треба ли јас да му објаснувам нему, меѓутоа разликата, Штуловиот универзитет се донесе со консензус. А почитуваниот господин нека ми наброи, бидејќи многу зборува за Европа и зборуваат сите тие, нека ми наброи макар еден град во светот, во Европа, каде има два универзитета.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Џевдет Насуфи, имате реплика?

Повелете имате 3 минути.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Фактички господинот Караџоски со мноту тези, со негови тези се согласувам, освен ....околу легализацијата и основањето на новиот универзитет, но сигурно ќе се согласи и тој со една забелешка дека сигурно, можеби точно не го прочитал делот од преамбулата. Формулацијата е Албанскиот народ или дел на Албанскиот народ и јавно тоа може да го прифатите овој факт. А, еден друг дел од дискусијата сигурно се однесува, со вашето внимание, што се однесува ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Немојте да го користете правото на реплика за реплика на реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Рече тој албанската заедница.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Го читаше Уставот.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Формулацијата од говорница се работи за преамбулата. Тоа се работи на господинот Аднан Јашари, инаку тоа беше одговор на неговата дискусија, но формулацијата во преамбулата. Формулацијата на преамбулата е дел на албанскиот народ меѓу другите етнички заедници. И втората забелешка што се однесува, мојата реакција се однесува на господин Караџоски, сигурно можеби ненамерно ги има кажано тоа, или пак не го разбрал добро интепретирањето на законот, ниту со буџет од 2003 година ниту со буџетот од 2004 година не се предвидени средства за Тетовкиот универзитет, затоа нема што да им се земе ниту на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" ниту на другите универзитети. Значи во однос на тоа не треба да се плаши ниту тој, ниту професорите, ниту другиот персонал, што зборува дека се е само политичка пропаганда, а тоа не се однесува господине претседател, вашата забелешка не е многу тактична, дали ја разбравте мојата декларација или не. Ова неколку пати го повторувате не е добро и во други случаи би било добро. Јас поинаку ќе навлезам. Ви благодарам многу. Не со сила се разбира, никако со сила.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута господинот Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Насуфи Уствот вели македонскиот народ и вели дел од албанскиот народ и да не читам понатаму, затоа што тоа се повторува. Ако за вас македонски народ и дел од некој друг народ е исто, за мене не е исто. дел од некој народ е по дефиниција малцинство, или заедница, или како сакате, крстете го според меѓународно право.

Што се однесува до финансирањето, она што го кажавте во Буџетот, јас кажав дека министерот не ни извади податоци дали се предвидени, не се предвидени и каде се предвидени. Зошто ги кријат тие податоци за да знаеме овде што со овде располагаме. Станува збор за државен или за некоја приватна забава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Талат Џафери, имате три минути.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине претседателе, листата на прашања или одговори во дискусијата на Караџоски е долга, меѓутоа, ќе се концентрирам на дел од нив. Ќе почнам од неговото прво пршање поставено до нас. Зошто се формирал Штуловиот универзитет во Тетово. Господине Караџоски вие го формиравте со вашата влада и тој дел од одговорот треба да го дадете вие. Нас лично не ни пречи фактот дека постои Штуловиот универзитет. Значи прашањето што го поставивте треба вие да си го земете. Прашавте од каде се средствата за ова што се прави со законот кој што денеска е на дневен ред. Тие средства господине Караџоски се одвојуваат од дел од албанскиот народ во Република Македонија, каде што 1/4 од населението се двојат. Ако ова не сте го знаеле последните податоци постојат во статистика. Се повикувате на визија или на некое регионално концентрирање на прашањето и прашајте зошто не сте во предност на регионот на Штип. Исто така ви велам може да се повикате на статистичките податоци и ако сте ја следеле емисијата "Чуму" синоќа, можевте да видите дека тој регион е празен и токму тој факт сакате да го кажете или сакате да направите дека за тоа се виновни албанците.

Се повикувате на силен став на СДСМ во периодот од 1994-1997 година. Се повикувате на овој став денеска кој што оваа актуелна власт го има за легализирање на универзитетот. Ние велиме за институционализирање на тетовскиот универзитет. Вие во ниеден момент не сте во состојба да разберете и да имате предвид дека во Република Македонија денес постои реалност која е нова и објективна и за која што е подобро што побрзо да ја разберете, бидејќи таа состојба и тоа разбирање ќе биде многу повеќе во прилог на сите нас.

Се поставува прашањето за имплементирање на дел од Охридскиот договор за вклучување на албанците во полиција и во војска. На таа обврска господине Караџоски е Република Македонија ако сака да оди таму каде што тежнее во Европска Унија и во НАТО не ќе може да го избегне.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ви поминаа трите минути.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Последната реченица морам да ја кажам. Го прашувате Замир Дика дали ќе предава во Тетовскиот универзитет. Замир Дика нема потреба да моли никого, тоа му е обврска пред албанците во Република Македонија, тој е доктор професор на научно-техничките науки.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас навистина ве молам во три минути да ги конципирате вашите реплики. Инаку вака ако ги пробиваме нема да можеме да завршиме. Јас сакам тука да бидам, некаде ми препишаа дека сум досадно принципиелен во некој весник. Затоа ќе бидам досадно принципиелен за три минути и за минута.

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Најмалку очекував господинот Џафери да  му биде адвокат на господинот Дика, а уште помалку очекував да биде адвокат на СДСМ. СДСМ има доволно адвокати и може сам да се брани.

Што се однесува до она што го зборувате во вашата реплика, немојте да ги вртите тезите. Јас кажав Штуловиот универзитет, кога поставив прашање зошто се формира кажав дека е тоа за пршањето да ги апсолвират правата на албанците за исполнување на високо образование.

Господине Џафери не постои албански народ во Република Македонија. Постои дел од албанскиот народ или заедница како сакате крстете ја.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зиди Џелили се јави процедурално.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почиуван претседателе, почитувани колеги, бидејќи навистина лошо се интерпретира преамбулата на Уствот на Република Македонија, барам од претседателот на Парламентот да ги прекине зборувањата или говорите во овој правец, бидејќи се знае јасно дека албанците се државотворен народ во Република Македонија. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа неможам да го прифатем, тоа не е процедурално.

Повелете господинте Хисни Шаќири, имате три минути.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Немав желба да реплицирам на дискусијата на господинот Караџоски, меѓутоа нешто ме трогна кога рече дека ние треба да се вратиме во 19 век.

Господине Караџоски во 19 век кон крајот на 19 век ВМРО како политичка организација се појавува на сцена. Биле со многу понапредни идеи, отколку тоа ти што го зборуваш на оваа говорница. Ќе беше добра среќа тие да,беа денеска а ти да беше кон крајот на 19 век. Значи ништо не би погрешиле. Меѓутоа овде погрешила природата, погрешил господ ти си на почетокот на 21-от век, а тие биле на крајот на 19-тиот век. Тоа како прво.

Како второ, господине Караџоски колку е човекот демокрт зборуваат многу други работи. Но ти ако беше демократ ова прашање ќе го сватеше многу сериозно, затоа што само сериозни луѓе ја разбираат демократијата и ќе имаше еден многу поправилен пристап што се однесува дао прашањето на универзитетот. Ова е интерес на сите граѓани на Република Македонија, меѓутоа, треба да се пружи рака на смелоста која ја имаше оваа коалиција да преземе еден конкретен чекор за да се всадат некои процеси кои што биле отворени порано и не ги затвори ниту минатата влада. Затоа мислам дека треба да ги разбереме овие прашања на многу правилен начин и да бидеме автокритични. Ако бевме автокритични, мислам дека ќе бевме многу внимателни кога ќе ја користиме говорницата за вакви прашања. Друг пат нема да грешиш и ќе внимаваш. Овој закон очекувам да го гласаме сите политички партии, затоа што овој закон е од интерес на сите граѓани. Тука е интересот на државата, тука е интересот на сите граѓани. Ова го велам денес и утре. И за ова имам многу да зборувам, меѓутоа кога ќе земам збор ќе имам многу силни аргументи и ќе ве убедам ако сакате да се убедите. Ако не, тоа е друго прашање. Да ги оставиме инаетите. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски имате една минута контра реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Шаќири, колку сум јас демократ зборуваат моите постапки. Колку си и ти демократ зборуваат исто така твоите постапки. Зарем и ти си демократ оној човек што зеде оружје, што излезе од Парламентот и што пукаше на македонските институции, предизвика војна, предизвика жртви и ти сега ми зборуваш мене кој е демократ. Јас или ти. Тоа е едната работа. ВМРО точно е господине Шаќири дека во 19 век имал понапредни идеи ама од вас. Вие во 21 век имате идеи како во 18. Јас изгледа сум згрешил што сум кажал 19. Како во 18 век бидејќи сеуште оружјето ви е во глава и сеуште мислите на тој начин и со таков приоритет да доаѓате до вашите желби.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Вејсели вие имате реплика? (Да).

Да ве известам дека има време за уште една реплика и контра реплика.

Повелете, три минути.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Сигурно немаше да се пријавам за реплика, но господинот Караџоски често пати го спомна моето име иако не бев во салата. Но, знаејќи што може да каже, јас ќе с еобидам да одговорам на тие негови изјави околу мене, или околу мојата дискусија што ја имав претходно.

Господине Караџоски, сакам да знам едно, прво, Охридскиот договор го потпиша и вашиот тогашен лидер на ВМРО-ДПМНЕ. А, вие, доколку тоа не го прифаќате, тоа треба да го образложите сега. Јас ви гарантирам дека Охридскиот договор, не само што го потпишавме и што ги потпишавте и во разговорите ниту еден лидер на политичка партија немаше ништо против легализацијата на Тетовскиот универзитет во Република Македонија, дури, заради јавноста и заради една правична информација, Охридскиот договор прв го потпиша по ред Борис Трајковски, втор Љубчо Георгиевски, трет Бранко Црвенковски, четврди Арбен Џафери, петти по ред, со задоцнување од два часа го потпиша ПДП односно тогашниот нејзин лидер Имер Имери.

Ќе продолжам, што се однесува до она дека навистина ви е досадно дали ќе го предложиме како 10 години одбележувањето на Тетовскиот универзитет, да ви биде јасно дека ова јас ќе го предложам на Комисијата за култура и сигурно, со задоволство треба да го прифатите и вие, бидејќи за цело време зборувате дека немате ништо против Албанците. Дајте, да видиме каде е еднаквоста и рамноправноста меѓу Македонците и Албанците и другите во Република Македонија. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

При крај, уште една минута има г. Караџоски Жарко, контра реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Вие, господине Вејсели сам кажавте дека не бевте внатре и очигледно дека не слушавте што зборувам. Меѓутоа, да ви кажам, можам уште еднаш да повторам, Охридскиот договор во ставот на ВМРО-ДПМНЕ по него е сосема јасен. Меѓутоа, Охридскиот договор блага врска нема со ова што вие го зборувате и блага врска нема со легализацијата на Тетовскиот универзитет.

Потписите, Љубчо Георгиевски и другите што ги набројавте не ги ставиле за легализација на Тетовскиот универзитет, туку за тоа што пишува во Охридскиот

договор. А таквата легализација не ја пишува во него, ниту пак станало збор. Збор станало за Штуловиот универзитет, и немојте да ги вртите тезите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

(Реакции во салата од страна на пратениците и барање за реплика на реплика).

Не може. Завршуваме со репликите.

Почнуваме утре во 11,00 часот со првите тројца дискутанти, пратеникот Замир Дика, пратеникот Агим Џелили и пратеникот Никола Груевски.

Благодарам.

(Седницата со работа заврши во 18,00 часот).